ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ЕСРП 2020
## Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика

# ПРВ ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2017



ЕСРП
МОНИТОРИНГ

Скопје, јуни 2018 година

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# ПРВ ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА

**ПРОГРАМАТА ЗА РЕФОРМИ ВО ВРАБОТУВАЊЕТО И СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА – ЕСРП 2020**

ЗА 2017 ГОДИНА

Скопје, јуни 2018 година

_Подготовка на „Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика 2020 (ЕСРП)“_

Република Македонија, како земја-кандидат за членство во Европската унија, во тесна соработка и координација со Европската комисија, од 2015 година го отпочна новиот стратешки механизам на социјално-економскиот дијалог по однос на приоритетите и реформите во областа на пазарот на труд, вработувањето, образованието и социјалната политика.
Во рамките на оваа заедничка иницијатива помеѓу Владата на Република Македонија и Европската комисија, започна и подготовката на значајниот стратешки документ, т.н. **Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2020 – ЕСРП *(Employment and Social Reform Programme 2020)***. Подготовката на овој документ, од страна на Европската комисија беше предвидена како еден инклузивен и партиципативен стратешки процес, кој ќе го следи и придружува процесот на Европска интеграција на земјите-кандидати и кој понатаму ќе претставува значаен механизам на взаемен дијалог преку утврдување и редовно следење на приоритетите во опфатените области. Документот е структуриран следејќи го моделот на Стратегијата на Европската унија „Европа 2020“.

Процесот на подготовка на ЕСРП Програмата во Република Македонија, започна на почетокот на 2015 година, а имајќи ја во предвид неопходноста од мултисекторски пристап и ефикасна координација и соработка помеѓу различните субјекти, во февруари 2015 год. се формираше и посебна Меѓуресорска работна група за подготовка на „Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика“, составена од претставници од сите релевантни институции кои учествуваат во креирањето, спроведувањето и следењето на политиките опфатени со Програмата. Работата на Меѓуресорската работна група и целокупниот процес на подготовка на Програмата ја координираше Министерството за труд и социјална политика.

Процесот на изготвување на ЕСРП Програмата беше отворен и партиципативен, проследен со интензивни консултации со поголем број на релевантни субјекти кои на различни начини и на различни нивоа, учествуваат во креирањето, спроведувањето и/или следењето на политиките од областите опфатени со Програмата. При подготовката на Програмата се обезбедија консултации со социјалните партнери, со претставници на граѓанското општество, со претставници на релевантните меѓународни организации и развојни партнери, со професори и експерти од областите, кои придонесоа значително да се зголеми квалитетот, релевантноста и репрезентативноста на самиот документ.
Секако, во текот на подготовката на Програмата, се остваруваа и континуирани консултации и соработка со претставниците на Европската комисија (DG EMPL) и на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија.
Со подготовката и усвојувањето на ЕСРП Програмата и Република Македонија се приклучи кон Република Србија и Црна Гора, кои како земји-кандидати за членство во Европската унија, во соработка со Европската комисија и во рамки на процесот на преговори за членство, исто така го имаат подготвено овој стратешки документ.

**„Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика 2020“ е усвоена од страна на Владата на Република Македонија во август 2017 година** (19-та седница на ВРМ, одржана на 3 август 2017 год.).

*Следење и известување за имплементацијата на ЕСРП Програмата и постигнатиот напредок*

Во самиот стратешки документ е утврдена и рамката, т.е. механизмот за следење на напредокот во имплементацијата на ЕСРП Програмата, кој се состои од претходно воспоставената **Секторска работна група за Секторот „Образование, вработување и социјална политика"**. Оваа работна група е формирана со одлука на Владата на Република Македонија во јули 2015 година, во рамките на секторскиот пристап за координација и имплементација на политиките, а согласно ИПА Регулативата за финансиската перспектива 2014-2020.

Во однос на критериумите за секторскиот пристап и неопходноста од постоење на релевантни и кредибилни секторски политики, во соработка со Европската Комисија и ДЕУ, се одлучи дека „Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика 2020" ќе ја претставува единствената кохерентна стратешка рамка за Секторот, бидејќи ги обединува политиките за вработување, образование и социјалните политики, има јасни приоритети и долгорочни цели за реформи во овие области.

Со усвојувањето на Програмата, Владата на Република Македонија ја утврди и обврската за континуирано следење на имплементацијата на ЕСРП Програмата и за редовно (годишно) известување за реализираните активности и постигнатиот напредок. Процесот на следење и известување го координира Министерството за труд и социјална политика.
Веднаш по официјалното усвојување, започнаа и подготовките за воспоставување на системот и процесот на следење на имплементацијата на ЕСРП Програмата.
За таа цел, согласно одлуката на Владата на РМ, во текот на август 2017 година, беше извршена и неопходната промена во Деловникот за работа на Работната група за Секторот „Образование, вработување и социјална политика", за соодветно да се опфатат и овие (нови) предвидени надлежности на Групата поврзани со следењето и оценката на напредокот и подготовка и разгледување на извештаите за имплементација на ЕСРП 2020 Програмата.

Во рамките на самиот стратешки документ утврдени и дефинирани се и **двете основни алатки** кои ќе се користат за следење на реализацијата на планираните мерки и активности и оценка на напредокот и резултатите од спроведувањето на Програмата. Тоа се :

- **Матрицата на индикатори и таргети** – која се користи како главна рамка за следење и известување за напредокот во имплементацијата на Програмата и остварувањето на поставените цели и таргети;
- **Матрицата на цели и мерки** - која содржи детален опис на предвидените реформи, цели и мерки во рамки на трите приоритетни области опфатени со ЕСРП Програмата. Во оваа матрица подетално е прикажан опфатот на сите планирани мерки, видот на конкретни активности кои се планира да се спроведуваат, институциите и другите субјекти одговорни и/или вклучени во имплементацијата на мерките, планираните рокови за нивно спроведување, планираните буџетски средства и извори на финансирање.

Како резултат на овој процес и воспоставените механизми, подготвен е овој **Прв годишен Извештај за имплементацијата на „Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика – ЕСРП 2020“ за 2017 година.**

Извештајот е подготвен врз основа на информациите и придонесите добиени од различни институции и субјекти, кои учествуваат во работата на Секторската работна група и кои се надлежни или учествуваат во реализацијата на различните планирани мерки и активности, согласно ЕСРП Програмата.

Иако ЕСРП Програмата е усвоена кон средината на 2017 година, период во кој Република Македонија се соочуваше со сериозна политичка криза и во кој главните приоритети беа насочени, пред сè кон постепено надминување на последиците од оваа криза, сепак како што може да се забележи и заклучи од овој Извештај за 2017 година, и во овој период и во овие услови, постигнат е значаен напредок во однос на отпочнување на планираните реформи и реализација на голем број на мерки и активности во рамки на областите кои се опфатени со „Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика 2020“:

1. Пазар на труд и вработување
2. Човечки капитал и вештини и
3. Социјална инклузија и социјална заштита

Во продолжение на овој Извештај презентирани се

- *ЕСРП Матрицата со индикатори и таргети*, со ажурирани нови вредности на индикаторите
- *ЕСРП Матрицата на цели и мерки*, во рамките на која, за секоја планирана мерка, се наведени релевантни информации и податоци за реализираните активности и постигнатите резултати.

Овој **Прв годишен Извештај за имплементацијата на „Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика - ЕСРП 2020“ за 2017 година е разгледан и усвоен од страна на Владата на Република Македонија во јули 2018 година** (81-ва седница на ВРМ, одржана на 24 јули 2018 год.).

## ЕСРП Табела на индикатори и таргети

| Индикатор | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | ... | Таргет 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Почетна вредност *(baseline)* | | Извештај 2017 | | | | |
| **ПАЗАР НА ТРУД И ВРАБОТУВАЊЕ** | | | | | | | |
| Подобрување на економскиот развој и креирање на работни места | | | | | | | |
| **Број на активни претпријатија во Република Македонија**[1] | 70,659 | 70,139 | 71,519 | 71,419 | | | 80,000 |
| **Деловна средина - Индекс и рангирање на Р. Македонија**[2] | | 3.9<br># 35 | 3.7<br># 49 | : | | | 4.3<br>во првите 20 |
| **Продуктивност - Индекс и рангирање на Р. Македонија**[3], | | 3.9<br># 65 | 3.9<br># 61 | : | | | 4.2<br># 50 |
| **Прилив на СДИ (странски директни инвестиции) во однос на БДП** (% од БДП) | 2.4 | 2.4 | 3.5 | 2.3 | | | 4.5 |
| Подобрување на состојбата со невработеноста... (млади, долгорочно невработ. и др.) | | | | | | | |
| **Стапка на вработеност (15+)** (%) | 41.2 | 42.1 | 43.1 | 44.1 | | | 46.9 |
| **Стапка на вработеност (15+) - МАЖИ** (%) | 50.1 | 50.5 | 52.3 | 53.6 | | | : |
| **Стапка на вработеност (15+) - ЖЕНИ** (%) | 32.4 | 33.7 | 33.8 | 34.6 | | | : |
| **Стапка на вработеност (20 - 64)** (%) | 51.3 | 51.9 | 53.3 | 54.8 | | | : |
| **Стапка на вработеност (20 - 64) - МАЖИ** (%) | 61.6 | 61.5 | 63.7 | 65.6 | | | : |
| **Стапка на вработеност (20 - 64) - ЖЕНИ** (%) | 40.8 | 42.1 | 42.5 | 43.7 | | | : |
| **Стапка на невработеност (15+)** (%) | 28.0 | 26.1 | 23.7 | 22.4 | | | 21.5 |
| **Стапка на вработеност на млади лица (15-29)** (%) | 27.1 | 28.3 | 28.6 | 30.2 | | | 30.7 |
| **Стапка на невработеност на млади лица (15-29)** (%) | 45.1 | 42.5 | 40.6 | 39.2 | | | 38.0 |
| **Стапка на долгорочна невработеност** (%) | 23.4 | 21.3 | 19.2 | 17.4 | | | 18.0 |
| **Вкупен број на лица вклучени во различните услуги на пазарот на труд и активни програми и мерки за вработување** | | | 37,500 | 141,870[4] | | | мин. 40,000<br>на годишно ниво |
| **Опфат на млади лица (15-29) со програми, мерки услуги за вработување, во рамки на годишните Оперативни планови** | | | | 51,350[5]<br>(36.2%) | | | мин. 30% |
| **Сите млади лица кои што првпат се пријавуваат во АВРМ се профилирани рано, т.е. во текот на првите 6 месеци од периодот на невработеност** | | | | ✓[6] | | | ✓ |
| **Процент на евидентирани вработувања на лица со инвалидност во отвореното стопанство, во однос на вработувањата во заштитни друштва** | | 60% | | 65% | | | одржување или подобрување на трендот |
| Справување со неформалната вработеност | | | | | | | |
| **Учество/удел на неформално вработени во вкупниот број на вработени** (%) | 22.6 | 19.9 | 18.5 | 18.1 | | | 18.0 |
| **Донесена и усвоена трипартитна Национална стратегија за формализирање на неформалната економија** | | | | | | | ✓<br>(2017) |
| Унапредување на квалитетот на работата и услугите на јавната сл. за вработување | | | | | | | |
| **Број на реновирани/реконструирани подрачни центри за вработување со значително подобрени услови за работа** | | 12 | | 12 | | | 30 |
| **Отворени нови дисперзирани канцеларии на подрачните служби за вработување за полесен пристап и користење на услугите** | | 26 | | 29 | | | 40 |
| **Број на вработени во АВРМ и број на лица вклучени во активности за јакнење на нивите капацитети (обуки, работилници, семинари и сл.)** (број на вработени) | | 502 | | 472[7] | | | мин. 550<br>секој од враб. најмалку еднаш годишно е вклучен во обука/семинар |
| **Број на невработени лица за кои е изготвен ИПВ-2** | | | | 4,069 | | | 40,000 лица - ИПВ-2<br>најмалку **60%** од овие лица да бидат вклучени во некоја од активните мерки и услугите за вработување во период од 12 месеци |
| **Број на барања за посредување при вработување до АВРМ од страна на работодавачи** | | 4,655<br>барања<br>3,348 (72%)<br>позитивно<br>решени | | 4,174<br>2,685 (64%) | | | зголемување од 15%<br>(6,000 годишно)<br>на бр. на барања за посредување<br>(од кои најголемиот дел успешно ќе бидат реализирани) |
| Зајакнување на социјалниот дијалог на трипартитно и бипартитно ниво ... | | | | | | | |
| **Стапка на синдикална организираност** (%) | | 22[8] | | 21.16[9] | | | >26 |
| **Стапка на покриеност со колективно договарање на ниво на гранка, односно оддел** (%) | | 32.48[10] | | 32.68[11] | | | 36 |
| **Број на колективни договори на ниво на работодавач** | | 65 | 77 | 85 | | | 80-85 |
| **Подготвена Национална програма за пристојна работа за периодот по 2018 година** | | / | | / | | | ✓<br>(2018) |
| **Стапка на успешно решени колективни работни спорови преку механизмот за мирно решавање на работни спорови** | | 60% | 60% | 60%[12] | | | одржување на стапка од минимум 70-75% |
| **Воспоставен и функционален механизам за следење на препораките на ЕСС / редовно следење на бројот на мислења/препораки упатени до владата на РМ** | | 10<br>мисл./преп. | 3 | 7 | | | ✓ |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ И ВЕШТИНИ** | | | | | | | |
| **Стапка на лица кои рано го напуштаат образованието**[13] (%) | 12.5 | 11.4 | 9.9 | 8.5 | | | 10.5 |
| **Удел на лицата на возраст 30-34 години кои имаат завршено високо образование**[14] (%) | | 28.6 | 29.1 | 30.6 | | | 32.0 |
| **Учество на учениците во средните училишта во системот на СОО** (%) | | 58.78 | 59.29 | : | | | > 60 |
| **Учество во доживотно учење**[15] (%) | 3.1 | 2.5 | 2.8 | 2.2 | | | > 5.5 |
| **Стапка на вработеност на лица (20–34 год.) кои неодамна завршиле средно или високо образование**[16] (%) | | 48.0 | 46.9 | 50.0 | | | 60 |
| **Стапка на ученици со посебни потреби вклучени во редовното основно образование**[17] (%) | | 62 | 56.8 | 62.2 | | | 70 |
| **Број на формирани Секторски Комисии за квалификации** (за развој и проверка на квалитетот на квалификациите во одредени сектори) | | | | 5[18] | | | **8** Секторски Комисии за квалификации |
| **Воспоставена и функционална Опсерваторија за вештини** (за предвидување на потребите од вештини на пазарот на труд) | | | | : | | | ✓ (2020) |
| **Функционален Регистер на квалификации** (за преглед и транспарентност на квалификациите) | | | | ✓ | | | ✓ (2020) |
| **СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА** | | | | | | | |
| **Стапка на сиромаштија**[19] (%) | 22.1 | 21.5 | 21.9 | : | | | 19.0 |
| **Број на воспоставени центри за социјални услуги и локални совети за социјална заштита** | | 3 | | 8 | | | 10 (воспоставени ЦСУ и локални ССЗ во 10 општини) |
| **Ревидирана Национална Стратегија за деинституционализација во социјалната заштита** | | | | / | | | ✓ (2018) |
| **Број на лица сместени во отворените служби/станбени единици за самостојно живеење со поддршка и мали групни домови, во рамки на процесот на деинституционализација** | | 93[20] корисници | | 95[21] | | | околу 150 сместени корисници[22] |
| **Развој на социјалното претприемништво:**<br>- **донесен Закон за социјално претприемништво**<br>- **број на регистрирани социјални претпријатија**<br>- **број на лица од ранливи категории ангажирани во социјални претпријатија** | | / | | /[23] | | | - 2017 год.<br>- 30 (2020)<br>- 200 (2020) |
| **Зголемен пристап и опфат на корисници од различни ранливи категории до вонинституционални (алтернативни) форми и услуги на грижа во заедницата** (дневни центри, згрижувачки семејства, засолништа, центри за давање на услуги, интервентни центри и сл.) | | околу 1,750[24] корисници | | 1,952 | | | околу 2,270 корисници/опфат (зголемување од 30%) |
| **Зголемен капацитет во установите за згрижување на стари лица:**<br>- **број на домови за стари лица** [јавни/приватни]<br>- **капацитет на легла** [во јавни/приватни] | | 22 [5/17]<br>1,167[624/543] | | 30 [5/25]<br>1,471[624/847] | | | 35<br>1,500 (30% зголем.) |
| Унапредување на социјалната инклузија на Ромите во РМ | | | | | | | |
| **Вклученост на Роми во услугите на пазарот на труд и активните програми и мерки за вработување** | 100 годишно | | | 735[25] (во акт. прог. и мерки за враб.) 4,955 (услуги) | | | мин. по 350 годишно (најмалку 1,400 до 2020) од кои 30% жени и млади |
| **Учество на Ромите во вкупниот број на регистрирани невработени лица во АВРМ** (%) | | 5.5[26] | | 6.0 | | | 4.5 |
| **Вклученост на Ромски деца (0-6) во претшколско образование**[27] | | 840[28] | 886 | : | | | 1,000 – 1,200 во школска година |
| **Процент на ученици Роми кои успешно го завршуваат основното образование** (%) | 75 | | 78 | | | | зголемување за мин. 10% |
| **Број на запишани студенти-Роми во високо образование** | 188[29] | | 247 | : | | | зголемување за мин. 10% |
| **Стапка на премин на ученици Роми од основно во средно образование** (%) | | 83.0 | 87 | | | | 90.0 |
| **Стапка на премин на ученици Роми од средно во високо образование** (%) | | 40.0 | 36 | | | | 45.0 |
| **Број на ромски семејства кои имаат пристап до социјални станови** | | 102 (15%) од 678 соц. станови | 118 (17.4%) од 678 соц. станови | : | | | зголемување за мин. 10% на учеството на Ромски семејства (од планирани нови 1,063 станови) |
| **Број на реализирани проекти од комуналната инфраструктура во населби со претежно ромско население** | 8[30] | 6[31] | 4[32] | : | | | 23[33] |
| **Стапка на доенечка смртност кај ромската популација** (на 1,000 живородени деца) | 14.2 ‰ | | 11.2 | : | | | < 10 ‰ (намалување за 30%) |
| **Зголемување на опфатот со вакцинација кај ромските деца** | | | | : | | | 95% опфат со вакцинација кај ромските деца |
| Здравствен систем и здравствена заштита на населението | | | | | | | |
| **Стапка на доенечка смртност во Република Македонија**[34] | 9.9 ‰ | | 11.9‰ | : | | | 6.9 – 7.0 ‰ |
| **Број на новоизградени и реконструирани јавно-здравствени објекти** | | | / | / | | | 2 ново-изградени 4 реконстр. објекти |
| **Број на новоотворени центри за третман на специфични болести/состојби** | | | / | / | | | 18[35] |
| **Број на здравствени работници во јавни здравствени установи од секундарно и терциерно ниво, кои успешно завршиле обука за примена на нови методи на дијагностика и третман на болести** | | | : | 133[36] | | | 1,000 на годишно ниво |
| **Извршена надградба со нови модули на интегрираниот здравствен информатички систем „Мој термин“** | | 19 модули | : | 27 (8 нови) | | | 33 функционални модули |

[1] **Извор**: Државен завод за статистика, Соопштение: *„Број на активни деловни субјекти"* - http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?id=79&rbr=2581

[2] **Извор**: *Светски економски форум - „Извештај за глобална конкурентност" - Столб 1: Институции, Дел 1.09 „Товар на владините регулативи ......* https://www.weforum.org/reports/global-competitiveness-report-2015

[3] **Извор**: *Светски економски форум - „Извештај за глобална конкурентност" - Столб 11: Деловна софистикација, Дел 11.07 „Софистицираност на производниот процес"......*https://www.weforum.org/reports/global-competitiveness-report-2015

[4] Согласно податоците на АВРМ, со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд за 2017 година, беа опфатени вкупно околу **141,870** лица/корисници и тоа, во активни програми и мерки за вработување беа вклучени **6,870 лица** (програми и мерки за развој на претприемништвото и самовработувањето, за субвенционирање на работни места, програми за различни видови на обуки на невработените лица, програмата за општинско-корисна работа, мерки за поддршка на вработувањето на лицата со инвалидност итн.), а опфатот со различните видови на услуги на АВРМ изнесуваше **135,000** (услуги за помош при барање на работа,обезбедување на информации за пазарот на трудот и изработување на индивидуален план за вработување, обуки за подготовка за вработување и вештини за барање работа, мотивациски обуки, посредување при вработување, професионална ориентација и кариерно советување, услуги за активација на млади невработени лица и лица изложени на ризик од социјално исклучување, услуги за работодавачи, саеми за вработување итн.) --- притоа, имајќи во предвид дека постои можност едно исто лице или работодавач да биде опфатено со неколку видови различни услуги.

[5] Согласно податоците на АВРМ, во 2017 година со активни програми и мерки за вработување и услуги се опфатени вкупно околу **51,350** млади лица на возраст до 29 години (од кои со активни програми и мерки – **4,456** млади, а со услуги на пазарот на труд **46,892** млади лица). Податоците покажуваат дека оваа година учеството на млади лица на возраст до 29 години, во активни програми и мерки за вработување е на **ниво од високи 65%** (имајќи го во предвид вкупниот број на невработени лица вклучени во овие програми и мерки – 6,870).

[6] Во 2017 година, приближно 8,000 млади лица за првпат се пријавиле во АВРМ како невработени.

[7] Раководни работници - 36 (8%), вработени на активни политики - 287 (61%), вработени во пасивни политики - 123 (26%) и помошни работници - 26 (5%).

[8] Моменталната стапка на синдикална организираност е добиена врз основа на податоци од решенијата за репрезентативност на синдикатите и податоци од ДЗС (АРС – податоци за вработени според економскиот статус, секторите и одделите на дејност). Од тие причини оваа стапка не претставува целосно репрезентативен податок, односно не соодветствува со реалната состојба на синдикална организираност. (**Пресметка**: податоци од решенија за репрезентативност со вкупно вработени 117,856. Вкупен бр. на вработени 534,359 - Статистички извештај од ДЗС за четврто тримесечје 2015г. - 2.1.16.04).

[9] Моменталната стапка на синдикална организираност е добиена врз основа на податоци од решенијата за репрезентативност на синдикатите, базата на податоци за членство на социјалните партнери и податоци од ДЗС (АРС – податоци за вработени според економскиот статус, секторите и одделите на дејност). Од тие причини оваа стапка не претставува целосно репрезентативен податок, односно не соодветствува со реалната состојба на синдикална организираност. (**Пресметка**: податоци од решенија за репрезентативност, барања за репрезентативност и дата-база за членство на социјални партнери со вкупно вработени 121,408. Вкупен бр. на вработени 573,765 - Статистички преглед бр.2.1.17.35 од 07.12.2017 "Т-07: Вработени според економскиот статус и секторите на дејност, III тримесечје од 2017 година)

[10] Моменталната стапка на покриеност со колективно договарање е добиена врз основа на податоци од решенијата за репрезентативност на синдикатите и здруженијата на работодавачи - потписници на колективните договори на ниво на гранка и податоци од ДЗС (АРС – податоци за вработени според економскиот статус, секторите и одделите на дејност). Како таква, оваа стапка не претставува целосно репрезентативен податок, односно можно е истата да не е прецизна и да отстапува од реалната покриеност со колективни договори на ниво на гранка, односно оддел. (**Пресметка**: податоци од решенија за репрезентативност со вкупно вработени 77,826, во однос на вкупниот бр. на вработени 239,605 во конкретните сектори, односно оддели за кои се потпишани колективни договори - Статистички извештај од ДЗС за четврто тримесечје 2015 г. - 2.1.16.04).

[11] Моменталната стапка на покриеност со колективно договарање е добиена врз основа на податоци од решенијата за репрезентативност на синдикатите и здруженијата на работодавачи - потписници на колективните договори на ниво на гранка и податоци од ДЗС (АРС – податоци за вработени според економскиот статус, секторите и одделите на дејност). Како таква, оваа стапка не претставува целосно репрезентативен податок, односно можно е истата да не е прецизна и да отстапува од реалната покриеност со колективни договори на ниво на гранка, односно оддел. (**Пресметка**: податоци од решенија за репрезентативност, дата база за членство на социјални партнери со вкупно вработени 92,482, во однос на вкупниот бр. на вработени 282,924 во конкретните сектори, односно оддели за кои се потпишани колективни договори - Макстат база, Активност на населението, Вработени според економскиот статус, секторите и одделите на дејност, тримесечно, III тримесечје 2017 година).

[12] Во 2016, 2017 и 2018 година не се спроведени нови постапки за мирно решавање на колективни работни спорови. Од тие причини стапката (кумулативно) останува непроменета.

[13] Учество на лицата на возраст од 18 до 24 години кои немаат никакво или имаат најмногу основно образование, во однос на вкупната популација од таа возрасна група. Изборот на индикаторот е во согласност и со индикаторот од Стратегијата на ЕУ „Европа2020" во областа на образованието *(rate of early school leaving)*

[14] Изборот на индикаторот е во согласност и со индикаторот од Стратегијата на ЕУ „Европа2020" во областа на образованието *(share of 30-34–year-olds completing third level education)*

[15] Возрасни лица (25 до 64 години) кои учествуваат во учење (формално или неформално) како процент од вкупната популација на таа возраст.

[16] Стапка на вработеност на лицата за возраст од 20 до 34 години кои имаат завршено најмалку средно образование (ISCED 3 до ISCED 8), го напуштиле образованието пред една до три години и повеќе не се во системот на образование или обука).

[17] Процент на ученици со посебни потреби кои се вклучени во редовно основно образование, во однос на вкупниот број на евидентирани ученици со посебни потреби (за 2015 год. од вкупниот број 1,138 евидентирани ученици со посебни потреби, 707 (62%) биле во редовно образование, а 431 во специјални училишта)

[18] Во февруари 2018 год. формирани се *5 Секторски комисии за квалификации* (Секторска комисија за квалификации за угостителство и туризам, Секторска комисија за квалификации за електротехника, Секторска комисија за квалификации за лични услуги, Секторска комисија за квалификации за градежништво и геодезија и Секторска комисија за квалификации за хемија и технологија)

[19] **Извор**: Државен завод за статистика, Анкетата за приходи и услови за живеење (*SILC - Survey on Income and Living Conditions*)

[20] Се однесува на 76-те корисници сместени во 16 станбени единици за самостојно живеење со поддршка и 17-те корисници, сместени во двата мали групни домови (во Берово и Кавадарци)

[21] 81 корисник во службите за организирано живеење со поддршка и 14 корисници во малите групни домови за деца во Берово и Кавадарци

[22] Овој број се однесува на лица деинституционализирани од институциите (СЗ „Демир Капија", Завод за рехабилитација „Бања Банско"), лица сместени во мали групни домови, како и лицата сместени во овие алтернативни форми за поддржано живеење, заради превенција од нивна институционализација.

23 Првично беше планирано до крајот на 2017 година да се усвои и посебен Закон за социјално претприемништво, чија што подготовка беше и отпочната, но подоцна со широки консултации со сите заинтересирани страни (вклучително и стручната јавност и граѓанскиот сектор), се донесе одлука усвојувањето на законот да се пролонгира (одложи). Се планира да се подготви стратешки документ за оваа област, во кој ќе се утврди и динамиката на носењето на соодветното законско решение за регулирање на оваа област.

24 Опфатот е определен врз основа на просечната бројка на лица/корисници од различни ранливи категории, кои во моментот ги посетуваат и/или ги користат услугите во постоечките алтернативни форми на обезбедување на грижа и социјални услуги воспоставени низ територијата на Република Македонија

25 Според информациите од АВРМ и МТСП, опфатот на лица-Роми со различни активни програми и мерки за вработување за 2017 година е околу 735 (175 се опфатени со програмите и мерките кои ги спроведуваше АВРМ - во согласност со Оперативниот план за 2017 год., а дополнителни околу 560 Роми беа вклучени во активни програми и мерки кои се имплементираа во рамки на 38[те] грант-проекти од двете ИПА (Компонента 4) грант-шеми (стручни обуки, програми за практикантство, мерки за поддршка на претприемништвото и самовработувањето и др.).

26 **Извор**: АВРМ - од вкупно 123,892 регистрирани невработени лица во РМ кои активно бараат работа 6,761 (5.46%)се Роми (состојба: мај 2015)

27 Број на деца-Роми вклучени во установите за претшколско образование и воспитание (детски градинки / Центри за ран детски развој). **Извор**: ДЗС

28 **Извор**: ДЗС (*Статистички преглед број 2.4.16.01/842*) – од вкупниот број на деца (0-6 годишна возраст) во детски градинки и ЦРДР во 2015 година (32,660), 840 биле деца–Роми (2.57%)

29 **Извор**: ДЗС (*Статистички преглед број 2.4.15.18/832*) – вкупен број на студенти-Роми (188) запишани на државните и приватните универзитети во учебната 2014/2015 година

30 Реализирани 8 проекти од комуналната инфраструктура во 8 општини (Берово, Битола, Виница, Гази Баба, Кочани, Прилеп, Пробиштип, Штип)

31 Во 2016 година реализирани се 6 проекти од комуналната инфраструктура во населби со претежно Ромско население во 6 општини (Кочани, Прилеп, Велес, Виница, Делчево и Пехчево)

32 Во 2017 се распределени средства за реализација на 4 дополнителни проекти од комуналната инфраструктура во 3 општини (Кочани, Битола и Прилеп)

33 Отпочнати или планирани за реализација уште 23 проекти во општините Битола, Велес, Виница, Делчево, Ѓорче Петров, Кочани, Прилеп, Штип (2015-2016) и Берово, Битола, Велес, Куманово, Виница, Гази Баба, Делчево, Ѓорче Петров, Кочани, Пробиштип,Прилеп, Чаир, Шуто Оризари, Кичево, Штип (2017-2020)

34 на 1,000 живородени деца

35 Планирано е отворање на 18 центри за третман на специфични болести/состојби (5 нефролошки, 3 за мозочен удар, 1 центар за рани, 1 за аутизам, 1 центар за лица заболени од алцхајмер, 7 центри за палијативна грижа)

36 Со Законот за изменување на Законот за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина („Службен весник на РМ" 132/2017) престанува да важи обврската на Министерството за здравство за обезбедување на средства за едукација на 1,000 здравствени работници на годишно ниво. Едукацијата и стручното усовршување на здравствените работници во здравствени установи во странство останува во надлежност самите здравствени установи, во согласност со нивните можности и буџет. Од тие причини оваа конкретна мерка нема понатаму да се спроведува согласно првичните планови, а и соодветно ќе се оцени можноста и потребата од следење и известување по однос на овој конкретен индикатор за нејзино спроведување.

# ЕСРП МАТРИЦА НА ЦЕЛИ И МЕРКИ

*- Статус на реализација и постигнати резултати -*

# 1. Пазар на труд и вработување

**Напомена:** Институции надлежни и вклучени во имплементацијата на мерките од оваа област се: МТСП, МЕ, АВРМ, ДИТ, МОН, Кабинет на ЗПВРМ задолжен за економски прашања, ЦСР, ЦСОО, АППРМ, МФ, ФПИОМ, социјални партнери, невладини организации.

## 3.1.1. Подобрување на економскиот развој и креирање на работни места

| | Рок: | Буџет: |
|---|---|---|
| **3.1.1.1. Цел: Подобрување на деловното опкружување**<br>**Мерка: а/ Понатамошно подобрување и зајакнување на едношалтерскиот систем за издавање на дозволи, одобренија и лиценци, потребни за започнување и водење на бизнис** | **2020** | **3,000,000 €** |

**Опис:** Во последните години Владата воспостави широк е-владин систем, кој и обезбедува низа напредни е-услуги на македонската бизнис заедница. Поднесување и плаќањето даноци преку интернет, останати е-услуги како лиценци, одобренија, дозволи, е-јавни набавки, е-формулари за статистички и разни други податоци од претпријатијата, е-катастар итн. Постојат два главни владини е-портали кои обезбедуваат преглед на сите е-услуги достапни на МСП (порталот на МИОА и порталот на ВРМ, кој дава информации за е-владината политика).
Систем постои, но постојат и области каде тој треба да се прошири или зајакне, пр. за градежни дозволи и лиценци и воопшто, спроведување на систем кој ќе овозможи безбедна размена на електронски документи помеѓу релевантните јавни институции, во согласност со нивните надлежности, а со цел електронско издавање на деловни лиценци, одобренија и дозволи на едно место.
Ќе се развие и интернет база на податоци која ќе може да се пребарува за да им помогне на корисниците да утврдат кои сè лиценци, дозволи и одобренија се потребни за отворање бизнис, како и да се овозможи симнување и поднесување на потребните формулари итн.

**Реализација**:
Во рамки на ИПА програмата за Реформи во јавната администрација, предвидена е реализација на проект за воспоставување е-услуги за граѓани и компании. Проектот за едношалтерски систем за дозволи и лиценци ќе биде реализиран во рамки на порталот и иницијативите на МИОА за воспоставување на е-услуги, согласно Директивата за услуги. Планирано е проектот да започне до крајот на 2018 година.

**Промени/корекции/евентуални одложувања/измена на приоритети:**
Согласно одобрените средства од ИПА програмирањето за 2017 година, за реализација на активностите обезбедени се 2,500,000 €.

| | Рок: | Буџет: |
|---|---|---|
| **3.1.1.2. Цел: Поддршка и унапредување на конкурентноста и претприемништвото на секторот на мали и средни претпријатија (МСП)**<br>**Мерка: а/ Подготовка на Стратегија за развој на мали и средни претпријатија со Акциски План** | **2017** | **90,000 €** |

**Опис:** планирано е Стратегијата и АП да се подготват со поддршка од страна на МОТ, согласно Програмата за пристојна работа

**Реализација**:
Националната стратегија за мали и средни претпријатија 2018-2023 („Конкурентни мали и средни претпријатија како двигатели на инклузивен економски раст“) е финализирана во декември 2017 година. Подготвена е со поддршка на Меѓународната организација на трудот (МОТ).
Националната стратегија заедно со Акциски план за нејзина имплементација за периодот 2018-2020 год е разгледана и усвоена од страна на Владата на Република Македонија на 62-рата седница, одржана на 3 април 2018 година.

Стратегијата за МСП утврдува рамка за соработка меѓу релевантните субјекти од јавниот и приватниот сектор и граѓанското општество, со цел поддршка на развојот на МСП и иновативноста за зголемување на нивната конкурентност.
Основни стратешки цели се 1. да се создаде поволно деловно окружување во коешто се поттикнуваат претприемништвото и инвестициите, 2. зголемување и подобрување на можноста за раст на малите и средни претпријатија, т.е. да се помогнат малите и средни претпријатија да станат високо продуктивни и конкурентни учесници на европскиот и другите меѓународни пазари и 3. да се воспостави динамичен екосистем на претприемништво и иновации, т.е. да се поттикне економската конкурентност на Македонија преку зголемување на претприемачкиот и иновативниот капацитет на МСП.

**3.1.1.2. Цел: Поддршка и унапредување на конкурентноста и претприемништвото на секторот на мали и средни претпријатија (МСП)** Рок: Буџет:

**Мерка: б/ Поддршка за обезбедување на подобрена и поефективна регулаторна и институционална рамка за МСП** **2018** **1,500,000 €**

**Опис:** Планирано е да се обезбеди поддршка насочена кон анализа на имплементацијата на постоечката регулатива и нејзиното влијание врз МСП, како и нејзино ревидирање, подобрување на постоечката и развојот на нова регулатива (закони и подзаконски акти) за МСП, вклучувајќи тука и дефиниции за МСП, трошоци и поволности за водење бизнис итн. Активностите ќе се спроведат во согласност со стандардите и практиките на ЕУ и Актот за мали претпријатија, како би се креирале поквалитетни, поефикасни и поефективни прописи во секторот за МСП, што ќе придонесе кон создавање на постабилна деловна средина за МСП и зголемен ефект врз вработеноста.

**Реализација**:
////

**3.1.1.2. Цел: Поддршка и унапредување на конкурентноста и претприемништвото на секторот на мали и средни претпријатија (МСП)** Рок: Буџет:

**Мерка: в/ Поддршка и развој на култура на претприемништво, старт-ап претпријатија, поддршка за раст** **2020** **4,000,000 €**

**Опис:** Иницирање на програма и активности за промовирање на старт-ап претпријатија и поддршка на претпријатија со ран раст.
Се планира врз основа на Повик за доставување предлог проекти, да се воспостави мрежа за поддршка на претпријатијата низ целата земја за потенцијалните старт-ап претпријатија и оние во ран раст, преку која ќе се обезбедуваат општи информации, насоки, обука, поддршка во делот на деловно планирање и пристап до финансии, а за стимулирање на старт-ап претпријатијата ќе се обезбеди и финансиска поддршка. Планирана е и Програма за поддршка на маргинализирани групи (жени, млади, постари лица, етнички малцинства) на потенцијални и постоечки претприемачи.
Исто така, се планира и директна финансиска поддршка за МСП (во износ од 1,5 милиони евра - во форма на ваучерски шеми или преку директно кофинансирање) (ваучери за користење (ко-финансирање) на одредени консултантски услуги – сметководствени услуги, обуки за брендирање на производи, маркетинг, истражување на пазарот и сл.)

**Реализација**:
////

**3.1.1.2. Цел: Поддршка и унапредување на конкурентноста и претприемништвото на секторот на мали и средни претпријатија (МСП)** Рок: Буџет:

**Мерка: г/ Спроведување на Програма за поддршка на извозот на МСП** **2020** **6,000,000 €**

**Опис:** Програмата вклучува избор на 250 таргетирани МСП со извозен потенцијал (согласно искуството, нивото на продуктивност, технолошките иновации, активностите во истражувањето и развојот, интензитетот на вештините и ИКТ капацитетите и сл.) и обезбедување на соодветна поддршка за овие МСП во однос на „инвестициска подготвеност", вклучувајќи техничка помош за градење на капацитетите и финансиска помош за прашања поврзани со извозната подготвеност (стандарди, здравје и безбедност, брендирање, етикетирање, пакување, тестирање на производите, сертификација, склучување договори, царински постапки, логистика, маркетинг, информации и анализа и сл.).
Поддршка преку Швајцарската програма за промоција на извозот (СИПП)

**Реализација**:
////

**3.1.1.2. Цел: Поддршка и унапредување на конкурентноста и претприемништвото на секторот на мали и средни претпријатија (МСП)** Рок: Буџет:

**Мерка: д/ Спроведување на проект „Странски експерти за домашни МСП"** **2020** **1,000,000 €**

**Опис:** Преку оваа иницијатива се планира да се обезбеди помош и поддршка на 300 МСП, преку обезбедување експертиза од искусни експерти од најразвиените земји во ЕУ, за да се подигне нивната конкурентност, да се подобри квалитетот на производите и процесите, да се создадат и задржат нови работни места, како и да се зголеми профитот и приходите на фирмите и нивните вработени.
Експертите ќе ги посетуваат фирмите и ќе им понудат помош/совети во однос на конкретниот проблем. Во вкупниот трошок за мисијата и ангажирањето на експерт би учествувале и домашните претпријатија (на пр. сместување, храна, локален транспорт и сл.).
За досегашната реализација на овој Проект финансиската поддршка беше обезбедена од Буџетот на РМ, а дел од странски експертски организации и амбасади во државата. Ваквата поддршка за МСП се планира да продолжи и понатаму, за што се прават обиди за обезбедување на соодветни извори на финансирање.

**Реализација**:
Целта на ангажирањето на странските експерти е да се придонесе кон подобрување на организациските, производствените, аналитичките и маркетиншките процеси на македонските компании. Проектот „Странски експерти за домашни компании" е дел од Програмата на Владата на Република Македонија за 2017 година и средства за негова реализација се предвидени во Буџетот на Република Македонија.

Остварени првични резултати од третиот јавен повик, објавен во мај 2017 година:

- согласно одлуката на Владата на РМ од 25.04.2017 год., јавниот повик беше објавен на 15 мај 2017 година во три дневни весници, а рокот за пријавување на повикот беше 45 денови (до 29.06.2017). До 28.06.2017 год. на јавниот повик беа пријавени само четири компании, поради што се јави потреба од продолжување на рокот за пријавување за дополнителни 30 дена (до 29.7.2017) и дополнителна промоција на јавниот повик во тој период.
- во тој дополнителен период, од страна на членовите на Владата и членовите на работната група од Канцеларијата на Претседателот на Владата беа преземени активности за промоција на проектот помеѓу домашните мали и средни претпријатија, како би се зголемил и бројот на поднесени апликации. На 11.07.2017 во Владата на Република Македонија се одржа и промотивен настан, на кој присуствуваа и поддршка за проектот дадоа Заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и повеќе министри од Владата на РМ. На настанот беа присутни претставници на странските експертски организации, амбасадорот на Швајцарија, претставници на стопанските комори и преку 50 претставници на МСП, кои дискутираа за бенефитите кои овој проект ги има за нивните компании, при што се упати и заедничка порака до сите мали и средни компании да аплицираат на јавниот повик со цел да обезбедат странски експерт кој би помогнал во решавање на нивните проблеми и потреби, а во насока на обезбедување на раст и развој, зголемување на конкуренцијата и креирање на нови работни места.
- на овој јавен повик, вкупно се пријавија 35 домашни компании (од кои две не ги исполнуваа условите, т.е. немаа минимум 10 вработени). Пристигнатите апликации беа разгледувани од страна на Работната група, а во договор со компаниите беа реализирани и посети, со цел соодветно да се пренесат сите детали во врска со проектот, правата и обврските на компанијата и прецизно да се утврди потребата/проблемот за кој аплицира домашната компанија, како би се нашле и ангажирале и соодветни експерти.
- по завршување на службените посети апликациите на домашните компании беа доставени до странските експертски организации со цел изнаоѓање на соодветен експерт.
- потоа следува постапката на разгледување на предлог CV-та добиени од странските консултанти, од страна на компаниите и доколку консултантот одговара на нивните потреби, се испраќа барање/согласност со кое странската експертска организација ја продолжува процедурата за испраќање на консултантот кај нашата компанија.

| | | |
|---|---|---|
| **3.1.1.2. Цел: Поддршка и унапредување на конкурентноста и претприемништвото на секторот на мали и средни претпријатија (МСП)**<br>**Мерка: ѓ/ Финансирање и поддршка за конкурентноста и иновациите на МСП** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**6,000,000 €** |

**Опис:** Врз основа на претходните иницијативи, се предлага формирање фонд од 30 милиони евра кредит од ЕБОР/комерцијалните банки, за да се зголеми конкурентноста на МСП на меѓународните пазари и да се зголеми нивното инвестирање во иновации. Алокација од 6 милиони евра ќе биде во форма на стимулација на инвестиции и тоа за грантови (4,5 милиони евра), како и техничка помош (1,5 милиони евра). Оваа мерка ќе се фокусира на МСП кои не исполнуваат банкарски услови,а исто така и на ангажирање на вториот ред банки, односно оние кои до сега не работеле со ЕБОР на слични шеми.

**Реализација**:

Склучени се договори потребни за реализација на оваа мерка помеѓу ЕБОР и ЕУ.

| | | |
|---|---|---|
| **3.1.1.3. Цел: Поатрактивна средина за странските инвеститори за зголемено ниво на странски директни инвестиции (СДИ)**<br>**Мерка: а/ Проценка на пречките за СДИ и идентификување и иницирање на системски реформи, преку ефективен јавно-приватен дијалог** | Рок:<br>**2018** | Буџет:<br>**1,500,000 €** |

**Опис:** Мерката предвидува преминување од постојниот „ад-хок“ кон стратешки пристап за намалување на бариерите за СДИ, преку остварување на тесна соработка помеѓу Владата на РМ со Советот на странски инвеститори и НСПК. Се планира преземање чекори за стратешки пристап кон намалувањето на препреките за СДИ, преку детална анализа на моменталните препреки за инвестиции (работни дозволи, градежните дозволи, дозволите за отпад, извозните дозволи, царинските задржувања, доцнењето на правниот систем итн.) и утврдување на потребните реформи врз основа на меѓународните најдобри практики, осигурувајќи дека овој процес е предмет на ефективен јавно-приватен дијалог.

**Реализација**:

Во изминатиот период се направи сеопфатна анализа на системот за привлекување и поддршка на странски инвестиции во РМ. Ова резултираше во изработка на редефинирани мерки за поддршка на инвестициите во РМ, опфатени во т.н. „План за економски раст“, усвоен од страна на Владата на РМ и промовиран во декември 2017 година. Планот претставува сет на мерки со кои на транспарентен начин, под исти услови и со јасно дефинирани критериуми се овозможува финансиска поддршка од страна на Владата за стимулирање на нови инвестиции, отворање на нови работни места, повисоки плати за работниците, зголемување на конкуретноста, поддршка на иновациите како и технолошкиот развој на компаниите. Преку имплементацијата на мерките од Планот за економски раст се овозможува значителна поддршка на компаниите за нови инвестиции, поттикнување на економската активност во

земјата, привлекување на нови инвестиции, поддршка на постоечките компании да се развиваат, како би се подобрила конкурентноста на македонската економија и би се креирале нови работни места. Со Планот се овозможува и подигнување на соработката помеѓу домашните и странските инвеститори. Планот за економски раст се состои од мерки поделени во три столба: мерки за општ економски развој, мерки за поддршка на конкурентноста и мерки за поддршка на мали и средни претпријатија.
Креирањето и спроведувањето на мерките од Планот за економски раст е во тесна соработка со бизнис заедницата во Република Македонија, вклучително и Советот на странски инвеститори.

Во функција на спроведување на мерките од Планот за економски раст, во тек е подготовка и на Закон за финансиска поддршка на инвестиции, со кој ќе се придонесе кон поттикнување на економскиот раст и развој во Република Македонија преку поддршка на инвестициите за зголемување на конкурентноста на македонската економија и вработувањето. Со овој Закон ќе се создаде правна рамка со која ќе бидат утврдени критериумите, постапката за доделување и исплата на финансиска поддршка кон компаниите кои ќе ги задоволат утврдените услови.

| **3.1.1.3. Цел: Поатрактивна средина за странските инвеститори за зголемено ниво на странски директни инвестиции (СДИ)**<br>**Мерка: б/ Подобрување и зајакнување на врските помеѓу странските директни инвестиции и домашните компании** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**5,000,000 €** |
|---|---|---|

**Опис:** Планирано е да се спроведат активности за понатамошно стимулирање и зајакнување на врските и партнерствата помеѓу странските компании кои работат во Македонија (главно во ТИРЗ), локалните МСП и финансиските институции. Преку обезбедување на поддршка во делот на ширење на информации за добавувачите; градење на капацитетите и обука; надградување на добавувачите и проширување на технологијата; олеснување на пристапот до финансии.
Во изминатите две години, се спроведуваше како пилот-програма, со поддршка на СБ. Експертскиот тим на СБ достави финален извештај од реализираните активности, за поврзување на домашни компании како добавувачи, со странските инвеститори во РМ. Во период кој претстои активностите се насочени кон разговори за обезбедување средства за финансирање на програма од поголем обем која би поддржала унапредување на врската помеѓу СДИ/ТИРЗ и домашните компании.

**Реализација**:
Оваа активност е опфатена како мерка во рамки на „Планот за економски раст“, промовиран од страна на Владата на РМ во декември 2017 година, т.е. на Законот за финансиска поддршка на инвестициите кој ќе обезбеди негова операционализација. Во тек е подготовката на Законот за финансиска поддршка на инвестиции во кој се предвидува и помош и поддршка токму за воспоставување и продлабочување на деловните врски и соработка помеѓу странските инвестиции во ТИРЗ и домашните компании добавувачи (финансиска поддршка за воспоставување и унапредување на соработка со добавувачи регистрирани во РМ, за деловни субјекти кои вршат дејност во технолошко индустриските развојни зони и кои ќе набават и вградат производи од домашни добавувачи во крајниот производ наменет за извоз).

Законот ќе се усвои во текот на 2018 година, а буџетот за мерката ќе зависи од бројот на примени/одобрени апликации/барања.

## 3.1.2. Подобрување на состојбата со невработеноста, особено кај најранливите категории на лица (млади, долгорочно невработени и други)

| 3.1.2.1. Цел: Подобрување на вработеноста на младите и промовирање на повеќе и подобри работни места за младите лица<br>**Мерка: а/ Понатамошно јакнење на опфатот и учеството на младите невработени лица при дизајнирањето и имплементацијата на услугите и активните мерки за вработување** | Рок: **2020** | Буџет: **Буџетот - вклучен во ОП** |
|---|---|---|

**Опис:** Во годишните Оперативни планови, во сите услуги и програми за вработување, ќе се настојува да се постигне стапка на учество на младите од најмалку 30%.
Опфатот на млади лица во ОП за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2016 година е околу 13,900 лица (4,650 со активни програмни и мерки и 9,250 со услуги на пазарот на труд). Се очекува и понатаму бројот на млади лица вклучени во ОП на годишно ниво да изнесува околу 15,000)
Овде е опфатени сите услуги и активни програми за вработување од ОП во кои се вклучени младите и кои се финансирани од различни извори (државниот буџет, ИПА, УНДП, МОТ и други извори). (Услуги за посредување при вработување, кариерно советување, ориентациони и мотивациони обуки, различни програми за обуки за општи и специјализирани вештини, за претприемништво и самовработување, за дефицитарни вештини и занимања, програми за практиканство, субвенционирано вработување итн.)

**Реализација**:
Со подготвените Оперативните планови за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 и 2018 година, беше предвидено најмалку 30% од учесниците во активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот да бидат млади лица - до 29 годишна возраст.
Во 2017 година, со активните програми, мерки и услуги за вработување беа опфатени вкупно 51,348 млади лица до 29-годишна возраст, што претставува повеќе од 36% од вкупниот број учесници.
Согласно податоците на АВРМ, во 2017 година со активни програми и мерки за вработување биле опфатени вкупно 4,456 млади лица, а со услуги на пазарот на труд 46,892 млади.
Податоците покажуваат дека оваа година учеството на млади лица на возраст до 29 години, во активни програми и мерки за вработување е на ниво од високи 65% (имајќи го во предвид вкупниот број на невработени лица вклучени во овие програми и мерки – 6,870)

( види и 3.1.2.2. - Мерка в/ )

* * *

Во септември 2017 година со поддршка обезбедена од страна на Меѓународната организација на трудот се подготви детален среднорочен мониторинг извештај за досегашниот постигнат напредок во спроведувањето на Акцискиот план за вработување на млади 2020, во кој беа презентирани анализите и информациите за напредокот во постигнувањето на планираните резултати и цели од АП. Овој мониторинг извештај потоа претставуваше и главна појдовна основа за изготвувањето на планираната периодична ревизија Акцискиот план за вработување на млади 2020, при што беа дефинирани активностите и целите предвидени за реализација до 2020 година и кој во февруари 2018 беше усвоен и од Владата на Република Македонија. При ревидирањето, Планот се дополни и со посебен дел „Гаранција за млади“. Концептот на Гаранцијата за млади претставува системски пристап на среден рок, за справување со еден од клучните предизвици на пазарот на труд во Македонија - невработеноста на младите лица. Гаранцијата за млади која ќе се воведе од 2018 година, има за цел да им обезбеди на младите лица (15-29) понуда за вработување, континуирано образование и обука, или практикантство во период од четири месеци откако ќе станат невработени или ќе го напуштат образованието. Се изработи и Прв мастер план за имплементација на Гаранцијата за млади во Република Македонија, во кој се дефинираа вклучените институции во имплементацијата и нивните обврски, а се формираше и Координативно тело задолжено за имплементација и следење на Гаранцијата за млади. Планот ќе се имплементира во две фази, при што првата (подготвителна фаза) ќе се спроведува во временски период 2018/2019, а втората фаза 2020/2022 година. Во првата фаза Гаранцијата за млади ќе се пилотира во три општини - Струмица, Гостивар и Скопје, при што нејзиното спроведување редовно ќе се следи и ќе се анализира успешноста на имплементацијата и ќе се преземат соодветни подготвителни активности за имплементација на Гаранцијата за млади на територијата на целата држава во втората фаза.

| **3.1.2.1. Цел: Подобрување на вработеноста на младите и промовирање на повеќе и подобри работни места за младите лица**<br>**Мерка: б/ Јакнење на системот на профилирање на младите невработени лица при нивното пријавување во Агенцијата за вработување на РМ, со цел проценка и идентификување на можностите за вработување и приоритизирање на интервенциите** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**XXX** |
|---|---|---|

**Опис:** Систем за профилирање кој ќе биде заснован врз „Контролен список за можностите за вработување“, е воведен во 2016 година
Во рамките на овие активности се планира сите млади лица што првпат ќе се пријават во АВРМ, да бидат профилирани рано, т.е. во текот на првите 6 месеци од периодот на невработеност.

**Реализација**:
Сите лица што првпат се пријавуваат како невработени се профилираат во првите 6 месеци по пријавувањето, со цел да се одреди нивниот степен на вработливост.
Имено, со помош на Контролниот прашалник за вработливост, невработените лица се категоризираат во 3 категории и се изготвуваат соодветни индивидуални планови за вработување. Истите претставуваат алатка за утврдување на тековната состојба на невработеното лице и со текот на времето, метод за мерење на напредокот во проблематичните области.

| **3.1.2.1. Цел: Подобрување на вработеноста на младите и промовирање на повеќе и подобри работни места за младите лица**<br>**Мерка: в/ Развивање и спроведување пакет на наменски услуги за младите лица од страна на АВРМ** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**1,150,000 €** |
|---|---|---|

**Опис:** На пр. услуги за поддршка на лицата што го напуштиле училиштето, „ден на младите“ во центрите за вработување, младински саеми за вработување, младински инфо-клубови поставени во универзитетските кампуси, младински инфо-точки на популарни музички и спортски настани, пристап до програмата „Старт за млади“, мобилна апликација поврзана со базата на АВРМ која дава увид во тековните слободни работни места и можностите за практиканство итн.
Меѓу другото, програмата „*Старт за млади*“ наменета за младите лица што првпат влегуваат на пазарот на трудот, предвидува обука за подготовка за вработување, субвенционирана обука на работното место, практикантство. Истата се планира да стане дел од портфолиото на активни програми на пазарот на трудот што им се достапни на младите невработени лица.

**Реализација**:
Од 2018 година во Република Македонија ќе се воведе „Гаранцијата за млади“, програма која ќе има за цел на младите лица (15-29 год.) во рок од четири месеци, да им обезбеди понуда за вработување, за континуирано образование и обука или практикантство. Планот за спроведување на Гаранцијата за млади ќе се пилотира во 2018 година (I фаза) во три центри за вработување (Гостивар, Струмица и Скопје), со вклучување на млади лица кои не се вработени, ниту се вклучени во образование и обука (NEET) и кои во 2018 година за прв пат ќе се евидентираат во Агенцијата за вработување како невработени лица. Гаранцијата ќе се спроведува како координирана заедничка акција на повеќе владини институции, социјални партнери и граѓански (младински) организации. Во рамки на Гаранцијата за млади, на младите лица ќе им се обезбедат услуги кои ќе овозможат нивна активација и мотивирање, како и вклучување во соодветни програми, мерки и услуги за вработување, во согласност со годишниот Оперативен план, или нивно повторно вклучување во образовниот процес.
Спроведувањето на активностите од Гаранцијата за млади во првата (пилот) фаза редовно ќе се следи и ќе се анализира успешноста и ќе се преземат соодветни подготвителни активности за имплементација на Гаранцијата за млади на територијата на целата држава - во втората фаза.

* * *

Под мотото „Од информација до кариера“, четирите инфо клубови лоцирани на државните универзите во Скопје, Тетово, Битола и Штип, во периодот од јануари до декември 2017 години претставуваа едни од главните инфо–точки за информирање и мотивирање на невработените млади лица. Над 300 студенти директно се обратиле во клубовите за информација, асистенција за можностите за вработување, практиканство, обуки; над 4,000 млади лица директно се информирале за работа на клубовите на други локации; над 2,000 следбеници на социјалните мрежи кои секојдневно се информираат за идејата, работата и настаните поврзани со клубовите; над 700 лица секојдневно директно *on-line* се контактираат во врска со случувањата, иницијативите и сите други точки на претприемачки теми; одржани 20 промотивни настани на различни теми поврзани со претприемништво. Во рамките на зацртаните планови и промовирање на можностите за вработување и вработливоста, клубовите организираа т.н „живи библиотеки“ со промовирање на отворени работни позиции од локалната бизнис заедница. Настаните беа посетени од вкупно 1,000 студенти од завршните години, но и од други млади невработени лица.

| 3.1.2.1. Цел: Подобрување на вработеноста на младите и промовирање на повеќе и подобри работни места за младите лица<br>**Мерка: г/ Надградување и унапредување на постоечките модели, анкетни истражувања и бази на податоци и воспоставување на координиран и сеопфатен систем за предвидување на вештините и занимањата побарувани на пазарот на труд** | Рок:<br>2020 | Буџет:<br>2,500,000 € |
|---|---|---|

**Опис:** Се планираат мерки за унапредување на систем со чија помош ќе може да се обезбедуваат информации, анализи, студии неопходни за креирањето на политиките за образование и за пазарот на трудот, како и за соодветноста на изборите што ги прават младите луѓе.

Сет на мерки и активности кои предвидуваат надградба на постоечките модели и бази на податоци (во МТСП за проекции на пазарот на труд, во АВРМ за слободните работни места и анализата за потребите од вештини), развивање на Опсерваторија на вештини во МОН. Со тоа ќе се овозможи редовно да се собираат информации за пазарот на трудот, за индустриските гранки, занимањата и вештините за кои што постои најголема побарувачка на пазарот на трудот, да се изготвува извештаи за перспективните занимања, а ќе се осигура и редовна дисеминација на добиените информации до крајните корисници (младите луѓе и нивните семејства, образовните институции и институциите на пазарот на трудот и пошироката јавност).

Исто така, ќе се работи и на развој на алатка (модел) за перспективни занимања (*Occupational Outlook*), кој ќе претставува развиен модел (софтверска алатка и методологија за работа) за предвидување на побаруваните и перспективните занимања на пазарот на труд во Република Македонија. Алатката ќе даде основа и ќе ги обезбеди потребните проекции, информации и податоци за намалување на неусогласеноста на понудата и побарувачката на вештини на пазарот на труд. Податоците за перспективните занимања кои ќе ги обезбедува моделот ќе се однесуваат на описот на работното место со специфични работни задачи и одговорности, специфичните барања за конкретното занимање во однос на образование, обуки, работно искуство, вештини итн., условите за работа, како просечна плата, работно време и сл., изгледите за вработување и потенцијална побарувачка за занимањето итн. *Поддршка во реализирањето на овие активности и изготвувањето на планираниот систем/модел ќе обезбеди Меѓународната организација на трудот (МОТ).*

Во рамки на активностите е планирано и вклучување на мрежата на младински невладини организации, кои треба да ги користат извештаите и информациите предвидување вештини и за перспективните занимања и истите да ги прават достапни до младите (преку изготвување информативни материјали, организирање информативни сесии и др.), и за општо информирање на младите луѓе во врска со изборот на образованието, побарувачката на работна сила и јавните услуги што им се достапни за олеснување на нивниот премин на работа

**Реализација**:

Подготвен е т.н. <u>Преглед за занимања *(Occupation Outlook)*</u> и во почетна фаза се развиени 11 занимања.

Прегледот на занимања е заснован врз Анкетата на работна сила, Анкетата за побарувани занимања на АВРМ, анкетни истражувања на работодавачите и слободните работни места, податоци за образованието, проекции за вработеноста и секторски студии. Прегледот се дизајнира и тестира од страна на Одделението за пазарот на трудот на Министерството за труд и социјална политика, а целта е да се обезбедуваат поверодостојни и лесно разбирливи информации за занимањата во кои младите лица имаат поголеми шанси да најдат вработување.

За реализација на оваа активност, МТСП обезбеди техничка помош од Меѓународната организација на трудот, преку проектот „Решенија за вработување на младите преку локален социјален дијалог", кој се спроведуваше во Република Македонија до март 2018 година. Изготвениот Преглед е во надлежност на МТСП и на меѓуинституционалната работна група, која ги определува занимањата што треба да се вклучат како приоритет во наредниот период, како и типот на информации што треба да се соберат и изворите на тие информации, начините на дисеминација, а ќе подготвува и редовни годишни извештаи за побаруваните занимања. За поголема дисеминиција и достапност и полесен пристап до информациите од Прегледот, на почетокот на 2018 година се подготви и пушти во употреба и интернет платформа www.zanimanja.mk. Веб страната до средината на април имаше скоро 17,000 посети.

За секое занимање Прегледот нуди информација за работната средина и условите, потребното образование, опасностите и ризикот од повреди на работното место, активностите на занимањето, просечната месечна нето заработувачка, изгледите за наоѓање работа и други релевантни податоци за конкретното занимање.

Одржувањето и ажурирањето на интернет страната се врши континуирано од страна од обучени лица од Секторот за труд при МТСП.

Во насока на понатамошно континуирано подобрување на Прегледот на занимања, Владата на РМ во април 2018 година усвои Работен план за периодот 2018-2021 година, согласно кој треба да се развиваат по околу 15 занимања на годишна основа, со што прегледот би имал 72 занимања до крајот на 2021.

Покрај тоа, и Моделот за долгорочно предвидување на пазарот на трудот (ХЕРМАК) воспоставен во Министерството за труд и социјална политика, континуирано се ажурира и неговата употреба претставува поддршка за изготвување на стратешки и други документи во делот на пазарот на труд и вработувањето. Со користењето на овој модел и најновите расположливи статистички податоци, во декември 2017 година се подготви „Информација за долгорочно предвидување на пазарот на трудот" и истата (во март 2018) беше разгледана и дискутирана и на седница на Економско-социјалниот совет.

| **3.1.2.1. Цел: Подобрување на вработеноста на младите и промовирање на повеќе и подобри работни места за младите лица**<br>**Мерка: д/ Воведување на квалитетни услуги во рамки на образовниот процес за кариерно насочување кои ќе им се обезбедуваат на учениците и студентите од сите нивоа на образовниот систем, пред сè во текот на средното и високото образование, како дел од наставната програма** | Рок:<br>2020 | Буџет:<br>500,000 € |
|---|---|---|

**Опис:** Активности за воведување на квалитетни услуги (настава) во рамки на образовниот процес за кариерно насочување (коишто би се засновале врз информации и податоци добиени со помош на системот/моделот за предвидување вештини, а ќе вклучуваат и модули за правата на работното место). Вакава настава ќе се обезбедува на учениците и студентите од сите нивоа на образовниот систем (на крајот на основното образование, во текот на средното и високото образование) како дел од наставната програма на државно ниво.
Во 2014 година 50 општи средни училишта нуделе настава за кариерно насочување како изборен предмет (со приближно 4,000 ученици што ја посетувале наставата), додека пак 36,000 ученици во средните училишта за стручно образование имале пристап до услугите на Центрите за кариерен развој. Наставата за кариерно насочување во средните училишта, сè уште се нуди врз основа на проекти и не е интегрирана во наставната програма

**Реализација**:

- Изработена Програма за кариерно советување;
- Формирани се 53 центри за кариера во средните стручни училишта;
- Обучени се вкупно 171 наставник за кариерно советување;
- Реализирани се програми за кариерно советување на учениците во 66 средни училишта од страна на 235 обучени наставници и стручни соработници (психолози/педагози) во училиштата;
- Изготвени се прилагодени програми „Подготовка за вработување и работа“ и „Учење преку работа“ наменети за учениците во завршните години за сите струки и профили кои се реализираа во рамки на слободните часови во кариерните центри во училишта за ученици со посебни образовни потреби.

( види и 3.2.3.1. - Мерка в/ )

| **3.1.2.1. Цел: Подобрување на вработеноста на младите и промовирање на повеќе и подобри работни места за младите лица**<br>**Мерка: ѓ/ Мерки на локално ниво за поголемо запознавање на младите со нивните права и обврски при работен однос** | Рок:<br>2017 | Буџет:<br>36,000 € |
|---|---|---|

**Опис:** со поддршка од страна на МОТ и употреба на алатките развиени од нивна страна, како „*rights@work for youth*“ се планира да се спроведат повеќе обуки за обучувачи, работилници, тренинзи, едукативни настани, изработка на промотивни материјали за јакнење на капацитетите на Локалните економско социјални совети (ЛЕСС), училиштатата и невладините организации за прашања поврзани со промовирање на пристојната работа и подобрување на свеста помеѓу младите лица за квалитетот на вработувањето

**Реализација**:
Со финансиска и експертска поддршка на Меѓународната организација на трудот (МОТ), до март 2018 година се имплементираше проектот *„Решенија за вработување на младите преку локален социјален дијалог“*, во рамките на кој се обезбеди значајна техничка помош во делот на алатката развиена од страна на МОТ *„Youth Rights@Work“* и нејзино прилагодување/адаптирање на македонскиот контекст и македонските состојби и услови. Во рамки на проектните активности се реализираше и работилницата за обука на обучувачи (во септември 2017 г.), која ја поминаа 16 учесници (8 жени и 8 мажи), со која на учесниците им се обезбедија дополнителни информации за нивните права на работа и начините за развивање на стратегии за остварување на овие права на работното место, а истовремено се изврши и валидирање на техничките содржини и групните активности подготвени за македонската верзија на водичот и алатката на МОТ за *„Работничките права на младите“ („Youth Rights@Work“)*. Кон крајот на 2017 и почетокот на 2018 год. во Битола и Струмица, обучените македонски обучувачи одржаа две тренинг-активности (работилници), на кои учествуваа 35 учесници (24 жени, 11 мажи) и со кои се обучија млади синдикални активисти и членови на младински организации за користење на алатката на МОТ за работничките права на младите лица.

Во рамки на Проектот се реализираше и кампања за подигнување на свеста *„365 Rights@Work“*, организирана и реализирана во партнерство со Коалицијата на младински организации (СЕГА), Конфедерацијата на слободни синдикати и младинскиот/студентскиот web-портал www.fakulteti.mk. Кампањата беше поддржана и промовирана и од страна на Агенцијата за млади и спорт и таа се состоеше во објавување на едно работничко право за секој ден од годината („365 работнички права за млади“ - http://www.fakulteti.mk/job/vrabotuvanje); се организираше широко рекламирана јавна дебата, а се организираа и работилници за обука и информативни денови низ земјата со користење на едукативните и информативните

материјали содржани во адаптираните алатки на МОТ за младинските работнички права.

| **3.1.2.1. Цел: Подобрување на вработеноста на младите и промовирање на повеќе и подобри работни места за младите лица**<br>**Мерка: е/ Јакнење на локалниот пристап за подобрување на вработеноста на младите лица** | Рок:<br>**2018, 2020** | Буџет:<br>**236,000 €** |
|---|---|---|

**Опис:** Планирано е спроведување на повеќе активности со кои ќе се придонесе кон понатамошно и континуирано јакнење на капацитетите на сите релевантни субјекти на локално ниво за поуспешно креирање и имплементирање на програми, мерки и иницијативи за вработување кои ќе бидат прилагодени на реалните локални предизвици и потреби на младите лица. Во рамките на овие активности особено ќе се работи на поттикнување на ангажманот и учеството на формираните Локални економско-социјални совети, како и на останатите локални субјекти (институции на локалната самоуправа, центрите за вработување, работодавачите, давателите на обуки, цивилното општество и сл.).
Ќе се овозможи пилотирање на конкретни – таргетирани мерки и програми за вработување на млади, кои ќе бидат прилагодени на локалните потреби и услови. Ќе се јакнат капацитетите на локалните чинители за ефикасно анализирање и согледување на специфичните предизвици, пречки и потреби и обезбедување на релевантни и ажурни информации за состојбите и движењата на пазарот на труд на локално ниво, кои како такви би се користеле во дизајнирањето на локални програми за вработување на младите и би им биле потребни на младите лица, во делот на насоките за образование и обука, профилите на работни места, перспективните занимања, можностите на пазарот на труд итн. Ќе се работи и на унапредување на процесите на дисеминација на податоците и информациите до младите лица, нивните семејства и пошироката јавност, како истите би помогнале при изборот на можностите и насоките за образование и вработување на младите.
Во делот на изготвувањето и пилотирањето (тестирањето) на програми за вработување на млади прилагодени на локалните потреби, ќе се обрне внимание на програмите за стекнување на работно искуство, за субвенционирано вработување на млади, стручни обуки (вон и на работното место) за занимања кои се дефицитарни на локално ниво, програми за практична обука итн.

*Во спроведувањето на овие активности поддршка ќе обезбеди Меѓународната организација на трудот.*

**Реализација**:
Со финансиска поддршка од Меѓународната организација на трудот и учество на АВРМ се имплементираше *Проектот „Решенија за вработување на млади преку локален социјален дијалог"* за пилотирање на конкретни, таргетирани мерки и програми за вработување на млади кои ќе бидат прилагодени на локалните потреби и услови. Проектот, кој се имплементираше во периодот 2016-2018, имаше за цел да придонесе кон зајакнување на капацитетите на владините партнери и локалните социјални партнери, заедно - во соработка да одговорат на новите и моментални потреби на пазарот на труд за вработување на млади, како и да се овозможи тие да имаат суштинска улога во дизајнирање на програми во областите од значење за создавање на повеќе и подобри работни места за младите. Заедничка мисија на МОТ и АВРМ беше организирана во декември 2016 година за утврдување на состојбата, која имаше за цел да се изберат три региони каде што ќе може да се пилотираат програмите за вработување на младите. Беа идентификувани три општини (Кичево, Струмица и Ресен) во кои постојат функционални локални економско-социјални совети, како и Локални центри за вработување кои ќе можат да нудат индивидуализирани услуги и програми за вработување.

Во текот на 2017 година, во трите селектирани општини се имплементираа три пилот-програми за вработување на млади лица, и тоа програми за практикантство, за обука на работно место и субвенционирање на плати. За проект беше обезбеден буџет од околу 72,000€, а практичното спроведување на мерките е од август 2017 година, при што вкупниот број на склучени договори беше 57 и тоа за практикантство - 46 договори, за обука на работно место - 8 договори и за програмата за субвенции на плата - 3 договори.

Првата компонента на Проектот се фокусираше на градење на капацитетите на Локалните економско-социјални совети и локалните Центри за вработување за дизајнирање, спроведување и следење на таргетирани интервенции и иницијативи за поддршка на вработувањето на младите, кои ќе бидат прилагодени на состојбите и потребите на локално ниво, а истовремено ќе работат и на подигање на свеста кај младите за нивните работнички права. Во текот на 2017 год. се реализираа работилници и обуки за претставниците на Локалните ЕСС и Центрите за вработување во Кичево, Струмица и Ресен за видот на програми и мерки за вработување на младите кои ќе се пилотираат на локално ниво, за клучните карактеристики на дизајнирањето на мерките (механизми за таргетирање, времетраење, нивоа на компензација), како и за начините/механизмите на спроведување.

Пилотирањето на локално-дизајнираните програми за вработување на млади обезбеди и можност за континуирано следење на имплементацијата и анализа на ефективноста на интервенциите во помагањето на младите да навлезат на пазарот на труд. И покрај ограничениот опсег на пилот-мерките (учество на 57 млади невработени лица), сепак

имплементацијата обезбеди поголем број на важни и корисни сознанија. Една идентификувана карактеристика која произлезе од спроведувањето на пилот-програмите беше големиот број младите лица кои не реагирале на повиците од Локалните центри за вработување или не биле заинтересирани за понудените мерки. Овој наод недвосмислено укажува на потребата од зајакнување на стратегиите и програмите за активација и воведување на пристап кој ќе се заснова на взаемна обврска, при што регистрираните лица кои по неколку пати не се одзиваат на повиците на службите за вработување или одбиваат понуди за реинтеграција, се бришат од регистарот и ги губат правата на надоместоци/бенефиции.

Мерката која беше најпопуларна кај младите лица и претпријатијата, беше практикантството. Треба да се потенцира и сознанието кое произлезе од активностите, а се однесува на неопходноста од јакнење на капацитетите на стручните лица (вработените од службите) како би можеле ефикасно да допрат до лицата кои се соочуваат со повеќекратни пречки/потешкотии за влез на пазарот на труд. Недостатокот на интерес што го покажаа многу млади луѓе во понудите на Локалните центри за вработување укажува на постоењето на обесхрабреност и недоверба во способноста на службите да им помогнат. Ваквите состојби би можеле да се надминат преку стимулирање на партнерски пристапи и иницијативи на специјализирани служби (социјални, образовни, здравствени услуги) и организација на активности за ангажирање со низок праг (младински работилници, работни патеки, поддршка од колеги) со вклучување на младински организации.

| | Рок: | Буџет: |
|---|---|---|
| **3.1.2.2. Цел: Намалување на невработеноста на долгорочно невработените и лицата од останатите ранливи групи**<br>**Мерка: а/ Подготовка и имплементација на годишните Оперативни планови за услуги на пазарот на труд и активни програми и мерки за вработување, со фокус на дизајнирање на сет од разновидни услуги и мерки прилагодени на потребите на различните специфични ранливи групи на невработени лица** | **2020** | **50,000,000 €**<br>(за ОП) |

**Опис:** Врз основа на потребите на пазарот на труд, искуствата и резултатите од имплементацијата на услугите и активните мерки за вработување, консултациите со сите релевантни субјекти, секоја година ќе се подготвуваат и ќе се имплементираат годишните Оперативни планови за услуги на пазарот на труд и активни програми и мерки за вработување.

**Реализација**:

Континуирано се подготвуваат и се имплементираат годишните Оперативни планови за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот. Притоа, се води сметка програмите, мерките и услугите за вработување да се прилагодат на реалните потреби на пазарот на трудот, но исто така и тие да бидат соодветно прилагодени како би овозможиле опфат на различните ранливите категории на невработени лица.

Во текот на 2017 година се спроведуваа активните мерки и програми за вработување од Оперативниот план за 2017 година, со кој беа опфатени околу 6,870 лица (програмите и мерките за развој на претприемништвото и самовработувањето, за субвенционирање на работни места, програми за различни видови на обуки на невработените лица, програмата за општинско-корисна работа, мерки за поддршка на вработувањето на лицата со инвалидност итн.).

Континуирано се вложуваат напори за подобрување на опфатот и квалитетот на различните видови на услуги на пазарот на трудот за невработените лица и работодавачите, со кои во текот на 2017 година беа опфатени вкупно 135,000 лица (услуги за помош при барање на работа,обезбедување на информации за пазарот на трудот и изработување на индивидуален план за вработување, обуки за подготовка за вработување и вештини за барање работа, мотивациски обуки, посредување при вработување, професионална ориентација и кариерно советување, услуги за активација на млади невработени лица и лица изложени на ризик од социјално исклучување, услуги за работодавачи, саеми за вработување итн.). Притоа, постои можност едно исто лице или работодавач да биде опфатено со неколку видови различни услуги.

Буџетот на ОП за 2017 година (со ревидирањето) изнесуваше приближно 992,600,000 денари (околу 16,000,000 €)

* * *

На почетокот на 2018 година, Владата на Република Македонија го усвои и Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година (*„Шанса за сите...“*). Со овој ОП се настојува да се опфата што е можно поголем број на различни целни групи и ранливи категории на невработени лица, а посебен акцент се става на младите невработени лица на возраст до 29 години и лицата со намалени можности на пазарот на трудот. Финансиската рамка на овој ОП е во висина од приближно 1,046,000,000 ден. (околу 17М€)

| | | |
|---|---|---|
| **3.1.2.2. Цел: Намалување на невработеноста на долгорочно невработените и лицата од останатите ранливи групи**<br>**Мерка: б/ Развивање и имплементација на мерки за поттикнување на вработувањето на долгорочно невработените лица, а посебно на оние кои се невработени повеќе од 2 години** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**... во ОП** |

**Опис:** Имплементација на мерки за долгорочно невработените (мерки за субвенционирано вработување, обуки на работно место, различни видови на обуки за стекнување на општи и специфични вештини и знаења, мотивациски обуки, посебни активациски услуги и менторска поддршка за анимирање, мотивирање, промоција на можностите за вработување, дополнителни обуки, вработување, самовработување, поддршка во периодот по вработувањето итн.). *(Ваквите мерки ќе бидат дел од годишните Оперативни планови)*

**Реализација**:
Ранливите категории на невработени лица, вклучително и долгорочно невработените лица, имаат можност да се вклучат во сите активни програми и мерки за вработување утврдени во годишните Оперативни планови. Овие лица претходно се вклучуваат во некои од услугите кои ги дава АВРМ за невработените лица, како што се советување за вработување, подготовка за вработување и работа, мотивациски обуки и слично. Преку овие активности се настојува да се зајакнат нивните можности на пазарот на трудот. При креирањето на активните програми, мерки и услуги за вработување се земаат предвид карактеристиките и можностите на ранливите категории невработени лица, односно истите се адаптираат на нивните потреби. Со оглед на тоа што овие лица се со значителни пречки за вклучување на пазарот на трудот, за нив се изготвуваат подетални ИПВ (Индивидуални планови за вработување), во рамките на кои стручните лица од АВРМ ги наведуваат и спецификуваат активностите во кои овие лица треба да бидат вклучени.

( види и 3.1.2.2. - Мерка в/ )

| | | |
|---|---|---|
| **3.1.2.2. Цел: Намалување на невработеноста на долгорочно невработените и лицата од останатите ранливи групи**<br>**Мерка: в/ Развивање и спроведување на специфични мерки за активација и поддршка на вработувањето на социјално загрозените лица (корисници на социјална помош, Роми и др.), за поттикнување на нивното активно присуство на пазарот на труд, барањето работа и вработување** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**... во ОП** |

**Опис:** Мерки со кои би се поттикнало вработувањето и активното присуство на пазарот на труд и активното барање работа на лицата кои се наоѓаат во состојба на социјален ризик (сиромашни, корисници на социјална помош, Роми). Мерките се во функција и на намалување на појавата на неформална работа помеѓу оваа категорија на лица.
Дефинирање на посебни активни мерки за оваа целна група, програми за јавни работи, мерки за поврзување на социјалната парична помош со субвенциите за вработување, мерки за јакнење на меѓуинституционалната соработка во обезбедувањето поддршка на овие лица, ангажирање на тренери и ментори во локалните заедници кои би ги мотивирале и редовно би ги информирале, пред сѐ Ромите, за можностите за вработувања или подобрување на професионалните капацитети итн. *(Ваквите мерки ќе бидат дел од годишните Оперативни планови)*

**Реализација**:
Меѓу другото, во 2017 година како дел од Оперативниот план за 2017 година, беа реализирани Услуги за активирање на поединците изложени на ризик од социјално исклучување и Услуги за активирање на млади невработени лица. Услугите се реализирани од страна на ментори, ангажирани со поддршка на УНДП, кои спроведуваа активности со различни целни групи на невработени лица: идентификување на невработени лица кои покажуваат интерес за учество во активности за вклучување на пазарот на трудот, нивно мотивирање, промоција на можностите за вработување преку користење на активни програми и мерки за вработување, самовработување, поддршка на лицата по вработувањето или регистрирањето на сопствен бизнис и следење на успешноста на кандидатите.
Услугите за активирање на поединците изложени на ризик од социјално исклучување (Роми и други лица изложени на ризик од социјална исклученост, како што се долгорочно невработени лица, корисници на социјална помош и сл.) се спроведуваа во 18 општини во Република Македонија, а Услугите за активирање на млади невработени лица се спроведуваа во 40 општини. Притоа, менторите контактираа и ги информираа невработени лица за можностите кои се нудат преку активни програми и мерки за вработување. За дел од лицата е направена индивидуална проценка на нивните капацитетите, со примена на „Прашалник за профилирање и вреднување на професионалните капацитети на невработено лице за вклучување во активни мерки" и беа упатувани за учество во соодветни активни програми и мерки за вработување или за услуги на посредување при вработување.

Во 2017 година продолжи да се спроведува и Програмата за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик, која имаше за цел да се поттикнат работодавачите да вработуваат лица во социјален ризик. Во текот на годината продолжија да се реализираат активностите започнати од 2016 година, со продолжување на јавниот оглас, по што вкупно беа склучени 15 договори со работодавачи кои вработиле 19 лица (7 од нив - жени, а 13 - млади лица на возраст до 29 години).

* * *

Покрај тоа, во текот на 2016 и 2017 година, во рамки на ИПА компонентата 4 се финансираа 38 грант проекти насочени кон интеграција на пазарот на трудот на најранливите групи на граѓани (16 од 38 проекти беа насочени кон ромската заедница). 90 претежно граѓански организации, јавни установи и единици на локалната самоуправа имплементираа модели (пр. социјално претприемништво), мерки и услуги кои треба да овозможат активација на лицата кои од разни причини се оддалечени од пазарот на трудот.

Поважни реализирани резултати:

- вкупно 2,299 лица учествуваа во обуки за меки вештини, 715 беа припадници на етнички малцинства, главно Роми и тоа претежно жени; 350 лица со попреченост; 290 млади луѓе во социјален ризик, со ниски квалификации; понатаму, долгорочно невработени лица; жртви на семејно насилство; самохрани родители - претежно мајки; лица на издржување казна затвор; рурално население; итн.
- повеќе од 2,225 лица беа обучени за различни стручни вештини, стекнувајќи знаење, искуство и квалификации кои ќе го олеснат нивниот влез на пазарот на трудот. Од нив 683 беа жени-Ромки и припадници од други етнички заедници, 647 беа лица со попреченост и 464 - млади невработени кои се изложени на ризик од сиромаштија и исклученост.
- покрај стекнување на меки и стручни вештини, на 687 лица им се овозможи менторство, практиканство и обука на работното место. Од нив 185 беа жени-Ромки и припадници на други етнички малцинства, 153 лица со попреченост и 157 млади невработени лица изложени на ризик од сиромаштија и исклученост.
- развиени се 480 бизнис планови за започнување сопствен бизнис.
- вработени се 128 лица, но се очекува бројката да биде поголема, имајќи предвид дека дел од проектите завршија со имплементација во декември 2017.
- беа организирани 200 курсеви/обуки и беа разработени 45 модули за обука кои обезбедуваат добра основа за оспособување и преквалификација на ранливите групи кои се соочуваат со многубројни пречки што ги отежнуваат нивните напори за влез на пазарот на трудот.

Во однос на мерките за поддршка на вклучувањето на пазарот на труд и вработувањето на припадниците на Ромската заедница во Република Македонија, види и 3.3.4.1. - Мерка а/

| | | |
|---|---|---|
| **3.1.2.2. Цел: Намалување на невработеноста на долгорочно невработените и лицата од останатите ранливи групи**<br>**Мерка: г/ Мерки за поттикнување на учеството и вработеноста на жените и намалување на родовиот јаз на пазарот на труд во Македонија** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**160,000 €<br>+ ОП** |

**Опис:** Во наредниот период ќе продолжат да се спроведуваат специфични мерки и активности кои ќе имаат за цел да ги подобрат состојбите во однос на вработеноста на жените и нивното учество на пазарот на труд и понатаму да ги намалуваат родовите разлики. Меѓу другото, ќе се поттикнува и ќе се води сметка за рамноправното учество на жените во активните мерки за вработување и услуги на пазарот на труд, а ќе се поттикнува и дизајнирањето и спроведувањето на мерки за жени кои припаѓаат на специфични ранливи категории, како што се жените од руралните средини, жените од одредени етнички заедници, жените без или со ниско ниво на образование. Спроведување на мерки за понатамошно унапредување на правната и институционалната рамка за подобрување на родовата еднаквост и спречување на појавата на дискриминација врз основа на пол, заштита на мајчинството, зајакнување на инспекциските активности во овој дел и јакнење на капацитетите на повеќе релевантни институции и социјални партнери во областа. Се планира и спроведување на специфични активности за адресирање на нееднаквостите помеѓу жените и мажите во однос на платата и спроведувањето на принципот на еднаква плата за работа со еднаква вредност.

Посебен дел во овие активности ќе претставува промовирањето на прашањата поврзани со усогласувањето на работните и семејните обврски, подигнувањето на свеста за подобра рамнотежа меѓу работата и личниот живот, испитување на можностите за промовирање и воведување на пофлексибилни работни ангажмани, работа со работодавачи за нивно поголемо сензибилизирање, конкретни мерки за олеснување на семејните обврски на жените, како на пример грижата за деца и други членови на семејството, развивањето на алтернативни форми за згрижување на деца итн. Во овој дел се планираат и мерки за намалување на појавата на непријавена работа на жените и поттикнувањето на формализацијата во одредени специфични области, како што е ангажирањето на дадилки, домашни помошнички и сл.

Ќе се реализираат активности за поддршка на женското претприемништво и финансиска поддршка (грантови) на претпријатија во сопственост на жени и/или управувани од жени. Во 2017 година се планира да се подготви и усвои и посебна **Стратегија за женско претприемништво 2017-2020** (прва од ваков вид во република Македонија).

Специфичните мерки и активности кои се планираат во овој дел, меѓу другото, ќе се спроведуваат во рамки на имплементацијата на активните програми и мерки за вработување, потоа во рамки на активностите поддржани преку ИПА (проекти за услуги, грантови шеми), програмите за конкурентност, иновации и претприемништво на МЕ, проекти и иницијативи поддржани од меѓународни организации и развојни партнери и сл.

Се планира да се спроведат и анализи за очекуваното влијание на дел од мерките за вработување врз мажите и жените опфатени со нив (gender impact analysis)

**Реализација**:
Во завршна фаза на подготовка е Стратегијата за женско претприемништво во Република Македонија, која ја координира Министерството за економија, со финансиска и техничка поддршка од *GTF* (*Gender Task Force*) - Иницијативата за одржлив раст и во соработка со Здружението на бизнис жени во Македонија. Стратегијата се очекува да биде финализирана и усвоена во текот на 2018 година.
Согласно подготвениот нацрт-текст, Стратегијата за развој на женското претприемништво има за цел да придонесе кон економското јакнење на жените преку создавање на поволна бизнис клима и обезбедување поддршка за развој на нивниот претприемнички потенцијал, со што ќе се придонесе и кон развојот на постоечките и отворање на нови претпријатија, креирање на нови работни места, а со тоа и јакнење на целокупната економија. На долг рок се очекува да се поттикне и изгради претприемачки еко-систем за континуиран развој на женско претприемништво во државата. Очекувани резултати се да се создаде подобрена клима, можности и услови за развој на женското претприемништво, преку активно вклучување на сите релевантни чинители во практичното спроведување на Стратегијата, да се зголеми бројот на жени кои започнуваат деловен потфат, да се зголеми бројот на вработени во компании основани како резултат на женско претприемништво, и се разбира, директно да се влијае врз зголемувањето на нивото на вработеност на жени.

Истовремено се реализираат и спроведуваат и повеќе различни иницијативи и проекти насочени токму кон подигнување на свеста, поттикнување и популаризирање на женското претприемништво и поактивното вклучување на жените на пазарот на труд (пр. организирање различни обуки и активности за јакнење на капацитетите, организирање на манифестација за „Избор на најуспешна жена претприемач за источен и југоисточен регион" за 2017 година, активности на „Здружението на бизнис жени во Р. Македонија", имплементација на Проект „*WE MAKE: Женско претприемништво за конкурентност*" и „*Јакнење на придонесот и ефикасноста на граѓанските организации од женското претприемништво кон ЕУ интегративните реформи во областа на економската политика - WE-Contribute*", „*Креирање на поволен деловен амбиент и обезбедување подобра системска поддршка на претпријатијата во сопственост на жени*" финансиски поддржани од Европската унија, формирањето на првиот Национален совет за женско претприемништво во Република Македонија (2018) итн.).

Во изминатиот период се реализираа и повеќе други проекти, иницијативи, мерки и активности кои имаа за цел да го поттикнат учеството на жените на пазарот на труд и да придонесат кон подобрување на вработеноста кај жените. Се реализираа иницијативи и мерки насочени кон адресирање на усогласувањето на работните и семејните обврски на жените, како на пример активностите во рамки на IPA - Компонента IV Проектот за алтернативни услуги за грижа за деца, иницијативи за зголемување на опфатот на децата-Роми и/или децата од руралните средини во објектите за предучилишно згрижување и образование, почнуваат да се реализираат иницијативи за развој на услуги (пр. услугата на персонална асистенција) кои би можеле да придонесат кон олеснување на семејните обврски на жените, како на пример грижата за членови на семејството и со тоа индиректно да придонесат кон создавање на услови за подобрен и олеснет пристап на жената до пазарот на труд, итн.

* * *

Освен тоа, во текот на 2016/2017 година се имплементираа и повеќе помали грант-проекти во рамки на двете грантови шеми финансирани од Европската унија (ИПА Компонентата 4), „*Поттикнување на социјалната инклузија*" и „*Промовирање на социјалната инклузија на локално ниво*" (вкупно 38 проекти), со кои се реализираа различни мерки и конкретни активности насочени кон поддршка на социјалната вклученост и вработувањето на различни ранливи категории на лица во локалните заедници. Меѓу другото се спроведуваа проекти кои имаа за цел токму да придонесат кон вклучувањето на жени од ранливи целни групи на пазарот на труд, кон поттикнување на женското претприемништво, зголемување на вработливоста на жените итн. Голем број од овие проекти како целна група ги имаа жените-Ромки и жените од други етнички заедници, имаше и проекти кои таргетираа самохрани мајки, жени-жртви на семејно насилство итн. Како пример во овој дел можеме да ги наведеме Проектот „*Програма за (само)вработување за самохрани мајки*" – активности за самохраните мајки (особено поранешните жртви на семејно насилство) да им се обезбедат компетенции, доверба и пристап до можности за одржливо вработување и самовработување, потоа Проектот „*Креирање можности за нови вработувања на жените*", каде целна група беа долгорочно невработените жени, Проектот за „*Учество на жените-Роми на пазарот на труд*", „*Платформата за претприемништво за економско и социјално вклучување на жените од малцинските групи*", Проектот „*Еднакви можности за Ромките за учество на пазарот на трудот*", Проектот за „*Поддршка за вклучување на жените Ромки и жените од етничките малцинства на пазарот на труд*", Проектот насловен „*Жени од руралните средини: Клуч за економскиот раст*" - во кој со конкретни активности и приспособени програми за градење на капацитетите во согласност со индивидуалните потреби и

услови (изготвување на индивидуални акциски планови за вработување, различни видови на обуки итн.) беа опфатени околу 180 жени од Полошкиот регион на возраст од 20 до 45 години, Проектот „*Обучи се, добиј поддршка, работи се!*“ – активности за интегрирање на жените од етничките заедници (од Источниот плански регион) на пазарот на трудот, Проектот „*Зајакнување на Ромките преку создавање социјални претпријатија*“ и многу други проекти.

Во 14 од 38-те грант-проекти, во различни обуки за развој на меки и стручни вештини и обуки на работно место беа вклучени околу 1,900 жени, од кои претежно жени-Ромки (околу 70%), жени-Албанки (15%), Македонки и жени од другите етнички заедници и тоа невработени и долгорочно невработени жени, невработени самохрани мајки (30), над 150 жени од руралните средини итн. Преку овие проекти се овозможи поттикнување и подобрување на способностите на жените, промена на статусот од пасивни во активни баратели на работа, информирање и пријавување за активните мерки за вработување итн.
Исто така се промовираа и еднаквите можности за вработување жени и мажи Роми за што преку ИПА грантови и во текот на 2017 година се обезбеди поддршка на 305 возрасни Роми, од кои 280 жени, без или со некомплетно основно образование и со завршено основно образование и се овозможи овие лица да се здобијат со дипломи за завршено основно (околу 140 жени) и дипломи за завршено средно образование (40 жени). Исто така како надополнување на т.н. втора шанса, во насока на обезбедување подобар пристап до пазарот на трудот, овие лица беа вклучени и во обуки за меки вештини и активно барање на работа со помош на медијаторство, вмрежување и активна вклученост на локални засегнати страни (Центри за вработување и потенцијални работодавачи).

( види и 3.1.2.2. - Мерка в/ )

| **3.1.2.2. Цел: Намалување на невработеноста на долгорочно невработените и лицата од останатите ранливи групи**<br>**Мерка: д/ Имплементација на мерки за поддршка на вработувањето на лицата со попреченост** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**... во ОП** |
|---|---|---|

**Опис:** спроведување на постоечки и дизајнирање на нови мерки за вклучување на лицата со попреченост на пазарот на труд, како субвенции за вработување и други поволности за поддршка за вработување на лицата од оваа ранлива група. Тука, на пример, спаѓа и мерката/програмата за самовработување на лицата со попреченост, која е активна од 2015 година и со која се настојува да се приближи претприемништвото до овие лица, да се развие ефикасна соработка помеѓу релевантните институции, организации и здруженија кои работат со лица со попреченост и преку индивидуален пристап да се мотивираат лицата да регистрираат сопствен бизнис, по што се обезбедува и поддршка во форма на редовно следење и советување на лицата од страна на бизнис експерти, како би се обезбеди поголема оддржливост на бизнисите. *(Ваквите мерки ќе бидат дел од годишните Оперативни планови)*

**Реализација**:
Програмата за Самовработување на инвалидни лица започна да се реализира во 2015 година и нејзината реализација продолжи и во текот на 2016 и 2017 година.
Во текот на 2017 година беше објавен јавен оглас на кој беа пријавени вкупно 74 лица. Обука посетуваа вкупно 52 лица, од кои успешно завршија 51 лице. Изработени и селектирани беа 50 бизнис планови (18 се на жени, а 15 на млади лица). Фирма регистрираа 48 лица (жени се 16, млади лица се 11), а договор за користење на грант потпишаа 47 лица. Дополнително беа вработени 5 лица (сите жени), а од нив 2 лица се млади.
Тековно се спроведува Законот за вработување на инвалидни лица, при што во 2017 година беа поддржани 223 вработувања на инвалидни лица кај 138 работодавачи. Воедно беа одобрени 6 барања за адаптација на работно место и 36 барања за набавка на опрема.

Истовремено, се реализираа и повеќе други проекти, иницијативи и активности кои имаа за цел да го поттикнат учеството на лицата со попреченост на пазарот на труд и да придонесат кон подобрување на можностите за нивно вклучување во отвореното стопанство. Меѓу другото, до јули 2017 година се имплементираше Проект за „*Унапредување на услугите за социјална инклузија*“ (финансиран преку ИПА Компонентата IV), во рамките на кој се реализираа и активности и се поставија основите за воспоставување и развој на услугите на професионална рехабилитација и персонална асистенција, кои покрај кон другите ранливи категории, се насочени токму кон лицата со попреченост и имаат за цел да придонесат и кон нивното полесно интегрирање на пазарот на труд. Се изготвија законски и подзаконски решенија за професионална рехабилитација, развиени се и се тестираа 10 стандарди, методологија и 5 програми за спроведување на професионалната рехабилитација, а беа обучени и 170 стручни работници кои работат со лица со попреченост.
Исто така беа развиени стандарди за персонална асистенција, а предложениот модел на персонална асистенција е пилотиран за 67 корисници со среден или висок степен на физички хендикеп на 8 локации: Струмица, Охрид, Битола, Велес, Куманово, Тетово, Кочани и Скопје.

* * *

Освен тоа, во изминатиот период (2016/2017 год.) се спроведуваа и повеќе помали грант-проекти во рамки на двете грантови шеми финансирани од Европската унија (ИПА Компонентата 4), „*Поттикнување на социјалната инклузија*“ и „*Промовирање на социјалната инклузија на локално ниво*“ (вкупно 38 проекти), со кои се реализираа различни мерки и специфични иницијативи и активности насочени кон поддршка на социјалната вклученост и вработувањето на различни ранливи категории на лица во локалните заедници. Меѓу другото се спроведуваа и проекти кои како целна група ги имаа лицата со попреченост и имаа за цел токму да придонесат кон вклучувањето на оваа ранлива категорија на лица на пазарот на труд, кон зголемување на нивната вработливост, олеснувањето на пристапот до пазарот на труд итн. Како пример на вакви проекти би можеле да ги наведеме Проектот „*Планирање на модел за одржливо вработување на лица со попречености*“ – промовирање и пилотирање на модел на одржливо вработување на лица со попречености врз основа на нивните способности, со опфат на лица од Скопскиот регион (над 150 лица со попреченост биле вклучени во различни обуки и др. активности), Проектот за „Промовирање на активно вклучување на лица во неповолна положба исклучени од пазарот на труд“ – во чии активности биле вклучени и лица со попреченост, Проектот именуван како „Центар за вработување лица со попреченост“, Проектот „*Кујна на тркала*“ – за создавање на можности за вработување на лица со попречености, Проектот „*Пилот акции за пристапот до правото на работа на лицата со попречености*“ и други.

( види и 3.1.2.2. - Мерка в/ )

| | | |
|---|---|---|
| **3.1.2.2. Цел: Намалување на невработеноста на долгорочно невработените и лицата од останатите ранливи групи**<br>**Мерка: ѓ/ Развој на социјалното претприемништво, во функција на отворање работни места и вклучување на најранливите категории на пазарот на труд** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**XXX** |

**Опис:** Се планира реализирање на бројни активности за развој, промовирање и поддршка на социјалното претприемништво во Република Македонија, преку воспоставување и заокружување на неопходната регулаторна рамка, изнаоѓање на соодветни механизми и инструменти за финансиска и друг вид на поддршка на социјалните претпријатија, подигнување на јавната свест за овие теми итн. Преку активностите за поттикнување на социјалното претприемништво ќе се придонесе кон директно креирање на работни места за социјално загрозени категории на граѓани во рамки на социјални претпријатија, но и кон зголемување на можностите за нивно вклучување на пазарот на труд преку учество во програми на воспоставени социјално-претприемачки центри/услуги за социјална и професионална (ре)интеграција.

На овој начин, дополнително би се поттикнала и подобрила вклученоста на пазарот на труд на ранливите категории на граѓани (долгорочно невработени, бездомници, лица со попреченост, Роми, социјално загрозени семејства, лица со ниско ниво на образование, еднородителски семејства, ранливи категории на млади лица, лица-жртви на трговија со луѓе или семејно насилство, поранешни корисници на дрога, алкохол, поранешни затвореници и други).

Планираните активности во однос на развојот на социјалното претприемништво се подетално презентирани во рамки на делот *3.3.3.1. Развој и унапредување на социјалните услуги и можностите за вклучување на различни субјекти во квалитетното и ефикасно обезбедување на социјални услуги во заедниците;* мерка: *б/ Промоција и развој на социјалното претприемништво.*

**Реализација**:

Со цел да се подобри и унапреди инклузивноста на пазарот на труд во државата и да се поттикне креирање на нови можности за вработување преку стимулација на социјалната економија, во период мај 2016 - ноември 2017 година се реализираше проектот „Зајакнување на социјалното претприемништво“ (ИПА Компонента 4). Во рамките на проектот се реализираа поголем број на активности за градење на поволна средина за социјално претприемништво, а се обезбеди и експертска поддршка на работната група која работеше на подготовка на предлог-законска рамка, во консултации со релевантни субјекти (граѓанскиот сектор и други релевантни државни институции/министерства). Исто така се развија предлог пилот-мерки и финансиски инструмент за идна поддршка на социјалните претпријатија, алатки за следење на мерките за социјално претприемништво и механизам за систематско прибирање на информации за социјалните претпријатија.

На 12 невладини организации, кои работат според начелата на социјално претприемништво им се обезбеди консултантска помош и работилници за унапредување на своето работење, во насока на отпочнување или развој на социјални бизниси. Во процесот на финансиско и управувачко јакнење, 12те невладини организации низ работилници беа информирани и за потенцијални финансиски инструменти и начини за продажба на своите услуги и добра развиени како социјални бизниси. Социјалното претприемништво се промовираше помеѓу младите во рамки на организирани отворени денови на три државни универзитетите во Скопје и Битола и во неколку средни училишта во Скопје. Група студенти и средношколци (околу

40) беа вклучени во практична обука/практикантство во 12те социјални претпријатија. Исто така во активностите на проектот се пристапи и се работеше и со микро-финансиски организации со цел полесно разбирање на социјално претприемништво и ниво вклучување во финансирање и развој на социјалното претприемништво. Исто така се воспостави и соработка со одредени донатори (Амбасадите на Швајцарија, Полска, Јапонија и Данска) за да се иницира обезбедување на средства како иницијален капитал на 12те граѓански организации во спроведување на социо-економски активности/социјални бизниси, според начелата на социјалното претприемништво.

( види 3.3.3.1. - Мерка б/ )

| **3.1.2.2. Цел: Намалување на невработеноста на долгорочно невработените и лицата од останатите ранливи групи**<br>**Мерка: е/ Редовно и континуирано мониторирање и оценка на успешноста на активните мерки за вработување и услуги на пазарот на труд, поставување на таргети и следење на нивното исполнување** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**95,000 €** |
|---|---|---|

**Опис:** И понатаму ќе се реализираат мерки со кои дополнително ќе се унапредуваат и ќе се зајакнуваат процесите, постапките и механизмите за редовно следење на имплементацијата и оценка на успешноста на мерките и услугите на пазарот на труд. Основната цел е преку тоа да се придонесе кон подобрување на ефикасноста и ефективноста на мерките кои се дизајнираат и се спроведуваат, да се подобри искористеноста на расположливите финансиски и други ресурси за оваа намена, да се подобри таргетирањето и опфатот на корисници, да се обезбедат неопходните информации за евентуално потребно модифицирање и подобрување на самите мерки и сл.
Важно е во овие активности на редовно следење и оценување на спроведувањето на политиките за вработување, покрај државните институции, активно да бидат вклучени и социјалните партнери, што во голема мера ќе допринесе кон поефикасно и поефективно креирање на нови и модификување на постоечки (каде што е потребно) политики и мерки на пазарот на труд.

**Реализација**:
Тековно се следи (мониторира) спроведувањето на активните програми и мерки за вработување, па соодветно, врз основа на резултатите и идентификуваните недостатоци и предизвици, се прилагодува и дизајнот и опфатот на корисници на програмите и мерките, при дефинирањето и подготовката на новите Оперативни планови за активно програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд, а во случај на потреба, се подготвуваат и измени и дополнувања (ревидирање) на актуелните Оперативни планови.

Покрај тоа, во текот на 2017 година со поддршка обезбедена од страна на Меѓународната организација на трудот, се подготви и детален мониторинг извештај за досегашниот постигнат напредок во спроведувањето на Акцискиот план за вработување на млади 2020. Подготовката на овој Извештај беше дел од предвидениот среднорочен мониторинг и оценка на напредокот во постигнувањето на планираните резултати и цели од АП за вработување на млади. Оваа анализа (мониторинг извештај) кој се подготви во септември 2017 година, потоа претставуваше и главна појдовна основа за изготвувањето на планираната периодична ревизија Акцискиот план за вработување на млади 2020, при што беа дефинирани активностите и целите предвидени за реализација до 2020 година, а Планот се дополни и со посебен дел „Гаранција за млади“. Ревидираниот Акциски план за вработување на млади се усвои на почетокот на февруари 2018 година.

### 3.1.3. Справување со неформалната вработеност

**3.1.3.1. Цел: Намалување на појавата и присуството на неформалната вработеност во Република Македонија**

**Мерка: а/ Зајакнување на капацитетите и на ефективноста на инспекциските служби во справувањето со непријавена работа, вклучително и подобрување на усогласеноста со стандардите на Европската унија и практичното спроведување на прописите во делот на безбедноста и здравјето при работа**

| Рок: | Буџет: |
| --- | --- |
| 2018/2020 | 1,000,000 € |

**Опис:** Спроведување на обуки за прашања поврзани со разновидни ситуации на појава на непријавената работа и неформалност на работните односи, пренесување и запознавање со меѓународните искуства во оваа област, развивање и примена на нови методи и алатки за адресирање на неформалната економија, мерки за зајакнување на бројот, фреквенцијата и ефикасноста на инспекциските надзори на инспекторите од ДИТ во областите/дејностите кај кои е утврдено зголемено присуство на непријавена работа, како на пр. градежен сектор, земјоделство, туризам, мали претпријатија итн.).
Во овој дел се планираат и активности кои ќе бидат во функција на понатамошно унапредување на регулативата и јакнење на капацитетите и функционирањето на сите релевантни институции и субјекти во областа на безбедност и здравје при работа. Во оваа област која се соочува со повеќе предизвици, како во делот на легислативата, така и во однос на нејзината доследна практична примена и спроведување, се планираат активности за оценка на усогласеноста на регулативата, за понатамошно зајакнување на човечките капацитети (вклучително и на инспекциските служби), јакнење на капацитетите и работата на Советот за БЗР, подигнување на свеста за прашања од областа на БЗР, развивање и унапредување на национален систем за прибирање и евидентирање на информации и податоци за повреди при работа и професионални заболувања итн.
Во обезбедувањето на поддршка во спроведувањето на дел од овие активности учествува МОТ, а се планира и поддршка преку ИПА II.

**Реализација**:

Бројни активности во овој дел се реализираа во изминатиот период со поддршка од страна на Европската унија, во рамки на Проектот за „*Поддршка во борбата против непријавената работа*“, кој се спроведуваше преку ИПА Компонентата 4. Преку проектните активности се работеше на јакнење на капацитетите и зајакнување на заложбите на сите релевантни национални субјекти во обезбедувањето на систематски и координиран пристап на институциите, но и на социјалните партнери, во борбата против појавата на непријавената работа и неформално вработување. Голем дел од проектните активности се однесуваа на јакнењето на капацитетите, работните процеси и процедури, подобрување на материјалните ресурси на Инспекторатот за труд и трудовите инспектори. Се организираа повеќе работилници, обуки и семинари на различни теми за трудовите инспектори и претставниците на останатите чинители, се работеше на јакнење на механизмите и формите на соработка и координиран пристап помеѓу Инспекторатот, претставниците на работодавачите и на работниците, другите релевантни институции.
Меѓу другите теми, се реализираа обуки на теми како што се основи на непријавена работа, најдобри практики во инспекцијата, креирање и имплементација на јавни едукативни кампањи за непријавена работа, основи на работните односи, унапредување на ефикасноста на инспекторите на ДИТ, подигнување на свесноста и поврзување/вмрежување, ефективни односи со јавноста и комуникација со медиуми и други.
Се реализираа и активности за истражување на јавното мислење и сознанијата на граѓаните за нивното директно или индиректно учество и влијание во непријавената работа.

За унапредување на работата и соработката во оваа област беа потпишани и неколку меморандуми за соработка:

- Меморандум за соработка и размена на податоци меѓу Државниот инспекторат за труд (ДИТ), Државниот инспекторат за техничка инспекција (ДИТИ), Државниот пазарен инспекторат (ДПИ), Државниот санитарен и здравствен инспекторат (ДСЗИ);
- Меморандум за соработка помеѓу ДИТ и АВРМ,
- Меморандум за соработка за добивање податоци за прекршочната процедура помеѓу ДИТ и Централниот регистар на Македонија (ЦРМ);
- Договор за користење на интернет дистрибутивен систем, ДИТ и ЦРМ

Покрај тоа, дополнително беа зајакнати капацитетите на Државниот инспекторат за труд преку набавка на возила за потребите на ДИТ (20), набавка на компјутерска опрема (65 преносни компјутери), клима уреди, канцелариски мебел.

| 3.1.3.1. Цел: Намалување на појавата и присуството на неформалната вработеност во Република Македонија<br>**Мерка: б/ Јакнење на трипартитниот пристап и соработка во справувањето со појавата на неформална вработеност и донесување на трипартитна Национална стратегија за формализирање на неформалната економија** | Рок:<br>2017 | Буџет:<br>90,000 € |
|---|---|---|

**Опис:**
Стратегијата ќе биде подготвена и усогласена преку трипартитни консултации и преку Економско-социјалниот совет.
Ќе се настојува да се зајакне меѓусебната соработка и заеднички развој на трипартитни иницијативи, програми и мерки за формализација на неформалната работа, поттикнување на соработката во овој дел во рамките на Економско-социјалниот совет и формираните локални економско-социјални совети, формирање и функционирање на посебна работна група за разгледување на прашањата од оваа област во рамките на ЕСС и сл.  Во обезбедувањето поддршка во спроведувањето на активноста ќе учествува МОТ.

**Реализација**:
Во март 2018 година Владата на Република Македонија ја усвои Стратегијата за формализирање на неформалната економија во Република Македонија 2018-2022 (57-ма седница на ВРМ, 6 март 2018 г.).
Подготовката на Стратегијата беше поддржана од МОТ и истата се подготви со активно учество на повеќе релевантни институции и социјални партнери, а во подготовката беше консултиран и невладиниот сектор. Во Стратегијата се презентирани особеностите на неформалната економија во Република Македонија, причините за нејзино постоење, досегашните мерки и активности кои се преземани за справување со оваа појава, најзначајните претстојни предизвици во овој дел, и се разбира, се дефинираа основни стратешките цели, специфичните цели кои произлегуваат од нив и насоките за понатамошно дејствување. Генералната цел на Стратегијата за формализација на неформалната економија во Република Македонија за периодот 2018-2022 година е креирање на сеопфатен и конзистентен систем за ефикасно намалување на неформално вработените, нерегистрираните деловни субјекти и неформалните активности во рамките на формалната економија.
Владата усвои и заклучок да се формира соодветно Координативно тело одговорно за координирање и следење на спроведувањето на Стратегијата, составено од номинирани претставници од поголем број на релевантни институции
Во насока на операционализација на стратешките цели, во тек е подготовка на Акциски план кој се очекува да се усвои од Владата на РМ во јули 2018 година.

| 3.1.3.1. Цел: Намалување на појавата и присуството на неформалната вработеност во Република Македонија<br>**Мерка: в/ Спроведување на национална кампања(и) и други промотивни активности за информирање и подигнување на јавната свест за потребата и за придобивките од формализацијата на неформалното вработување и за ризиците и штетните ефекти од непријавената работа, како врз работниците, така и врз економската и социјална ситуација во државата** | Рок:<br>2018/2020 | Буџет:<br>45,000 €<br>+ ИПА |
|---|---|---|

**Реализација**:
////

| 3.1.3.1. Цел: Намалување на појавата и присуството на неформалната вработеност во Република Македонија<br>**Мерка: г/ Дизајнирање и спроведување на дополнителни таргетирани мерки за справување со неформалната вработеност и премин од неформално кон формално вработување** | Рок:<br>2020 | Буџет:<br>400,000 € |
|---|---|---|

**Опис:** развој и имплементација на конкретни мерки, како на пр. мерки за регистрирање и формализирање на лицата кои се ангажираат за чување деца (дадилки) и/или куќни помошнички и чистачки (воведување на ваучер систем), вакви и/или слични мерки во земјоделскиот сектор и секторот на туризам и угостителство, мерки за поттикнување на активацијата на примателите на социјална парична помош и намалување на појавата на неформална работа меѓу нив, мерки за подобрување на информираноста и едукацијата на учениците/младите за негативните ефекти од сивата економија итн.

**Реализација**:
Во оваа област за одбележување е ИПА проектот за „*Развој на алтернативни услуги за згрижување на деца*" кој се спроведуваше до септември 2017 година и во рамките на кој, меѓу другото, се спроведоа и неколку истражувања за согледување на потребите (побарувачката) и можностите за развој на услугите за згрижување на деца. Едно теренско истражување беше спроведено во периодот ноември 2016 - февруари 2017 год., помеѓу над 2,000 родители, со цел да се идентификува побарувачката и понудата на услугите за згрижување на

деца. Се спроведе и истражување на 200 компании во кои има над 50 вработени, во однос на усогласувањето на политиките за работниот и семејниот живот и за тоа како различни опции влијаат врз способноста на семејствата да ги усогласат работниот и семејниот живот во компаниите, на каков начин овие опции ќе бидат подготвени за воведување и спроведување како дел од нивните политики за човечки ресурси.

Се подготвија и минимум стандардите за квалитетни услуги за згрижување на деца и надлежноста на давателите на услугите за згрижување на деца, како и миниум стандарди за децата со посебни потреби, студија на трошоци за воспоставување на понудените услуги за згрижување на деца. Се направи преглед на моменталните достапни програми за самовработување и се подготви нацрт-активна мерка за вработување за основање и обезбедување услуги за домашно згрижување на деца, а дополнително се обезбеди и преглед на Европската пракса во делот на услугите за згрижување на деца, посебно на предложените модели (згрижување на деца во домашни услови и згрижување на деца во рамки на компанија).

Во врска со подобрени и флексибилни, пристапни и квалитетни алтернативни услуги за згрижување на деца беа дизајнирани, тестирани и тренинг програма за идни даватели на услуги во домашни услови, како пилот-активност се подготви учебник, согласно кој се спроведе 115-часовната програма за обука со која преку теоретски и практичен дел се обучија 22 потенцијални даватели на услуги во домашни услуги, со цел вакви услуги да се формализираат. Од нив 18 лица се вклучија во процесот на лиценцирање за негуватели кој го спроведува Министерството за труд и социјална политика. Оваа програма за обука претставува и платформа за идниот развој и предлог за обуки за дефицитарните занимања.

| | | |
|---|---|---|
| **3.1.3.1. Цел: Намалување на појавата и присуството на неформалната вработеност во Република Македонија**<br>**Мерка: д/ Подобрување и понатамошно зајакнување на електронската размена на податоци и информации помеѓу различните надлежни институции, вкрстена проверка на информациите во базите на податоци** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**XXX** |

**Опис:** Унапредување на механизмите и процесите за размена на податоци помеѓу АВРМ, Агенциите за привремени вработувања и Агенциите за посредување при вработување, МТСП, ДИТ, центрите за социјална работа, Управата за јавни приходи, Централен регистар, Фонд за ПИОМ и други

**Реализација**:

Со поддршка преку проектните активности на ИПА Проектот за „*Поддршка во борбата против непријавената работа*", за унапредување на работата и соработката во оваа област беа потпишани и неколку меморандуми за соработка:

- Меморандум за соработка и размена на податоци меѓу Државниот инспекторат за труд (ДИТ), Државниот инспекторат за техничка инспекција (ДИТИ), Државниот пазарен инспекторат (ДПИ), Државниот санитарен и здравствен инспекторат (ДСЗИ);
- Меморандум за соработка помеѓу ДИТ и АВРМ,
- Меморандум за соработка за добивање податоци за прекршочната процедура помеѓу ДИТ и Централниот регистар на Македонија (ЦРМ);
- Договор за користење на интернет дистрибутивен систем, ДИТ и ЦРМ

( види и 3.1.3.1. - Мерка а/ )

## 3.1.4. Унапредување на квалитетот на работата и услугите на јавната служба за вработување

| | Рок: | Буџет: |
|---|---|---|
| **3.1.4.1. Цел: Понатамошно подобрување на капацитетите на АВРМ**<br>**Мерка: а/ Подобрување на физичките капацитети и условите за работа во службата за вработување** | 2020 | 1,500,000 € |

**Опис:** Реновирањата се отпочнати при што во досегашниот период направена е реконструкција на 12 подрачни служби за вработување (Кавадарци, Свети Николе, Делчево, Крива Паланка, Штип, Радовиш, Ресен, Кочани, Неготино, Пробиштип, Битола, Виница), со финансиска помош обезбедена преку ИПА Компонентата 4.
До 2020 година планирано е со реконструкција да бидат опфатени сите 30 подрачни служби за вработување, со што се очекува условите за работа и квалитетот на услугите кон невработените лица и работодавачите да бидат значително унапредени и подобрени. При реконструкцијата и изведувањето на градежните активности, во согласност со постоечката регулатива, ќе се води сметка за специфичните потреби за пристап во овие објекти кои ги имаат лицата со инвалидност.

**Реализација**:
До овој момент, реновирани и реконструирани се наведените 12 центри за вработување.

| | Рок: | Буџет: |
|---|---|---|
| **3.1.4.1. Цел: Понатамошно подобрување на капацитетите на АВРМ**<br>**Мерка: б/ Отворање на нови дисперзирани канцеларии на подрачните служби за вработување** | 2020 | 270,000 € |

**Опис:** За подобрување на пристапот и олеснување на користењето на услугите на АВРМ досега се отворени 26 дисперзирани канцеларии на центрите за вработување, во кои работи по еден вработен од подрачната служба за вработување и кој на клиентите им ги обезбедува неопходните услуги, како воведување во евиденција на невработените лица и нивното редовно јавување, пријавување и одјавување од работен однос, посредување за вработување на барање на невработените лица или работодавачите, подготовка за вработување на невработените лица, пријавување за учество во активните програми и мерки за вработување, поднесување барања за остварување право на паричен надоместок во случај на невработеност и сл.
До 2020 година се планира да се отворат нови 14 дисперзирани канцеларии на подрачните служби за вработување

**Реализација**:
Во изминатиот период беа отворени вкупно 29 дисперзирани канцеларии на подрачните служби за вработување.

**Промени/корекции/евентуални одложувања/измена на приоритети:**
По добиените сознанија за функционалноста и целисходноста на дисперзираните канцеларии на подрачните служби за вработување, 4 канцеларии се затворени, така што сегашниот број на дисперзирани канцеларии изнесува 25.

| | Рок: | Буџет: |
|---|---|---|
| **3.1.4.1. Цел: Понатамошно подобрување на капацитетите на АВРМ**<br>**Мерка: в/ Унапредување на човечките ресурси во јавната служба за вработување преку зголемување на бројот на вработени и обезбедување на нивен континуиран развој** | 2020 | од буџет на АВРМ |

**Опис:** И понатаму ќе се посветува внимание на континуираниот развој на човечките ресурси во АВРМ, развој и зголемување на нивното знаење, вештини и компетенции за испорачување на што поквалитетни услуги на своите клиенти.
До 2020 година е планирано зголемување на бројот на вработени во јавната служба за вработување од најмалку 10%, а секој од вработените (со исклучок на помошно–техничкиот персонал) ќе учествува најмалку еднаш годишно во некоја обука, работилница или семинар кој ќе биде од значење за подобрување на квалитетот на работата во рамките на неговото/нејзиното работно место.

**Реализација**:
Агенцијата за вработување на Република Македонија континуирано посветува внимание и се грижи за развој, јакнење и надградување на човечките капацитети, односно човечките ресурси. Во таа насока, и во текот на 2017 година сите вработени посетуваа различни семинари, обуки, работилници и предавања, за надградба на своите знаења и вештини

| 3.1.4.2. Цел: Понатамошно подобрување на услугите и работата на АВРМ со клиентите (невработените лица и работодавачите)<br>**Мерка: а/ Унапредување на процесот на профилирање и на изготвувањето и квалитетот на индивидуалните планови за вработување, а преку тоа и зголемување на вработувањата на невработените** | Рок:<br>2020 | Буџет:<br>220,000 € |
|---|---|---|

**Опис:** Врз основа на направено профилирање и категоризирање на невработените лица, за лицата класифицирани како директно вработливи или со умерени пречки при вработување, советодавната сесија продолжува со развивање на ИПВ согласно постоечката пракса во центрите за вработување, т.е. се изработува ИПВ - верзија 1. Ако се утврди дека невработеното лице се соочува со значителни пречки при вработувањето, за лицето се изготвува индивидуална стратегија за вработување, т.е. ИПВ - верзија 2. Ваквата реформска мерка во АВРМ во процесот на профилирање и изготвување на ИПВ, започна со практична имплементација од јануари 2016 година и воочена е потребата од нејзино значително зајакнување, меѓу другото и преку дополнителни обуки на вработените во центрите за вработување и зголемување на опфатот на невработените лица кои ќе бидат профилирани, на што ќе се посвети поголемо влијание во наредниот период.
Се планира до 2020 год. за околу 40,000 невработени лица да се зготват ИПВ 2 и најмалку 60% од тие лица да бидат вклучени во некоја од активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот во период на наредните 12 месеци.

**Реализација**:
Агенцијата за вработување на РМ во континуитет го спроведува профилирањето на невработените лица, со што се определува нивото на нивната можност за полесно вработување. За таа цел, се изработуваат соодветни Индивидуални планови за вработување, и тоа ИПВ 1 - за лицата со помали и со умерени пречки при вработување и ИПВ 2 - за лицата со поголеми потешкотии за вклучување на пазарот на трудот. Во изминатиот период (во текот на 2016 и 2017 година, од кога е отпочната оваа активност) изработени се вкупно 10,660 ИПВ 2, а во истиот период изработени се приближно 228,000 ИПВ 1 планови (за полесно вработливите лица).

| 3.1.4.2. Цел: Понатамошно подобрување на услугите и работата на АВРМ со клиентите (невработените лица и работодавачите)<br>**Мерка: б/ Унапредување на соработката со работодавачите** | Рок:<br>2020 | Буџет:<br>120,000 € |
|---|---|---|

**Опис:** Во овој дел се планира зајакнување на врските и соработката со работодавачите, меѓу другото и преку определување на одредени вработени лица во секоја подрачна служба за вработување кои ќе бидат контакт лица за соработка со работодавачите и кои ќе ги познаваат карактеристиките на расположливата работна сила, за да може навремено да се одговори на барањата на работодавачите. Ваквите мерки се очекува да доведат до тоа да се зголеми и бројот на поднесени барања за посредување при вработување од страна на работодавачи и најголемиот дел од нив успешно да бидат реализирани. Моменталната состојба е таква да годишно се добиваат околу 4,600 барања за посредување и 72% од нив успешно се реализирани.

**Реализација**:
Информирањето, како и олеснувањето на пристапот до услугите на работодавачите во текот на 2017 година се спроведуваше преку системско планирање и спроведување на ефикасни услуги за работодавачите, како и следење на нивната успешност и ефектите преку задоволување на заедничките потреби и интереси.
Центрите за вработување имаа континуирана соработка со работодавачите и остваруваа директни средби, како во центрите за вработување, така и преку посета кај работодавачите. Соработката со работодавачите се остваруваше преку повеќе видови на активности:

- посредување при вработување,
- соработка со работодавачите преку нивната вклученост во одредени активни програми, мерки и услуги за вработување;
- континуирано известување и информирање на работодавачите за сите тековни активности, мерки и услуги што ги обезбедува АВРМ и кои тие можат да ги користат;
- давање правна помош, мислење и појаснување на правната регулатива;
- организирање заеднички средби, посети и состаноци (за меѓусебно информирање, размена на информации, давање насоки и предлози) итн.

Во текот на 2017 година беа доставени вкупно 4,174 барања за посредување при вработување. Од нив, 2,685 барања (64.3%) беа позитивно решени (3,405 вработени лица). Во останатите случаи постои можност работодавачите да се откажат од барањето за посредување или да не се задоволни од понудената работна сила.

| | Рок: | Буџет: |
|---|---|---|
| **3.1.4.2. Цел: Понатамошно подобрување на услугите и работата на АВРМ со клиентите (невработените лица и работодавачите)**<br>**Мерка: в/ Унапредување на соработката на Центрите за вработување со Центрите за социјална работа, особено кога станува збор за активација на лица корисници на социјална помош и корисници на други парични надоместоци и бенефиции, лица под ризик од социјална исклученост, меѓу кои Роми, лица со попреченост** | **2020** | **XXX** |

**Опис:** Активности и мерки за заеднички средби, размена на информации и податоци, продлабочување на заедничката соработка, заеднички настап и вклученост во дизајнирање и спроведување на специфични активности, пред сè за лицата кои се корисници на одредени парични бенефиции, социјално загрозени, лица кои се недоволно активни, за нивна активација и вклучување на пазарот на труд, мотивација, опфат со одредени конкретни активности и сл.

**Реализација**:

Во вршењето на своите дејности, Агенцијата за вработување на Република Македонија (т.е. Центрите за вработување) и Центрите за социјални работи меѓусебно разменуваат податоци за лицата кои се корисници на социјална помош. Во таа смисла, при имплементацијата на програмите, мерките и услугите за вработување во кои се вклучени корисници на социјална помош, на барање на АВРМ, ЦСР доставуваат податоци дали лицата кои аплицирале за учество во мерките се корисници на социјална помош. Од друга страна, при утврдувањето на правата од социјална заштита, ЦСР имаат можност преку web-сервиси да проверат дали лицето е евидентирано како невработено во АВРМ, како и дали е корисник на паричен надоместок по основ на невработеност, заради утврдување на висината на социјалната помош.

Меѓусебната соработка, координација и размена на податоци и информации ќе продолжат и понатаму да се развиваат и унапредуваат.

### 3.1.5. Зајакнување на социјалниот дијалог на трипартитно и бипартитно ниво, на национално и на локално ниво, унапредување на колективното договарање

| 3.1.5.1. Цел: Јакнење на капацитетите на социјалните партнери и механизмите на социјалниот дијалог<br>**Мерка: а/ Спроведување на конкретни мерки за зајакнување на капацитетите на социјалните партнери (синдикатите и организациите на работодавачи) за унапредување на постојните и развој на нови услуги за своите членови; промоција на услугите со цел да се задржи постојното и да се привлече ново членство** | Рок:<br>2020 | Буџет:<br>1,600,000 € |
|---|---|---|

**Опис:** Планирано е да се организираат и да се спроведуваат разни видови на обуки, поддршка во подобрување на постоечките и развој на нови услуги за членовите на организациите на работници и работодавачи (правна помош, спроведување обуки, поддршка во делот на здравје и безбедност при работа итн.), развој и подобрување на механизмите на функционирање, консултации и застапување на интересите на своите членови, механизми и инструменти на организирање и привлекување на ново членство итн.
Ќе се обезбеди поддршка на постојните, а по потреба, ќе се формираат и ќе се опремат нови локални и регионални канцеларии на организациите на работодавачите и синдикатите. Ќе се направи оценка на потребите и согласно резултатите од оценката, ќе се развијат и промовираат новите услуги за членството за одредени теми согласно искажаните потреби: ефективно организирање и меѓународни трудови стандарди, анализа на политики (пр. економски, правни, социјални, од областа на животната средина), разбирање на економските концепти, вмрежување и вештини за застапување, комуникациски вештини и односи со јавност (PR), правно осветување, web дизајн, управување со човечки ресурси, финансиски и сметководствени вештини за МСП, „меки“ вештини и сл.
Поддршка во имплементацијата на овие активности ќе обезбеди МОТ, а се планира и значителна поддршка во рамки на ИПА II.

**Реализација**:
Во рамки на проектот за „Унапредување на социјалниот дијалог“, кој се спроведуваше до март 2017 година како директен грант на МОТ, ко-финансиран преку ИПА Компонентата 4, меѓу другото, беа спроведени повеќе активности за зајакнување на бипартитниот и трипартитниот дијалог и бројни активности за подобрување на физичките и човечките капацитети на Економско социјалниот совет и локалните економско-социјални совети, но и на социјалните партнери. Организирани се поголем број на обуки и работилници за теми и прашања од областа на функционирањето на социјалниот дијалог на различни нивоа и подобрување на колективното договарање на секторско ниво - за синдикатите и работодавачите од секторите транспорт и врски, градежништво, трговија, туризам и угостителство, текстил, земјоделие.

Со техничка и експертска помош во рамки на Проектот, се придонесе за развој на стратешки планови и статути за управување на организации на работодавачи, како и пет анализи/документи за подобрување на бизнис-климата, за развој и имплементација на комуникациски и маркетинг стратегии кои ќе ја подобрат видливоста и имиџот на социјалните партнери, како и за натамошно унапредување на правата на работниците преку креирање и имплементација на специфично-насочени web-страница и кампања.

Проектот разви посебна стратегија за маркетинг и комуникација за организациите на работодавачите и единствена комуникациска стратегија за синдикатите. На изготвувањето на стратегиите им претходеа анализи за состојбата на социјалните партнери, нивниот имиџ, перцепција меѓу пошироката јавност и релевантните институции, како и конкуренцијата. Врз основа на тоа, се воспоставија и развија мерки и алатки кои ќе овозможат организациите да станат позабележливи и попривлечни за постоечкото и потенцијалното ново членство. Беа имплементирани голем број активности вклучени во стратегиите, почнувајќи од организирање на промотивни настани, појавување на медиуми, дизајнирање на нови web-сајтови, обезбедување на промотивни материјали и ПР кампања. Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ) и Бизнис конфедерацијата на Македонија (БКМ) пријавиле зголемување на своето членство како резултат на проектните активности од 12.84% и 10%, соодветно. Конфедерацијата на слободни синдикати (КСС) извести за неофицијално зголемување на нивното членство од околу 20%, а одредено зголемување на членството, како резултат на акциониот план за застапување и промоција, беше пријавено и од страна на регионалните службеници на Сојузот на синдикати на Македонија (ССМ).

Имплементацијата на вакви активности за јакнење на социјалниот дијалог и капацитетите на социјалните партнери ќе продолжат интензивно да се спроведуваат и од IV квартал од 2018 година, во рамки на Проектот за зајакнување на социјалниот дијалог (втора фаза), кој ќе биде ко-финансиран од ЕУ (ИПА II), а имплементиран во форма на директен грант на МОТ.

| | | |
|---|---|---|
| **3.1.5.1. Цел: Јакнење на капацитетите на социјалните партнери и механизмите на социјалниот дијалог**<br>**Мерка: б/ Подобрување на капацитетите на организациите на работодавачите и работниците за вклучување во колективното договарање, подобрување на преговарачките способности**<br>**Опис:** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**... ИПА** |

**Реализација**:

Во рамки на Проектот за „Унапредување на социјалниот дијалог“ кофинансиран од ЕУ (ИПА I), беа спроведени обуки во шест сектори (транспорт, трговија, туризам, земјоделство, градежништво и текстил) за зајакнување на преговарачките капацитети на социјалните партнери, преку кои беа обучени вкупно 155 лица од здруженија на работодавачи и од синдикати.

Се подготви Трипартитен акционен план за унапредување на колективното договарање, врз основа на анализата на регулаторната рамка за колективно договарање и придонесите добиени од социјалните партнери. Планот содржи седум мерки, од кои едната е поврзана со родот и се однесува на анализата на еднаква плата за работа со еднаква вредност.

Со поддршка на МОТ, се спроведоа планираните мерки (согласно трипартитниот АП) за градење на капацитетите на преговарачките тимови на организациите на работодавачи и на синдикатите, преку бројни обуки за колективно преговарање, обезбедување на материјали, водичи, програми за обука, размена и пренесување на меѓународно искуство во секторските колективни преговори, обуки на помирувачи за потпомогнато колективно преговарање. Организацијата на работодавачи на Македонија и Сојузот на синдикатите на Македонија, во извештајниот период ги потпишаа колективните договори во секторите на земјоделие, тутун, текстил и кожа.

Развиени се програми за обука за колективни преговарачки вештини за организациите на работниците и работодавачите во шест сектори (транспорт, трговија, туризам, земјоделство, градежништво и текстил), земајќи ги предвид идентификуваните потреби, а беа развиени и водичи за колективно преговарање, кои претставуваа и основа за повеќе други активности.

Покрај обуките за колективни преговарачки вештини, организациите на работодавачи и синдикатите имаа можност да се запознаат и со практичното искуство од Холандија, Белгија и Германија и беа информирани за услугите кои се нудат и стратегиите кои се спроведуваат во процесот на колективни преговори.

Сите синдикати и организации на работодавачи кои учествуваа во имплементацијата на проектните активности имаат свои тимови од преговарачи кои се обучени во сите шест одбрани сектори. Вкупно 31 претставник од двете организации на работодавачи ги поминаа обуките и 124 претставници од трите синдикати.

Обучените членови на преговарачките тимови од ОРМ и ССМ ги искористија новостекнатите вештини и реализираа обуки на други членови на организациите, како нов вид на услуга.

Дополнителни активности поврзани со мерката ќе започнат да се спроведуваат од IV квартал од 2018 година во рамки на планираниот проект за зајакнување на социјалниот дијалог (втора фаза), финансиран од ЕУ (ИПА II) со директен грант на МОТ.

| | | |
|---|---|---|
| **3.1.5.1. Цел: Јакнење на капацитетите на социјалните партнери и механизмите на социјалниот дијалог**<br>**Мерка: в/ Спроведување на промотивни активности за јакнење на свеста за улогата, потребата и придобивките од синдикалното организирање помеѓу работниците**<br>**Опис:** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**... ИПА** |

**Реализација**:

Интензивни активности поврзани со мерката ќе започнат да се спроведуваат од IV квартал од 2018 година, во рамки на претстојниот проект за зајакнување на социјалниот дијалог (втора фаза), финансиран од ЕУ со директен грант на МОТ.

| 3.1.5.1. Цел: Јакнење на капацитетите на социјалните партнери и механизмите на социјалниот дијалог<br>**Мерка: г/ Изготвување на нова трипартитна Национална програма за пристојна работа за периодот по 2018 година** | Рок:<br>**2018** | Буџет:<br>**ХХХ** |
|---|---|---|

**Опис:** по истекувањето на периодот на важност на тековната, преку процес на интензивна соработка и трипартитни консултации помеѓу Владата, социјалните партнери и Меѓународната организација на трудот ќе се подготви новата Национална програма за пристојна работа. Програмата ќе претставува среднорочен документ, за периодот од 2019 година, кој ќе ги дефинира трипартитно утврдените приоритети и цели што ќе се реализираат во наредниот период за понатамошно промовирање на пристојната и продуктивна работа во услови на слобода, еднаквост, сигурност и човечко достоинство и која дополнително ќе придонесе кон унапредување на правата на работното место, поттикнувањето на можностите за пристојно вработување, подобрувањето на социјалната заштита и зајакнувањето на социјалниот дијалог во државата. Програмата ги утврдува и насоките за работата на МОТ во државата, во согласност со приоритетите и целите заеднички договорени со Владата и социјалните партнери

**Реализација**:

Согласно планот, се очекува Програмата да биде изготвена и усвоена кон крајот на III квартал од 2018 година.

| 3.1.5.1. Цел: Јакнење на капацитетите на социјалните партнери и механизмите на социјалниот дијалог<br>**Мерка: д/ Имплементација на мерки за јакнење на трипартитните Економско-социјални совети на национално и на локално ниво и постојано јакнење на нивната консултативна улога во процесите на креирање на политиките релевантни за економските и социјалните прашања** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**... ИПА** |
|---|---|---|

**Опис:** Голем број на активности ќе се реализираат и во наредниот период, како и досега, за поддршка на работата на националниот и локалните ЕСС.

Активности за анализа и изнаоѓање на соодветен модел за самофинансирање на Економско-социјалниот совет. Се планира и ревизија на трипартитниот договор за функционирањето на ЕСС, со кој во моментов е регулирана правната основа/рамка за негово функционирање. Ќе се обезбеди поддршка за поголемо и поефективно учество на ЕСС во дијалогот за економски и социјални реформи на национално ниво, дебатите за прашања поврзани со создавање на пристојни работни места, поволна средина за одржливи претпријатија, иднината на работата итн. Ќе се јакнат и техничките капацитети за функционирањето на новоформираните комисии при ЕСС за работни односи и плати, за политиките за вработување и пазарот на трудот, социјалната сигурност и заштита при работа.

Ќе продолжи процесот на усогласување на правната и институционалната рамка со меѓународните стандарди на трудот и правото на ЕУ; ќе се обезбеди експертска помош за надминување на идентификуваните слабости во остварувањето на основните права, вклучително и слободата на здружување, правото на штрајк, правото на колективно преговарање утврдени во конвенции на МОТ и правото на ЕУ.

Се планира да се спроведе и оценка на функционирањето на 15-те локални економско-социјални совети, меѓусебна размена на позитивни искуства и иновативни решенија за решавање на невработеноста и неусогласеноста на вештините на пазарот на труд на локално ниво; поддршка на ЛЕСС во преговарањето и потпишувањето на локални пактови за вработување, при што посебен акцент ќе се става на невработеноста на младите, подготовката на програми за стручно образование и развој и поддршка на дијалогот за БЗР на локално ниво. Ќе се воспостави мрежа на ЛЕСС преку која ќе може да се разменуваат информации и искуства.

**Реализација**:

Значајна поддршка во изминатиот период беше реализирана од страна Меѓународната организација на трудот, во рамките на проектот за поддршка на социјалниот дијалог финансиран од ИПА Компонентата 4, пред се во делот на функционирањето и јакнењето на капацитетите на националниот Економско-социјален Совет (ЕСС). Се подготвуваа Годишните оперативни програми за работа на ЕСС, изготвување на Деловник за работа, со одредби за формирање на трипартитен Секретаријат на Советот како поддршка на активностите на ЕСС, беше иницирано и реализирано формирање на пет постојани комисии во областите на делување на Советот (работни односи и плата, вработување и политика на пазарот на трудот, социјална сигурност, безбедност и здравје при работа, издавање и одземање на лиценци за помирувачи и арбитри). Се организираа обуки на членовите на овие постојни комисии за клучни теми од нивното делување.

Беше развиен и посебен систем/механизам за следење на спроведувањето на препораките на Советот, поддржан со соодветна софтверска апликација. Беа преземени дополнителни мерки за подобрување на видливоста на Економско-социјалниот Совет, а со поддршка во рамки на проектот се воспоставија шест нови Локални економско-социјални совети (ЛЕСС), за кои се подготвија деловници за работа, Акционите планови и се обезбеди обука за клучните теми од интерес.

Имплементацијата на активности согласно наведената мерка ќе продолжат да се спроведуваат и од IV квартал од 2018 година, во рамки на планираниот проект за зајакнување на социјалниот дијалог (втора фаза), кој ќе биде кофинансиран од ЕУ (ИПА II), а имплементиран во форма на директен грант на МОТ.

| **3.1.5.1. Цел: Јакнење на капацитетите на социјалните партнери и механизмите на социјалниот дијалог**<br>**Мерка: ѓ/ Поддршка, ефикасно функционирање и натамошно подобрување на воспоставениот механизам за мирно решавање на работни спорови** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**... ИПА** |
|---|---|---|

**Опис:** Во однос на новоформираниот механизам за мирно решавање на работните спорови, ќе се обезбеди поддршка за МТСП и комисијата на ЕСС за мирно решавање на работните спорови, во целост да го преземат управувањето со механизмот. Се планира проширување на механизмот и на помирување на индивидуални работни спорови, како и дополнително прецизирање на улогата на помирувачите и арбитрите.
Ќе се организираат обуки за арбитри и помирувачи, функционирање на процесот на лиценцирање и одржување на регистарот на лиценцирани арбитри/помирувачи, воспоставен и целосно оперативен систем за управување со предмети на мирно решавање на работни спорови, активности за зголемување на информираноста и свеста за предностите на мирното решавање на работните спорови итн.

**Реализација**:
Во рамки на Проектот за унапредување на социјалниот дијалог кој се спроведуваше во изминатиот период, се реализираа и поголем број на активности за воспоставување на целосно функционален систем за мирно решавање на работните спорови. Ова беше постигнато преку развој на соодветна наставна програма за обука, спроведување на обуки за обучувачи кои понатаму го превземаа спроведувањето на практичната обука на кандидатите и создавање на подготвени и обучени помирувачи и арбитри. Беше обезбедена експертска поддршка (МОТ) и во воспоставувањето и обучувањето на Комисијата за лиценцирање, преку вклучување на членовите на Комисијата во работилници за обука и обезбедување неопходните знаења и информации. Од организациски и практичен аспект, беше воспоставен и развиен и систем за управување со случаи, вклучувајќи и регистар на лиценцирани помирувачи и арбитри, а со цел да се промовира постоењето и придобивките од механизмот за мирно решавање на работни спорови, се осмисли и се спроведе и кампања за подигнување на свеста.

Имплементацијата на активности согласно наведената мерка ќе продолжат и понатаму да се спроведуваат од IV квартал од 2018 година, во рамки на планираниот проект за зајакнување на социјалниот дијалог (втора фаза), кој ќе биде кофинансиран од ЕУ (ИПА II), а имплементиран во форма на директен грант на МОТ.

# 2. Човечки капитал и вештини

**Напомена:** Институции надлежни и вклучени во имплементацијата на мерките од оваа област се: МОН, БРО, ЦОВ, МТСП, ЦСОО, АВРМ, училишта, универзитети, невладини организации, РИЦ, .

## 3.2.1. Обезбедување на целосно инклузивно образование и еднаков пристап до образование за сите

| | | |
|---|---|---|
| **3.2.1.1. Цел: Намалување на осипувањето кај учениците и бројот на лица кои рано го напуштаат образованието преку подобрување на опфатот, условите за учење, континуитетот и комплетирање на образованието**<br>**Мерка: а/ Спроведување на мерки за поттикнување на инклузијата на децата од маргинализираните групи, пред сè во основното и средното образование** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**640,000 €** |
| **Опис:** формирање на работни групи со членови од релевантните институции, изготвување на процедура за идентификување на децата кои се исклучени од образованието, изготвување на соодветни акти за регулирање на инклузијата на децата од маргинализираните групи, разработување на систем и механизам за запишување или враќање на училиште за децата кои се надвор од системот на образование. Доделување на стипендии на редовни ученици од средно образование од социјално загрозените семејства, деца на самохрани родители, деца без родители и родителска грижа. | | |
| **Реализација**:<br>Во соработка со Македонски центар за граѓанско образование и повеќе различни релевантни институции (училишта, локална самоуправа, УРУОЈПЗ) подготвен е Извештај за инклузија на децата што се надвор од училиштата во образовниот систем, во кој што се дадени и низа препораки и предвидени активности.<br>Стипендирањето на ученици од социјално загрозени семејства и деца на самохрани родители, деца без родители и родителска грижа континуирано се спроведува врз основа на објавен конкурс. За учебната 2016/2017 година за ученици од социјално загрозени семејства и деца на самохрани родители се доделени вкупно 400 стипендии, а деца без родители и родителска грижа од вкупно 80 стипендии, доделени се 20 - колку што и се пријавиле ученици. | | |

| | | |
|---|---|---|
| **3.2.1.1. Цел: Намалување на осипувањето кај учениците и бројот на лица кои рано го напуштаат образованието преку подобрување на опфатот, условите за учење, континуитетот и комплетирање на образованието**<br>**Мерка: б/ Континуирано обезбедување на бесплатни учебници за учениците од основните и средните училишта** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**50,000,000 €** |
| **Опис:** Ќе продолжат активностите за обезбедување на бесплатни учебници за основно и средно образование. Набавка на учебници по основ на откуп, одобрување, печатење, дистрибуирање до училиштата, со цел да се обезбеди подобрување и осовременување на квалитетот на наставата во основните и средните училишта.<br>Учебниците од 1 до 3 одделение се третираат како работни содржини и истите се набавуваат во целосен тираж (број на ученици) секоја учебна година. Исто е и со учебниците од 4 до 6 одделение кои се согласно *Cambridge* програмата. Останатите учебници за потребите на учениците во основните и средните училишта континуирано се обновуваат секоја година, при што бројот (тиражот) зависи од потребите на самите училишта.<br>Од учебната 2017/18 година се планира да се продолжи со воведување на наставата по *Cambridge* образовниот систем и во средното гимназиско образование (1 до 4 година), како и за учениците во средното стручно тригодишно образование, за што ќе бидат потребни значителни финансиски средства за целосна набавка (откуп) на овие учебници | | |
| **Реализација**:<br>Продолжуваат активностите за обезбедување на бесплатни учебници за основно и средно образование. Учебниците се распределуваат на почетокот на секоја учебна година, врз основа на прибрани податоци за тековниот број на ученици за дадената учебна година.<br><br>**Промени/корекции/евентуални одложувања/измена на приоритети:**<br>Воведувањето на наставата по *Cambridge* образовниот систем и во средното гимназиско образование е одложено. | | |

| | | |
|---|---|---|
| **3.2.1.1. Цел: Намалување на осипувањето кај учениците и бројот на лица кои рано го напуштаат образованието преку подобрување на опфатот, условите за учење, континуитетот и комплетирање на образованието**<br>**Мерка: в/ Обезбедување на бесплатно сместување на учениците во ученичките домови од градовите каде нема средни училишта (гимназиски и стручни училишта)**<br>**Опис:** | Рок: **2020** | Буџет: **13,000,000 €** |
| **Реализација**:<br>Оваа мерка континуирано се спроведува за учениците од средните училишта. Во учебната 2016/2017 година беа сместени 2,363 ученика. | | |
| **3.2.1.1. Цел: Намалување на осипувањето кај учениците и бројот на лица кои рано го напуштаат образованието преку подобрување на опфатот, условите за учење, континуитетот и комплетирање на образованието**<br>**Мерка: г/ Засилено следење и евидентирање на учениците кои нередовно ја по сетуваат наставата во училиштето и навремено превземање на соодветни (превентивни) мерки**<br>**Опис:** | Рок: **2020** | Буџет: **XXX** |
| **Реализација**:<br>Учениците континуирано се следат од одделенските и предметните наставници. Изработена е Програма за советување на ученици, според која се работи со учениците под ризик во текот на учебната година. Започнат е и процес на зајакнување на стручната служба која работи со таквиот вид на ученици.<br>Редовно се поднесуваат Годишни извештаи од училиштата за учениците кои нередовно ја посетуваат наставата до педагошката служба во МОН врз основа на кои се прават понатамошни анализи.<br><br>Министерството за образование и наука преку Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, го објави конкурсот за привремено ангажирање на 20 Ромски образовни медијатори во 16 општини во Македонија. Целта на оваа мерка е да се интервенира во подобрувањето на основното образование кај Ромите, меѓу другото и преку следење и евидентирање на нередовните ученици, слабите ученици, поддршка при реинтеграција на децата Роми на повратниците во образовниот систем, и подобрување на соработката помеѓу семејствата и училиштата.<br>Селекцијата на медијаторите од страна на Комисијата за ангажирање на ромските образовни медијатори е направена, и во тек е потпишувањето на договорите со избраните медијатори. | | |
| **3.2.1.1. Цел: Намалување на осипувањето кај учениците и бројот на лица кои рано го напуштаат образованието преку подобрување на опфатот, условите за учење, континуитетот и комплетирање на образованието**<br>**Мерка: д/ Зајакната работа со родителите на учениците**<br>**Опис:** Вклучување на родителите во организираните педагошки советувања заедно со нивните деца/ученици, заедничко вклучување на учениците и родителите во низа училишни активности | Рок: **2020** | Буџет: **XXX** |
| **Реализација**:<br>Во текот на учебната година, родителите на евидентираните ученици под ризик се вклучуваат во организираните педагошки советувања заедно со нивните деца/ученици, согласно Програмата за советување на родители.<br>Исто така, преку отворен ден во училиштата, родителите се вклучуваат во разни активности.<br><br>Покрај тоа, Министерството за образование и наука преку Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците го објави конкурсот за привремено ангажирање на 20 Ромски образовни медијатори во 16 општини во Македонија. Со оваа мерка ќе се интервенира во подобрувањето на основното образование кај Ромите преку следење и евидентирање на нередовните ученици, слабите ученици, поддршка при реинтеграција во образовниот систем на децата-Роми на повратниците, како и подобрување на соработката помеѓу семејствата и училиштата. | | |

Селекцијата на медијаторите од страна на Комисијата за ангажирање на ромските образовни медијатори е направена, и во тек е потпишувањето на договорите со избраните медијатори.

| 3.2.1.1. Цел: Намалување на осипувањето кај учениците и бројот на лица кои рано го напуштаат образованието преку подобрување на опфатот, условите за учење, континуитетот и комплетирање на образованието<br>**Мерка: ѓ/ Подобрување на интеграцијата и интеракцијата помеѓу ученици кои следат настава на различен јазик** | Рок: **2020** | Буџет: **XXX** |
|---|---|---|

**Опис:** Изготвување механизми за финансиска поддршка на училиштата – основни и средни, во кои наставата се одржува на еден и на повеќе јазици со цел спроведување на активности за меѓуетничка интеграција, форми и механизми на склучување партнерства помеѓу училишта во кои наставата се одржува на различни јазици, пилотирање на спроведувањето на механизмите

**Реализација**:

- сите основни и средни училишта имаат формирано тимови за меѓуетничка интеграција во образованието, кои што се задолжени да ги предвидат активностите за меѓуетничка интеграција во училиштата, во рамки на Годишната програма на училиштето, и истите да ги реализираат.
- извршени се измени и дополнувања на Индикаторите за квалитетно работење на училиштата, по кои државните просветни инспектори вршат интегрална евалуација на училиштата при што се внесени критериуми за следење на планираните и реализираните активности за меѓуетничка интеграција во образованието.
- преку Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, во дел од училиштата се реализирани заеднички редовни часови по англиски јазик и по ликовно образование.
- во Министерството за образование и наука формирана е работна група за следење на активностите за меѓуетничка интеграција преку Планот за мерење на постигањата.
- сите основни и средни училишта се задолжени да организираат дебати на тема „Образованието – врата кон успехот“ и квиз „Заедно учиме“.
- Центарот за стручно образование и обука донесе Водич за изготвување програми за слободни часови на училиштето во интегрираното стручно образование, при што има одобрено над 20 програми за слободни часови (по самиот избор овие часови стануваат задолжителни) во средното стручно образование, по принципите на меѓуетничката интеграција во образованието.

Покрај тоа, Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците во континуитет, веќе деветта година по ред, во соработка со Ромскиот едукативен фонд од Будимпешта, доделува стипендии на средношколци-Роми и обезбедува менторска/туторска поддршка.
За учебната 2017/18 година доделени се 736 стипендии (во пет категории) за средношколци-Роми кои учат во јавните и приватните средни училишта во Македонија. За поддршка на образованието на средношколците Роми ангажирани се вкупно 116 ментори/тутори.

| 3.2.1.1. Цел: Намалување на осипувањето кај учениците и бројот на лица кои рано го напуштаат образованието преку подобрување на опфатот, условите за учење, континуитетот и комплетирање на образованието<br>**Мерка: е/ Спроведување на мерки за поттикнување и поддршка на образованието на ученици - Роми[1]** | Рок: **2020** | Буџет: **XXX** |
|---|---|---|

**Опис:** доделување на стипендии, обезбедување на ментори и тутори за ученици Роми, мерки за вклучување на децата Роми од улица во воспитно образовниот систем итн.

**Реализација**:
Меѓу другото, во учебната 2016/2017 година доделени се 582 стипендии во 5 категории и избрани се 91 ментори.
Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, во текот на учебната 2016/17 година, во соработка со Фондацијата Песталоци и Македонскиот центар за граѓанско образование, имплементираше проект со кој направи истражување за децата-Роми од улица, при што беа детектирани над 1,600 деца. Следен чекор е, од страна на Бирото за развој на образованието (БРО) да се направи Програма за вклучување на овие деца во воспитно образованиот систем според нивната возраст.

[1] Поширок и подетален приказ на активностите во овој дел е даден во рамки на приказот на планирани политики и мерки во делот „3.3.4. Унапредување на социјалната инклузија на Ромите“, т.е. во делот кој се однесува на подигнувањето на степенот на образование на Ромите и нивната вклученост во сите нивоа на образование.

Управата при МОН веќе трета година обезбедува и стипендии за студенти-Роми од јавните и приватните високообразовни институции и универзитети во Република Македонија. Досега доделени се вкупно 195 стипендии на студенти-Роми, целосно обезбедени од државата. За академската 2017/18 година беа доделени 90 стипендии за студенти-Роми.

( види и 3.3.4.1. - Мерка б/ )

| **3.2.1.2. Цел: Унапредување на опфатот и условите за пристап до сите нивоа на образование на лицата (деца/ученици/студенти) со попреченост**<br>**Мерка: а/ Воспоставување на услови за зголемена вклученост на децата со посебни потреби во предучилишното образование** | Рок:<br>**2018/2020** | Буџет:<br>**6,200,000 €** |
|---|---|---|

**Опис:** Анализа и изработка на механизам и процедура за носење одлуки за вклучување/невклучување на децата со посебни образовни потреби во редовното предучилишно образование и процедури за негово воведување, градежни и архитектонски адаптации на објектите на предучилишни установи за инклузија на децата со физичка попреченост (ќе се изберат најмалку 20 градинки за адаптација), прием и формирање/комплетирање на соодветни стручни тимови (педагог, психолог, дефектолог, логопед и социјален работник) во градинките, ревидирање на постојните и развивање нови дидактички материјали за деца со посебни образовни потреби, печатење на материјалите и нивно доставување до градинките, спроведување на кампањи за зголемување на свеста на вработените во предучилишните установи, како и на родителите за неопходноста да се прифатат децата со посебни потреби

**Реализација**:
Со цел воспоставување на подобри услови и овозможување на пристап до предучилишно образование за сите деца, вклучително и за децата со попреченост, меѓу другото во тек е подготовка на проект за унапредување на социјални услуги во РМ, кој ќе се реализира со заем од Светската Банка. Се очекува проектот да се ефектуира во првиот квартал на 2019 година и ќе биде со времетраење од 5 години (2019-2024 год.), а ќе има за цел да придонесе кон подобрување на пристапот, квалитетот и ефективноста на системот за загрижување и воспитание. Во рамките на овој проект се предвидува и изградба на нови објекти како и реконструкција на постоечкиот капацитет, согласно светските трендови, изведување на нови архитектонски решенија преку адаптација или изградба на нови градинки. Се разбира, при сите архитектонски и градежни работи, ќе се обрнува посебно внимание на почитување и задоволување на сите стандарди за обезбедување на пристап за децата со попреченост.

Во однос на пополнување на соодветните стручни тимови (педагог, психолог, дефектолог, логопед и социјален работник), Министерството за труд и социјална политика во изминатиот период започна постапки за вработување на лица во градинките. Истовремено преку овој процес се врши и пополнување на стручните тимови, согласно претходно доставени барања од страна на градинките. Овој процес ќе продолжи и во наредниот период со цел комплетно пополнување на систематизираните работни места во јавните установи за деца.

| **3.2.1.2. Цел: Унапредување на опфатот и условите за пристап до сите нивоа на образование на лицата (деца/ученици/студенти) со попреченост**<br>**Мерка: б/ Унапредување на вклученоста на учениците со попреченост во редовното основно образование** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**2,070,000 €** |
|---|---|---|

**Опис:** Се планира спроведување на повеќе конкретни мерки и реформи меѓу кои: анализа, изготвување, усвојување и воспоставување на национални процедури и механизми за инклузија на децата со попреченост во основното образование, изготвување на посебни инструменти за следење на напредокот на учениците со посебни образовни потреби, воспоставување систем за идентификување на учениците со посебни образовни потреби, правилник за проценка на потребите и способностите на учениците и други потребни подзаконски акти.
Формирање на регионални тела (8) за функционална проценка на потребите и способностите на учениците, воспоставување на посебни тимови за инклузија во училиштата, реализирање на обуки на наставниците за рано препознавање и работа со ученици со посебни образовни потреби. Реализација на архитектонски градежни работи (во најмалку 10 основни училишта) за целосно приспособување за инклузија на учениците со физичка попреченост и др.

**Реализација**:
Започнати се системски измени во оваа област.
Со измени во Законот за основното образование од февруари 2016 година („Службен весник на РМ“ бр.30/2016 година) за учениците со посебни образовни потреби запишани во редовните основни училишта, училиштето формира инклузивен тим составен од педагогот, односно психологот во училиштето, наставникот на ученикот, родителот (односно старателот на ученикот), дефектолог - доколку има во училиштето и по потреба може да се вклучи и лекарот на ученикот.
Со цел зајакнување на инклузивните тимови во училиштата беа вработени 74 дефектолози во основните училишта во Република Македонија.

Изработен е Прирачник за работа на ученици со посебни образовни потреби. Донесен е Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и

средните училишта по подрачја, при што четвртото и петтото подрачје се со опфат на Социјална и образовна инклузија и Комуникација и соработка со семејството и заедницата. Овој правилник започна да се применува од учебната 2015/2016 година.

Во текот на учебната 2015/2016 година во редовните општински основни училишта имало вкупно 707 ученици со посебни образовни потреби од вкупно 186,912 ученици, а во посебните основни училишта и заводи вкупно 537 ученици.
Во учебната 2016/2017 година во редовните општински основни училишта имало вкупно 751 ученици со посебни образовни потреби од вкупно 190,714 ученици, а во посебните основни училишта и заводи вкупно 457 ученици.

| 3.2.1.2. Цел: Унапредување на опфатот и условите за пристап до сите нивоа на образование на лицата (деца/ученици/студенти) со попреченост<br>**Мерка: в/ Зголемување на опфатот и вклученоста на учениците со попреченост во средното образование** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**1,115,000 €** |
|---|---|---|

**Опис:** спроведување на анализа и целосно мапирање на средните училишта за утврдување на постоечките можности и/или потреби за инклузија на учениците со физичка попреченост, воспоставување на механизам/процедура за носење одлуки за вклучување/невклучување на децата со посебни потреби во редовните средни училишта (регулатива). Се планира спроведување на мерки за подобрување на физичките услови за вклучување на учениците со физичка попреченост преку градежни работи за приспособување на (најмалку 5) средни училишта. Доделување на стипендии за ученици со попреченост.

**Реализација**:
Започнати се системски измени во оваа област.

- Изработен е Прирачник за работа на ученици со посебни образовни потреби.
- започната е обука на наставници од стручните училишта за работа со ученици со посебни образовни потреби во рамките на редовните училишта. Обучени се 24 наставници од стручните училишта за имплементација на прилагодените модули за работа со ученици со попреченост во инклузивни групи за програмата „Подготвеност за вработување и работа“ и 17 наставници за имплементација на прилагодената програма за „Учење преку работа“ од специјалните државни училишта за работа со ученици со попреченост.
- донесен е Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја, при што четвртото и петтото подрачје се со опфат на Социјална и образовна инклузија и Комуникација и соработка со семејството и заедницата. Овој правилник започна да се применува од учебната 2015/2016 година.
- во ноември се пилотираше Унифициран формулар за запишување, следење на развојот на учениците и отпишување на учениците од основните и средните училишта во 3 средни училишта за деца со попреченост.
- воведени се нови профили по барање на училиштата за деца со посебни потреби, за профили потребни на пазарот на труд (машински техничар, текстилен техничар и физиотерапевт)

За учебната 2016 /2017 година доделени се вкупно 51 стипендија за ученици со попреченост.

Во учебната 2015/2016 година, вработени се 57 дефектолози за <u>средните училишта</u> со цел зајакнување на стручните служби во училиштата и зголемување на опфатот и вклученоста на учениците со попреченост во средното образование.

* * *

Во овој дел може да се спомене и учеството на Министерството за образование и наука, во соработка со Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Македонија и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), кои заедно со локалните заедници и граѓанските организации учествуваат во реализацијата на Програмата за Општинско-корисна работа. Оваа Програма, меѓу другото, се однесува и на обезбедување дополнителна помош на учениците со попреченост во рамките на образовниот процес во основните и средните училишта, преку ангажирање на образовни асистенти и лични асистенти кои им помагаат на учениците со попреченост. За таа цел во учебната 2017/2018 година ангажирани беа 106 образовни асистенти и 34 лични асистенти во 60 училишта.
Почнувајќи од 2018 година, согласно Уредбата за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок-дотации за средното образование по општини, се користи посебен коефициент за ученици со посебни потреби, што значи дека еден ученик во пресметката се смета како двајца.

**3.2.1.2. Цел: Унапредување на опфатот и условите за пристап до сите нивоа на образование на лицата (деца/ученици/студенти) со попреченост**
**Мерка: г/ Подобрување на достапноста во високото образование за студентите со попреченост**
Рок: **2020** | Буџет: **500,000 €**

**Опис:** Утврдување на потребите и реализирање на градежни и архитектонски интервенции за физичко приспособување на зградите на јавните универзитети (факултети) за инклузија на студенти со физичка попреченост, анализа и подготовка на прописи и документи за ослободување од плаќање на уписнина на факултет за овие студенти

**Реализација**:
Ослободувањето од плаќање на уписнина на факултет за студенти со попреченост е системски уредено со Законот за високото образование.

**3.2.1.2. Цел: Унапредување на опфатот и условите за пристап до сите нивоа на образование на лицата (деца/ученици/студенти) со попреченост**
**Мерка: д/ Подобрување на можностите и проширување на опсегот на програмите за учење на возрасните лица со попреченост**
Рок: **2020** | Буџет: **300,000 €**

**Опис:** анализа, изготвување и сертифицирање/верификување на наставни програми за ОВ за лица со попреченост (мин. 5 програми), реализирање на сертифицирани обуки/курсеви за образование на возрасни со вклученост на најмалку по 25 возрасни лица со попреченост во поединечните програми/обуки

**Реализација**:
Реализирани се 3 програми: Програма „Масер" за лица со оштетен вид, „Водоинсталатер" и „Аргон-заварувач" - за лица со оштетен слух.

**3.2.1.3. Цел: Подобрување на условите за учење, капацитетите на училиштата, содржините и квалитетот во образованието и јакнење на капацитетите на човечките ресурси (наставниот кадар)**
**Мерка: а/ Мерки за подобрување на околината на учење, содржините, методите и техниките на учење и можностите за обрнување на поголемо внимание на секој ученик/студент**
Рок: **2018/2020** | Буџет: **2,580,000 €**

**Опис:** Изготвување на Национален стандард за основно образование во согласност со потребите за учење и приоритетите за развој, ревидирање на наставните планови во основното образование согласно изготвениот Национален стандард, анализа и ревидирање на учебниците за подобрување на нивниот квалитет и промовирање на родовата еднаквост, мултикултурализмот, почитување на разликите и демократските вредности, изготвување на Национален стандард за средно (гимназиско) образование и соодветно ревидирање на наставните планови и програми, ревидирање на учебници и изработување на дополнителни нагледни помагала, дигитални содржини, во согласност со ревидираните наставни програми, анализа на состојбите, изготвување и усвојување на законски измени во врска со максималниот број на ученици по паралелка во основните и средни училишта, анализа и изготвување на предлог-механизам за зголемена партиципација на учениците-средношколци и функционирањето на ученичките тела во училиштата, пилотирање на механизмите (во најмалку 5 селектирани средни училишта). Анализа, развивање на методологија и изготвување на систем на стандарди за квалификации заснован резултати од учење во високото образование, зајакнување на вмрежувањето на домашните со странски(европски) универзитети или во програмата Еразмус+ и реализирање на програми за размена на студенти, активности за оптимизирање на студиските програми за високото образование, во согласност со потребите на пазарот на трудот.

**Реализација**:
Во јануари 2018 година, Владата на Република Македонија ја усвои изготвената Сеопфатна Стратегија за образование 2018-2025, заедно со Акциски план за нејзино спроведување. Подготовката на оваа Стратегија беше координирана од страна на Министерството за образование и наука и е резултат на подолга интензивна работа и транспарентен и инклузивен процес кој се одвиваше со експертска поддршка на ЕУ, обезбедена преку ИПА Компонентата 4 и со вклученост на сите релевантни субјекти - националните власти, јавните институции, социјалните партнери, образовните институции, развојните партнери, стручните лица и останатите чинители во областа на образованието. Голем број на состаноци, дискусии, дебати и конференции беа организирани во сите фази на изработка на Стратегијата и Акцискиот план, поточно, од утврдувањето на предизвиците и приоритетите до формулирањето на финалниот текст. Беа организирани и седум регионални консултативни средби низ земјата.

Оваа Сеопфатна стратегија за образованието за 2018-2025 година треба да донесе суштински промени во сите степени на образованието и таа претставува основа за активностите на Владата на Република Македонија и на останатите субјекти, во полето на образованието во наредниот период. Документот опфаќа шест главни столбови на образовниот систем: предучилишно образование, основно образование, средно образование, стручно образование и обука, високо образование и истражување и учење и образование за возрасни. Во наредниот период отпочнува реализацијата на активностите за реализација на предвидените цели и реформи.

Согласно Стратегијата донесен е нов Закон за високо образование, а во изработка се и нови закони за основно и средно образование.
Изработени се и усвоени три нови стандарди на квалификации на V-то ниво од НРК и започнати се активности со посебен фокус на пост-средното образование.

| | | |
|---|---|---|
| **3.2.1.3. Цел: Подобрување на условите за учење, капацитетите на училиштата, содржините и квалитетот во образованието и јакнење на капацитетите на човечките ресурси (наставниот кадар)**<br>**Мерка: б/ Подобрување на условите за работа/учење во образованието** | Рок: **2020** | Буџет: **3,025,000 €** |

**Опис:** анализа и мапирање на потребите и продолжување на активностите за реконструирање на училишта за подобрување и модернизирање на просторот за учење, помошни објекти (кујни), спортски сали и игралишта, обновување на спортската опрема, опремување со потребни технологии, уреди, нагледни помагала.

**Реализација**:
Мерката континуирано се спроведува врз основа на анализи и мапирање на потребите и барања на градоначалниците на локалната самоуправа.

Во 2016 година завршена е изградбата на две основни училишта, доградбата на еден училишен објект и реконструирани и санирани се 26 училишни објекти во различни општини.
Завршена е изградбата на 5 спортски сали во основните училишта и санација на 1 спортска сала.
Направена е санација во 4 средни училишта и завршена е изградбата на две спортски сали во средните училишта.
Завршена е санацијата на еден блок од Студентскиот дом „Гоце Делчев".

Во 2017 година завршена доградбата на 1 училишен објект во основно училиште и реконструирани и санирани се 10 училишни објекти во различни општини. Завршена е изградбата на две спортски сали во основни училишта .
Направена е санација во 4 средни училишта и завршена е доградбата на 1 училишен објект во средно училиште.

| | | |
|---|---|---|
| **3.2.1.3. Цел: Подобрување на условите за учење, капацитетите на училиштата, содржините и квалитетот во образованието и јакнење на капацитетите на човечките ресурси (наставниот кадар)**<br>**Мерка: в/ Јакнење на капацитетите на човечките ресурси во образованието** | Рок: **2019/2020** | Буџет: **2,740,000 €** |

**Опис:** Во наредниот период планирано е спроведување и на бројни активности кои ќе придонесат кон подобрување на квалитетот, обученоста, знаењата и вештините на наставниците/професорите, следењето на квалитетот на нивната и работа итн. Се планира ревидирање на критериумите за упис на студенти на педагошките факултети за идни наставници, обезбедување на стипендии за студирање на педагошките факултети за учениците од средните училишта со одличен успех, воведување на подобрен и ревидиран механизам за поддршка, следење и менторство на приправниците-наставници, изготвување на студиски модули за обучување на наставници во согласност со професионалните стандарди, организирање на обуки, доедукација и сл. за наставниците, како и за менаџментот (директорите) на училиштата. Интензивирање на примената на ИКТ во образованието, меѓу другото и преку организирање на обуки/курсеви на интернет и учење од далечина за наставниците, обуки на наставниците за користење на нови технологии и ИКТ алатки во образованието, воведување на систем за професионален развој и напредување во кариерата за наставниците. Спроведување на мерки за унапредување на механизмот за акредитација на универзитетите и системот за екстерна евалуација, воспоставување на центри за контрола на квалитетот и подобрување на системите за интерна контрола на квалитетот во високото образование, во согласност со стандардите и насоките на Европската асоцијација за контрола на квалитетот во високото образование (ENQA), активности за организирање и имплементирање на систем за професионален развој на наставниот кадар на универзитетите.

**Реализација**:
Согласно Закон, се спроведува поддршка, следење и менторство на приправниците-наставници како услов за полагање на стручен испит.
Континуирано се спроведува обука на директори од страна на Државниот испитен центар, согласно објавен конкурс.

Во текот на 2017 година за наставниците од основното и гимназиското образование се спроведуваа обуки од страна на акредитирани установи, во соработка со Бирото за развој на образованието - Обука на 5,500 наставници од средните училишта (стручни и гимназиски училишта) за примена на нови модели на настава и учење во СОО.
Во текот на годината, во стручното образование и обука спроведени се обуки и обучени се 840 наставници, директори, работодавачи, кадар во центрите за кариера и советници за

| |
|---|
| кариерно советување за модуларниот пристап на учење и резултати од учењето, 124 наставници за изработка на стандарди на квалификации и наставни планови и 28 обучувачи за спроведување на процесот на модернизација на техничкото образование и модуларно дизајнирани програми, 161 наставник по практична настава обучени во компании, 20 наставника кои го предаваат предметот претприемништво и иновации, 40 тимови на наставници и ученици на тема „Како да се престави бизнис планот пред инвеститори“ како подготовка за учеството на натпреварот „Бизнис план“ и 40 наставника на тема „Креативност“. |

## 3.2.2. Имплементацијата на Националната рамка за квалификации за доживотно учење - основа за квалитет во системот за образование и обука

| 3.2.2.1. Цел: Воспоставување на одржлив систем на НРК и јакнење на човечките ресурси за негова примена<br>**Мерка: а/ Донесување и имплементација на Патоказот за Македонската рамка на квалификации** | Рок:<br>2020 | Буџет:<br>XXX + ИПА |
|---|---|---|

**Опис:** Со мерката се предвидува подготовка, усогласување и донесување на детален _Патоказ за понатамошно развивање и имплементирање на МРК_, како и негово спроведување, во согласност со утврдената временска рамка и динамика.
Развојот и практичната имплементација на Националната (македонската) рамка на квалификации е дел од еден поширок контекст на промени, поврзани со имплементацијата на *Препораката на Европскиот парламент и Советот од 28 април 2008 година за воспоставувањето на Европската рамка на квалификации за доживотно учење (EQF) - 32008H0506(01).*
Патоказот содржи специфични активности кои ќе треба да се реализираат во наредниот период за обезбедување на понатамошен развој во воведувањето и примената на НРК и обезбедување на нејзина одржливост. Се предвидуваат активности во делот на анализи на потребите на пазарот на труд и дизајнирање на квалификации според потребите на пазарот на труд, изготвување на стандарди на занимања и стандарди на квалификации, зајакнување на улогата на работодавачите и социјалните партнери, градење систем за признавање и потврдување на претходното учење (неформално и информално учење), имплементација на системот на резултати (исходи) од учење, редизајнирање на наставните програми во стручното образование и обука и студиските програми во високото образование, изготвување на документи во согласност со квалификацискиот систем, развивање на системот на обезбедување на квалитет итн.

**Реализација**:
Во соработка со повеќе различни релевантни субјекти и чинители изготвен е _Патоказ за понатамошен развој и имплементација на Македонската рамка на квалификации (МРК)_ и започнато е негово спроведување. web-страна: http://mrk.mk/?lang=mk

| 3.2.2.1. Цел: Воспоставување на одржлив систем на НРК и јакнење на човечките ресурси за негова примена<br>**Мерка: б/ Јакнење на улогата на Националниот Одбор на Македонската рамка на квалификации** | Рок:<br>2020 | Буџет:<br>6,000 € |
|---|---|---|

**Опис:** Изготвување на подзаконски акти за регулирање на работата на Одборот, спроведување обуки за јакнење на капацитетите, обезбедување на финансиски средства за работа.

**Реализација**:
- изработен е Деловник за работа на Одборот
- спроведени се 8 работилници за членовите на Одборот, 14 семинари во кои учествуваше Одборот - за визијата на НРК и имплементација на Патоказот, 2 јавни дебати и две конференции организирани од Одборот за промоција на НРК и ползата од имплементацијата на НРК.
- во тек е подготовка на Правилник за работа за Одборот

| 3.2.2.1. Цел: Воспоставување на одржлив систем на НРК и јакнење на човечките ресурси за негова примена<br>**Мерка: в/ Формирање на Секторски комисии за квалификации** | Рок:<br>2020 | Буџет:<br>5,000,000 € |
|---|---|---|

**Опис:** се планира воспоставување на најмалку 8 секторски комисии за квалификации кои би имале задача да ги промовираат и развиваат секторите и да учествуваат во утврдувањето и советувањето за потребите од нови или ревидирање на постојните квалификации. Изготвување на правила и упатства за работа на комисиите, спроведување на обуки за членовите на овие комисии и операционализација на нивната работа.

**Реализација**:
- (во февруари 2018 год.) формирани се _5 Секторски комисии за квалификации_ (Секторска комисија за квалификации за угостителство и туризам, Секторска комисија за квалификации за електротехника, Секторска комисија за квалификации за лични услуги, Секторска комисија за квалификации за градежништво и геодезија и Секторска комисија за квалификации за хемија и технологија). Изборот е извршен врз основа на усвоени (општи и професионални) критериуми за избор на членови за Секторска комисија. Задачата на Секторските комисии ќе биде во целина да ги анализираат постојните квалификации, да ги разгледуваат предлозите за воведување на нови квалификации, но и самите да предлагаат нови квалификации и да даваат мислење за усогласеноста на стандардите на занимањата/стандардите на квалификации со испитните програми. Како посебна важна задача во процесот на осигурување на квалитет ќе биде учеството во комисиите за оценување и потврдување на резултатите од учењето (знаења, вештини и компетенции) во неформалното образование и обука.
- Усвоени се Деловници за нивното работење
- Одржани 2 обуки за членовите на Секторските комисии

| **3.2.2.1. Цел: Воспоставување на одржлив систем на НРК и јакнење на човечките ресурси за негова примена**<br>**Мерка: г/ Усвојување и имплементација на Упатства и процедури за осигурување на квалитет согласно препораките на Европската рамка на квалификации (ЕРК)** | Рок:<br>**2018** | Буџет:<br>**2,000 €** |
|---|---|---|

**Опис:** Се предвидуваат активности за понатамошен развој и унапредување на системите и стандардите за осигурување на квалитет (*Quality Assurance*) во однос на квалификациите во Република Македонија и нивно усогласување со европските барања и стандарди (*EQUAVET - European Quality Assurance in Vocational Education and Training, ESG for HE – European Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area*). Планирано е да се подготват анализи на постоечките системи со предлози и планови за нивно подобрување и унапредување; развивање на конкретни Упатства и процедури за осигурување на квалитет, со кои ќе се направи квалификацискиот систем во РМ да биде јасен и транспарентен, а ќе придонесе и за квалитетот на стекнатите квалификации.

**Реализација**:

Во изминатиот период (повеќето - во текот на 2017 г.) интензивно се работеше на изработка на низа документи за процесите во системот на квалификации (протоколи, методологии, прирачници, водичи и упатства итн.) http://mrk.mk/?page_id=55&lang=mk :

- Водич за осигурување на квалитет при развивањето на нови квалификации во Македонскиот систем на квалификации (МСК);
- Протокол за соработка помеѓу Секторските комисии за квалификации;
- Протокол за соработка помеѓу Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука и Центарот за образование на возрасните за развој на Стандарди на занимања и Стандарди на квалификации;
- Протокол за соработка на Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации и Одборот за акредитација и евалуација во високото образование;
- Протокол за соработка на сите заинтересирани страни вклучени во процесот на НРК;
- Прирачник за прилагодување на постоечките квалификации кон барањата на НРК и ЕРК;
- Прирачник за развивање на нови квалификации за НРК;
- Методологија за развој на нови квалификации за НРК, врз основа на потребите на пазарот на труд;
- Водич за одредување на нивото на постојните квалификации.

Министерството за образование и наука (2016) подготви и детален Извештај за поврзување на Македонската рамка за квалификации (МРК) со Европската рамка на квалификации (ЕРК) и само-потврдување со рамката на квалификации на Европскиот простор за високото образование.

| **3.2.2.1. Цел: Воспоставување на одржлив систем на НРК и јакнење на човечките ресурси за негова примена**<br>**Мерка: д/ Воведување на систем за управување со информации за НРК** | Рок:<br>**2018** | Буџет:<br>**200,000 €** |
|---|---|---|

**Опис:** Развивање на софтверско решение, интегриран Регистар и подрегистри за квалификации, набавка на опрема, изготвување на правила и прописи за негово работење, ставање во употреба, обука на човечките ресурси за работа со системот

**Реализација**:

Развиено е софтверско решение и воспоставен е интегриран Регистар на стандарди на квалификации.

На седница на Националниот одбор за МРК одржана во декември 2017 год. усвоен е Стандардот на квалификација „*Обучувач на обучувачи за Македонскиот систем на квалификации*“ (доделено V-то Б ниво во НРК), кој е и првиот Стандард на квалификација впишан во Регистарот на НРК. Стандардот на квалификација „Обучувач на обучувачи за Македонскиот систем на квалификации“ е изработен врз основа на Стандардот на занимање „Обучувач“ и го помина целиот процес на осигурување на квалитет пред да биде впишан во Регистарот.

| | | |
|---|---|---|
| **3.2.2.1. Цел: Воспоставување на одржлив систем на НРК и јакнење на човечките ресурси за негова примена**<br>**Мерка: ѓ/ Изработка на стандарди за квалификации засновани на резултати од учење, според НРК** | Рок:<br>**2018** | Буџет:<br>**СБ + ИПА** |
| **Опис:** Изработка на стандарди за занимања, обука на минимум 50 експерти за изработка на стандарди за квалификации, селекција на квалификации за кои ќе се изработуваат стандарди, формирање на работни групи составени од обучени експерти и претставници на работодавачите, изготвување и одобрување на најмалку 70 стандарди за квалификации засновани врз резултати од учењето, согласно НРК, подготовка на правила и процедури за изготвување на стандарди на квалификации и нивно вклучување во НРК. | | |
| **Реализација**:<br>- Изработени се 23 Стандарди на квалификации за II ниво<br>- Изработени се 46 Стандарди на квалификации за III ниво<br>- Изработени се 3 Стандарди на квалификации за IV ниво<br>- Изработени и усвоени се 4 Стандарди на квалификации за V ниво, на барање на работодавачите. | | |

| | | |
|---|---|---|
| **3.2.2.1. Цел: Воспоставување на одржлив систем на НРК и јакнење на човечките ресурси за негова примена**<br>**Мерка: е/ Подигање на свеста на заинтересираните страни и корисници за улогата и реформското значење на НРК преку јавни настани и кампањи** | Рок:<br>**2018** | Буџет:<br>**10,000 €** |
| **Опис:** Одржување на средби со одделни целни групи, одржување на јавни дебати, издавање на публикации и сл. | | |
| **Реализација**:<br>Во овој дел, одржани се 14 семинари за визијата и значењето на Националната рамка за квалификации (НРК), 4 јавни дебати за улогата на НРК и придонесот за корисниците и 2 конференции за придобивките од НРК. | | |

| | | |
|---|---|---|
| **3.2.2.1. Цел: Воспоставување на одржлив систем на НРК и јакнење на човечките ресурси за негова примена**<br>**Мерка: ж/ Подобрување на транспарентноста на постигнатите резултати од учење за учениците што завршиле СОО, преку доделување на прилог кон дипломата, согласно НРК и праксата во ЕУ** | Рок:<br>**2018** | Буџет:<br>**50,000 €** |
| **Опис:** Изготвување и одобрување на пропис и образец за изготвување и издавање на прилог кон дипломата/сертификатот на сите ученици што завршиле СОО | | |
| **Реализација**:<br>Во текот на 2017 год. Нема промени во однос на реализацијата на оваа конкретна предвидена мерка.<br>Во 2018 г. отпочната е работа на подготовка на законски измени и се очекува тие да ги опфатат и овие активности/мерки кои се очекува да бидат од голема важност за работодавачите, а и за проодност на учениците. | | |

### 3.2.3. Зајакнување на вработливоста на работната сила и градење на патишта за учење во контекст на доживотно учење

| **3.2.3.1. Цел: Развој, модернизација и зголемување на атрактивноста на СОО**<br>**Мерка: а/ Обезбедување на што поголема усогласеност на СОО со потребите на пазарот на труд** | Рок:<br>**2018/2020** | Буџет:<br>**1,570,000 €** |
|---|---|---|

**Опис:** изготвување и одобрување на процедури за изработка на стандарди за занимања, со вклученост и консултации со сите главни засегнати субјекти – меѓу другите и бизнис заедницата и социјалните партнери. Спроведување на обуки на експерти за процесот на изготвување на стандарди за занимања, изработка и усвојување на стандарди за (најмалку 100) занимања, активности за изготвување модуларни наставни програми во согласност со новите стандарди со кои би се обезбедил пофлексибилен и поефективен начин на организирање на учењето во рамки на системот за СОО, изработка, официјално одобрување и воведување на (најмалку 70) модуларни наставни програми, заедно со потребните материјали за предавање, учење и оценување, организирање на обуки за наставници за реализирање на модуларните наставни програми. Изработка на официјален Концепт за социјално партнерство во СОО, заедно со механизам за негово спроведување, за воспоставување на функционално и ефикасно институционално социјално партнерство на централно ниво и на ниво на установи, воспоставување на едно единствено трипартитно консултативно тело (Национален совет) за СОО и образование на возрасни, засновано врз принципите на социјално партнерство, основање на Опсерваторија за вештини[2] и обезбедување нејзина кадровска екипираност и функционалност, изготвување и воведување на механизам за континуирано следење на учениците што завршиле СОО

**Реализација**:

Реализирани активности 2016/2017 год.:

- Изработена е Методологија за изработка на стандарди на занимања (СЗ);
- Изработен Водич за кодирање на стандардите на занимања;
- Методологија за развивање на наставни планови и програми;
- Изработени и усвоени 211 нови стандарди на занимања;
- Дизајнирани се 23 наставни програми за 2-годишното образование, 46 наставни програми за 3-годишно образование и 3 наставни програми за 4-годишно образование (со резултати од учење – *learning outcomes*).

| **3.2.3.1. Цел: Развој, модернизација и зголемување на атрактивноста на СОО**<br>**Мерка: б/ Воспоставување современ и ефективен систем за пост-средно образование** | Рок:<br>**2017/2020** | Буџет:<br>**4,000,000 €** |
|---|---|---|

**Опис:** Се планираат повеќе активности меѓу кои изготвување на анализа на состојбите и предизвиците во пост-средното образование со разгледување на најдобри европски практики компатибилни со домашниот контекст, ревидирање на Концепт за пост-средно образование, во согласност со европските стандарди, ревидирање на законска рамка за пост-средно образование, изработка на процедури за усогласување на пост-средното образование со НРК, изготвување на програми (најмалку 12) за пост-средно образование вклучувајќи ги потребните материјали за одржување на настава, учење и оценување, организирање на бројни активности за промоција и подигнување на свеста за пост-средното образование

**Реализација**:

Реализирани активности во овој дел:

- Направена е анализа на Концепцијата на пост-средно образование и дадени се препораки за измени;
- Изготвени се 15 Стандарди на квалификации;
- Усвоени - 3 Стандарди на квалификации;
- во тек е изработка на Правилник за начинот на организацијата, содржината, условите, формирањето на испитни одбори и комисии, признавањето на посебните делови од мајсторскиот испит и неговата реализација, а изработен е и Правилник за регистар на положени мајстори.

[2] Активноста е во тесна поврзаност и со дел од активностите кои се планирани во рамки на делот 3.1.2.1. кој се однесува на подобрување на вработеноста на младите лица, поконкретно мерките за „надградување и унапредување на постоечките модели и бази на податоци и воспоставување на координиран и сеопфатен систем за предвидување на вештините побарувани на пазарот на труд“.

| **3.2.3.1. Цел: Развој, модернизација и зголемување на атрактивноста на СОО**<br>**Мерка: в/ Мерки за подобрување на атрактивноста, условите за учење и квалитетот на СОО** | Рок:<br>**2017/2018/2020** | Буџет:<br>**1,435,000 €** |
|---|---|---|

**Опис:** Анализа и мапирање на состојбата со училиштата за СОО, заедно со утврдување на главни одлики на локалните и регионални пазари на труд и анализа на релевантноста. Изготвување на Акциски план за оптимизација на мрежата на училиштата за СОО, спроведување мерки за оптимизација согласно Акциониот план, изработка на нови норми за простории и опрема во установите за СОО, набавка на опрема и опремување на (најмалку 20) училишта за СОО според ревидираните норми и стандарди.
Изготвување на методологија, стандарди и упатство за осигурување на квалитет во СОО, изготвување и усвојување на Концепт за уписи во средно стручно образование и потребни законски измени за подобрување на системот за запишување и бројот на ученици во СОО. Воведување на нов механизам за практична обука/концепт за учење во работна средина, вклучување на учениците во учење во работна средина во соодветни организации, трговски друштва, претпријатија итн. Воведување на услугата за кариерно насочување во СОО, развивање и одобрување на концепт на СОО Центри на извонредност, избор на институции кои ќе бидат официјално признати како СОО центри на извонредност, реновирање и набавка на опрема и современи дидактички средства за (најмалку 5) избрани СОО институции, обука за кадарот и пилотирање на СОО центрите на извонредност

**Реализација**:
Реализирани активности 2016/2017 год.:
- изработена Програма за кариерно советување;
- формирани се 53 центри за кариера во средните стручни училишта;
- обучени се вкупно 171 наставник за кариерно советување.

| **3.2.3.1. Цел: Развој, модернизација и зголемување на атрактивноста на СОО**<br>**Мерка: г/ Изработка и имплементација на Концептот за учење преку работа** | Рок:<br>**2018** | Буџет:<br>**XXX** |
|---|---|---|

**Опис:** Се планира да се работи на развој и воведување на нов Концепт на учење преку работа (учење во работна средина). Преку ваквото учење кај учениците ќе се развиваат практичните вештини и компетенции директно во фирми и компаниии и тие ќе се оспособуваат за вршење на работи и задачи на работното место. За оваа цел ќе се воспостави посебна работна група која ќе работи на развој на Концептот и соодветните законски измени. Ќе се анализираат и меѓународните искуства во оваа област. За успешна имплементација на изготвениот и одобрениот Концепт, ќе се реализира и неопходната обука за учење преку работа, за кадарот од училиштата за СОО и организациите во кои тоа ќе се изведува. Ќе се обезбедува вклучување на учениците од СОО во учењето преку работа, согласно изготвениот Концепт.

**Реализација**:
Во изминатиот период реализирани се повеќе активности во овој дел:
- формирано е посебно Национално тело за системска имплементација на учењето засновано на работа;
- реализирана практична настава – учење преку работа во 229 компании со сертифицирани ментори;
- реализирани обуки: обучени 421 ментори во компании каде учениците реализираат практична настава, од кои 400 се сертифицирани ментори; обука на 161 наставник по практична настава - обучени во компании и изготвени се наставен план и програма за стручно-дидактичка обука на обучувачите од работодавачите кај кои се реализира практична обука;
- развиени инструменти и критериуми за: Евидентирање и оценување на подготвеноста на учениците за реализација на учење преку работа (УПР); Следење, оценување и евидентирање на реализацијата на УПР; Следење, оценување и евидентирање на процесот УПР и Развиени инструменти и критериуми за проверка на практичната оспособеност на кандидатите во неформалното учење;
- воведени се Регистар за верификација на работодавачите за изведување на практичната обука, кој го води Стопанската Комора на Македонија и до Министерството доставуваат годишен извештај за верифицираните работодавачи (согласно Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот за верификација на работодавачите за практична обука на учениците „Сл. весник на Република Македонија" бр.31 од 5.3.2008) и Регистар на склучени договори меѓу установите за стручно образование и обука и работодавачите за практичната обука на учениците (согласно Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на Регистарот на ученици што склучиле договор за практична обука со установата за стручно образование и обука и работодавачот „Службен весник на Република Македонија" бр.41 од 27.2.2014);
- вклучување на Република Македонија во Европската алијанса за практикантство (EAfA) за земјите кандидатки (2017 год.)

| **3.2.3.2. Цел: Развој и унапредување на неформалното образование и образованието за возрасни**<br>**Мерка: а/ Зголемување на свеста за значењето, можностите и вклученоста во неформалното образование (НО) и образованието за возрасни (ОВ) и зголемување на знаењата, вештините и компетенциите на возрасните** | Рок:<br>**2018/2019/2020** | Буџет:<br>**2,045,000 €** |
| --- | --- | --- |

**Опис:** Активности за воспоставување на систем за валидирање на компетенциите стекнати преку неформално и информално учење, воспоставување на Управен комитет за ВНИУ кој ќе биде поврзан со Одборот на НРК, изготвување правила и процедури за ВНИУ, потребни законски измени, подзаконски акти за обезбедување на правна и финансиска основа за спроведување на ВНИУ, развивање методолошки документи и алатки за спроведување на ВНИУ, пилотирање на процедурите за ВНИУ за одредени занимања/квалификации (во најмалку 3 сектори и учество на мин. 30 кандидати). Организирање на обуки и јакнење на капацитетите на институциите за спроведување на ВНИУ, спроведување на кампањи/настани за подигање на свеста за можностите и придобивките од ВНИУ. Ревидирање на механизмот на основно образование за возрасни, изработување и пилотирање на наставни програми (за мин. 8 клучни компетенции) во рамки на основното образование за возрасни, обезбедување на поддршка за завршување на СОО за возрасни (вклучување на 10 општини и опфат на околу 1,000 лица). Мерки за проширување на мрежата на установи за НО и ОВ на регионално и локално ниво, развој на алатки и анализа за утврдување на регионалните и локалните потреби за НО и ОВ. Развој на модел/концепт за воспоставување и финансирање, обука на вработените во јавните институции за НО и ОВ, организирање кампањи за подигање на јавната свест за значењето и можностите на НО и ОВ на сите нивоа

**Реализација**:

Изработени документи:

1. Концепција за неформално образование и информално учење во Република Македонија;
2. Патоказ за спроведување на системот за валидација на неформалното и информалното учење во Република Македонија;
3. Водич за процедурите на ВНИУ;
4. Спецификација на пакетот на информации и методологија;
5. Компаративна анализа за институционалната рамка, ВНИУ процедури и инструменти во Европа и препораки за во Македонија.

Реализирана е и обука на 25 советници кои ќе ги водат кандидатите во фазите на идентификација и документација (првата и втората фаза од процесот).

* * *

За одбележување во овој дел е и имплементацијата на Пилот-проектот за основно образование по затворите, спроведуван од Министерството за образование и наука, УНДП и Управата за извршување на санкции (УИС). Пилот реализацијата на програмите за македонски јазик и математика, кои се изработени во рамките на заедничката активност за операционализација на <u>Концепцијата за основно образование на возрасните</u> започна во месец октомври 2017 (и истите беа комплетирани во април 2018 год.), од страна на наставниот кадар на ООУ „Христо Узунов“, од Охрид.

Пред отпочнувањето на наставата за малолетниците во казнено-поправниот дом во Охрид, претходеше проверка на претходно стекнатото знаење на 24 малолетни лица и согласно добиените сознанија од проверката се започна со реализација на часовите, а малолетниците ја поминаа и совладаа предвидената содржина. Следен чекор е проверката на знаењата стекнати за време на наставата, за што, од страна на наставниот тим вклучен во реализацијата на оваа пилот активност, беа изработени тестови по македонски јазик и математика. Тестовите се испратени на увид и мислење до националниот консултант и Секторот за основното образование при МОН и по одобрувањето би се пристапило кон реализација на процесот на проверка на знаењата во присуство на наставниците и комисија составена од претставници од МОН, УИС и УНДП.

По комплетирањето и на овој чекор ќе следува доделување на потврда/документ, согласно кој на малолетниците би им се препознал вложениот труд и стекнатото знаење и би им овозможило по излегувањето од затвор проодност во основните училишта. Во наредниот период следуваат активности околу унифицирање на изгледот и содржината на потврдата/документот и се очекува процесот да биде завршен кон крајот на јули 2018 година.

| **3.2.3.2. Цел: Развој и унапредување на неформалното образование и образованието за возрасни**<br>**Мерка: б/ Подобрување на ефикасноста, содржината и квалитетот на неформалното образование и образованието на возрасни и зголемување на бројот на провајдери на НО и ОВ** | Рок:<br>**2018/2020** | Буџет:<br>**110,000 €** |
|---|---|---|
| **Опис:** Изготвување методологија за утврдување на потребите на образованието на возрасни лица и подготовка на соодветни наставни програми во согласност со потребите на пазарот на трудот, ревидирање на процедурите за верификација на програмите и провајдерите/давателите на неформалното образование и образование за возрасни, ревидирање на системот за мониторинг на квалитетот во НО и ОВ и утврдување на јасно дефинирани процедури и алатки, во консултации и со учество на сите релевантни субјекти. Реализирање на обуки за ДПИ за спроведување на мониторингот, изготвување на професионални стандарди и профили на работни места за наставници за обучување на возрасни и развивање на програми за обука на наставници. Спроведување на анализа за утврдување на можностите за мотивирање на работодавачите да инвестираат во образованието и обуката на возрасните | | |
| **Реализација**:<br>Верифицирани се 49 посебни програми. | | |

# 3. Социјална инклузија и социјална заштита

**Напомена:** Институции надлежни и вклучени во имплементацијата на мерките од оваа област се: МТСП, ЦСР, ЗСД, АВРМ, МОН, БРО, ЦОВ, ЦСОО, ЕЛС, РИЦ, невладини организации, МТВ, ФПИОМ, МЗ.

## 3.3.1. Унапредување на децентрализацијата на услугите од социјална заштита и справувањето со сиромаштијата и соц. исклученост на локално ниво

| 3.3.1.1. Цел: Поттикнување на креирањето и спроведувањето мерки за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на локално ниво<br>**Мерка: а/ Мерки за унапредување во делот на видот и адекватноста на паричните давања во социјалната заштита, како помош и поддршка на најранливите категории на население и справување со сиромаштијата** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**17.600.000 €** |
|---|---|---|

**Опис:** Во согласност со буџетските можности и анализи ќе се продолжи со постепеното зголемување на различните видови на парични давања, подобрувањето на нивната адекватност, унапредување на постоечките и воведување на нови бенефиции, програми, проекти и форми на поддршка и поволности, за најранливите категории на граѓани – социјални бенефиции, условени парични надоместоци, помош за ублажување на енергетската сиромаштија, дополнителни финансиски додатоци и поволности за лица со одредени видови на попреченост, други видови на дополнителни поволности за членовите на социјално загрозени домаќинства, бесплатен одмор и рекреација за деца, бесплатни обуки за компјутерски вештини и јазици и слично.

Во наредниот приод се планира да се спроведе анализа на тековните состојби, на ефикасноста и ефективноста на постоечкиот систем на парични права од социјалната заштита, како би се добиле релевантни и аргументирани предлози и препораки за спроведување на реформи, системски и регулаторни промени и обезбедување на можности за унапредување во овој дел.

**Реализација**:

И покрај досегашните резултати и позитивни трендови во однос на намалувањето на стапките на сиромаштија и социјална исклученост во државата, во изминатиот период отпочнати се интензивни подготовки и активности за дизајнирање и спроведување на значајна и <u>сеопфатна реформа на системот на социјална заштита</u>, со цел создавање на можности за ефикасен одговор и справување со идентификуваните предизвици во делот на социјалната заштита, сиромаштијата и социјалната вклученост.

Планираните реформи ќе се однесуваат на спроведување на мерки за унапредување на социјалната политика, редефинирање на институционалната рамка на системот на социјална заштита, реформа на законската рамка, редизајнирање на видовите и адекватноста на паричните права во социјалната заштита, зајакнување на постојните и воведување на нови социјални услуги.

За подготовка на потребните анализи и осмислување на реформите во социјалната заштита, формирана е експертска група (поддржана од меѓународни и домашни експерти од областа) координирана од страна на МТСП, која подготви Предлог за реформа на системот за социјална заштита. Овој документ се заснова на компаративна анализа на системите за социјална заштита во различни земји, анализа на постојниот систем за социјална заштита во Република Македонија и идентификуваните предности и слабости на системот, како и финансиска анализа и проценка на трошоците за воведување на реформата.

Реформата ќе се насочи кон редизајн на системот на социјалната заштита преку издвојување на материјалните (паричните) права од обезбедувањето на социјалните услуги, со што ќе се овозможи и воспоставување на моделот на водење на случај *(case management)* и поефикасно поврзување на социјалната работа со мерките за поддршка на вработувањето и за пристап до образование, за лицата во социјален ризик.

Со реформата на системот на парични давања од социјална заштита ќе се обезбеди правилно таргетирање и насочување на социјалните бенефиции кон лицата и семејствата кои се наоѓаат во ризик од сиромаштија и социјална исклученост. Адекватноста и ефикасноста на паричните надоместоци за материјално најзагрозените семејства се планира да се обезбеди преку воведување на <u>програма за минимална адекватна помош</u>, со што ќе се овозможи семејствата во состојба на социјален ризик да добијат паричен надомест како надополнување на приходот до линијата на сиромаштија. Дел од овие трансфери ќе бидат условени со влез на пазарот на трудот за корисниците кои се работоспособни и со зајакнување на нивните работни капацитети. Се планира воведување на семејни пакети и групирање на паричните права од социјална и детска заштита. Ваквите планирани мерки ќе имаат директно влијание врз намалувањето на сиромаштијата и социјалната исклученост на ранливите категории на граѓани.

Паралелно со активностите за реформирање на системот на парични надоместоци во социјалната заштита, се работи и на суштествено унапредување во делот на социјалните услуги, нивниот вид, опфат, начинот на обезбедување, вклучувањето на други провајдери во обезбедувањето на овие услуги итн.

Реформата на системот на социјална заштита ќе се уреди со нов Закон за социјална заштита, а првиот нацрт-текст е предвидено да биде изготвен до септември 2018 година, по што ќе отпочне консултативен процес со сите засегнатите страни, а истовремено ќе се работи и на подготовка на подзаконски акти, неопходни за негова операционализација и практична примена.

* * * *

Во текот на 2017 година за различни бенефиции насочени кон различни категории на лица во социјален ризик (не сметајќи ја исплатата на паричните права/давања од социјална заштита) исплатени се средства, обезбедени од Буџетот на РМ, во вкупен износ од околу 322.82 милиони денари (околу 5.22М €):

- програма за условени парични надоместоци: 43,297,000 ден.
- субвенционирање на потрошувачката на енергија 108,702,300 ден.
- поддршка на НВО, црвен крст, инвал.организации - за спроведување на соц.услуги: 67.400.000 ден.
- помош на деца без родители кои се на редовно школување/студии: 51,000,000 ден.
- финансирање на бесплатен одмор за деца од социјално ранливи категории: 13,000,000 ден.
- сместување во згрижувачко семејство: 39,421,000 ден.

За парични права (давања) од социјална заштита (*социјална парична помош, постојана парична помош, паричен надоместок за нега од друго лице, итн...*) во 2017 год. исплатени се средства во износ од 4,380,483,000 денари (околу 71М€).

| | | |
|---|---|---|
| **3.3.1.1. Цел: Поттикнување на креирањето и спроведувањето мерки за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на локално ниво**<br>**Мерка: б/ Развивање на форми и поттикнување на вклученоста и соработката на локално ниво за надминување на социјалните ризици на ранливите категории** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**ИПА** |

**Опис:** За да се подобри испораката на социјалните услуги на граѓаните во локалната заедница се планира воспоставување на центри за социјални услуги (ЦСУ) и локални совети за социјална заштита (ЛСС) кои ќе треба да обезбедат зголемена активност, инволвираност, соработка и комуникација на институциите, НВО, хуманитарните организации, религиските институции, приватниот сектор во општините, во остварувањето на социјалните активности во локалната заедница, пореално согледување на потребите на граѓаните, носење и имплементација на локални програми од областа на социјалната заштита, зголемување на информираноста на граѓаните за своите права од социјалната заштита и нивно остварување, развивање на знаења и вештини на одделни групи на население за справување со одредени социјални ризици итн. Вакви ЦСУ и локални совети за социјална заштита се формирани во три пилот општини – Дебар, Кочани и Пробиштип и забележани се позитивни искуства од нивното функционирање. Се планира и спроведување на мерки/проекти за јакнење на меѓуопштинската соработка во обезбедување на социјални услуги, преку воспоставување на заеднички меѓуопштински установи и услуги, т.е. формирање на сервиси кои ќе бидат финансирани од повеќе (партнерски) соседни локални самоуправи, при што ќе се обезбедуваат услуги за граѓаните од тие општини, преку здружување на финансиските средства и ресурси и да се обезбеди оддржливост на сервисите на подолг рок.

**Реализација**:

Центри за социјални услуги (ЦСУ) и Локални совети за социјална заштита (во Штип - Координативно тело за социјална заштита), заклучно со 2017 година, се формирани во вкупно осум општини: во Дебар, Кочани, Пробиштип, Куманово, Неготино, Тетово, Старо Нагоричани и Штип.

| **3.3.1.1. Цел: Поттикнување на креирањето и спроведувањето мерки за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на локално ниво**<br>**Мерка: в/ Подобрување на соработката помеѓу институциите задолжени за спроведување на мерки за активација на пазарот на труд и институциите задолжени за обезбедување на социјална заштита** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**XXX + ИПА** |
|---|---|---|

**Опис:** обуки за вработените за креирање и спроведување на мерки прилагодени на крајните корисници, обуки за препознавање на капацитетите на лицата со функционална попреченост, зајакната и редовна размена на информации помеѓу Центрите за социјална работа и Центрите за вработување, вклучување на невладин сектор и други стручни лица (надворешни соработници) во спроведувањето на активностите за препознавање на капацитетите на лицата под ризик од социјално исклучување, вклучување на бизнис заедницата во спроведувањето на активацијата на ранливи групи и надминувањето на дискриминационите пракси при нивно вклучување на пазарот на труд итн.

**Реализација**:

Во овој дел би можеле да се споменат дел од проектите (помали грантови) кои се спроведуваа во изминатиот период (2016/2017 год.) како дел од двете грантови шеми финансирани од Европската унија (ИПА Компонентата 4) „*Поттикнување на социјалната инклузија*" и „*Промовирање на социјалната инклузија на локално ниво*" (вкупно 38 проекти), со кои се реализираа различни мерки, иницијативи и конкретни активности насочени кон поддршка на социјалната вклученост и вработувањето на различни ранливи категории на лица во локалните заедници. Голем дел од овие проекти се реализираа со директно вклучување и активна соработка на различни субјекти на локално ниво, пред сè на граѓански организации, во соработка со центри за вработување и/или центри за социјална работа, локалната самоуправа, во некои случаеви и учество на бизнис заедницата итн. Меѓу другото се реализираа 5 конкретни грант-проекти кои беа насочени кон зајакнување на капацитетите и соработката на релевантните актери во област на социјалната инклузија. Такви беа на пример, Проектот „*Локални партнерства за социјална инклузија*" кој што имаше за цел токму да придонесе кон олеснување на партнерствата помеѓу локалните власти, граѓанското општество и приватниот сектор (во неколку општини во државата) заради решавање на локалните социо-економски проблеми, подигнување на свеста и градење на капацитетите на тие локални актери за успешно идентификување и решавање на социјалните потреби на локалите задници. Со проектните активности се поддржа и успешно се реализираше воспоставување на пет локални партнерства и изработка на пет локални акциски планови за социјална инклузија, а се реализираа и бројни обуки, работилници, експертски поддршки, се подготвија промотивни материјали итн. Сличен таков беше и Проектот „*Македонска активна платформа за социјална инклузија – МАПСИ*" кој се спроведуваше во 18 општини и придонесе кон зајакнување на улогата и учеството на релевантните засегнати страни (единици на локална самоуправа, владини институции, невладини организации и други релевантни субјекти) во развојот, спроведувањето и следењето на програмите за социјална инклузија (со посебен фокус токму на градењето партнерства, вмрежувањето и соработката).

Проектот „*Безбедни и еднакви: Управување со недискриминација и диверзитет при вработувањето*" – исто така, работеше на јакнење на капацитетите и улогата на релевантните актери (НВО, социјални партнери итн.) во три општини, во спроведувањето и следењето на програмите за социјална инклузија, во идентификувањето и следењето на локалните состојби и социјалните потреби, јакнење на нивните капацитети и улога во промовирањето на инклузивен пазар на труд и борбата против дискриминацијата на работното место.
Со посебен Проект „*СЕАП – Социјална и економска платформа за помош*" во Скопската општина Чаир се промовираше и се поддржа воспоставување на меѓусекторски модел на социјална и економска вклученост на ранливите групи и унапредување на капацитетите на локалните актери кои се вклучени во идентификацијата на ризичните ранливи групи; усвојување и воспоставување на стратешки приод во справување со прашањата на социјална инклузија; развој и тестирање на модел за социјална и економска помош за ранливите групи во општината. Во спроведувањето на проектот активно беа вклучени претставници (стручни лица) од локалната самоуправа, од Центарот за социјална работа и Агенцијата/Центарот за вработување, локални невладини организации, како и претставници од самите ранливи групи кои живеат во општината.

Еден од карактеристичните проекти во овој дел, беше и Проектот за „*Планирање на модел за одржливо вработување на лица со попречености*", во рамките на кој, во повеќе општини од Скопскиот регион, меѓу другото се работеше и на зајакнување на капацитетите на бизнис секторот (претпријатија) во обезбедувањето на понуда на вработување без пречки за лицата со попреченост, се организираа обуки/работилници за околу 70 професионалци за човечки ресурси од претпријатија за вработување без пречки, недискриминација и раководење со лица со попречености, се подготвија и дистрибуираа практични прирачници и други промотивни материјали наменети за претпријатија.

И во многу други проекти и иницијативи се поттикнуваа и поддржуваа вакви партнерства, меѓусебни соработки и заеднички координирани дејствувања во справувањето со реалните локални предизвици и проблеми во делот на социјалната инклузија, пазарот на труд, вработувањето, справување со сиромаштијата, антидискриминацијата итн.

| **3.3.1.1. Цел: Поттикнување на креирањето и спроведувањето мерки за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на локално ниво**<br>**Мерка: г/ Зголемување на вработливоста и активацијата на ранливите категории на локално ниво** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**4,670,000 €** |
|---|---|---|

**Опис:** Имплементација на мерки и проекти на локално ниво за зголемување на вработливоста и социјалната инклузија на лицата од различни ранливи категории. Меѓу другото, во овој дел се планира проширување во нови општини на програмата за општинско-корисна работа преку која работно се ангажираат ранливи групи на граѓани (долгорочно невработени лица), а во исто време се обезбедуваат иновативни социјални услуги во локалните заедници, од кои корист имаат повторно ранливите групи на граѓаните, како крајни корисници на овие услуги (стари лица, лица со попреченост и деца од претшколска возраст). Ваквите активности досега се поддржани во 42 општини. Меѓу другото, невработените лица ангажирани за доставување услуги кон стари лица имаат можност да добијат сертифициран тро-месечен тренинг за доставување услуги во домашни услови (60 лица во 2015) и со тоа ангажираните лица покрај со работно искуство се стекнуваат и со конкретни вештини кои ја зголемуваат нивната работоспособност и вработливост. За да се обезбеди поголема одржливост на развиените услуги, се планира да се обезбеди и дополнителна поддршка преку грантови за започнување на сопствен бизнис кој би продолжил со доставувањето на одредена услуга до ранливите категории. Се планираат и активности за поддршка на интегрирањето на мигрантите-повратници во нивните локални заедници, активности за поттикнување на искористувањето на дознаките од странство кои ги примаат наши граѓани (во одреден дел и приматели на социјална помош) преку различни форми, како активни мерки за вработување, мотивирање за искористување на овие средства за отпочнување на сопствен бизнис, поддршка на креирање на семејни бизниси и сл., со што тие економски би се активирале и би станале независни. Ваквите активности би се реализирале во соработка и со поддршка од локалната заедница.

**Реализација**:

Во Оперативниот план за вработување за 2017 година, како посебна мерка беше предвидена реализацијата на програмата за општинско корисна работа, насочена кон вработување на лица од ранливи групи за развивање на социјални услуги во заедницата, согласно поднесени програми од општините.

Мерката во 2017 година се реализираше во траење од 6 месеци и во неа беа вклучени 466 лица во испорака на услугите. Од нив 140 беа образовни и лични асистенти за вклучување на деца со попреченост во образовниот процес и 326-лица за развивање на услугите во заедницата.

Исто така, со ревидираниот Оперативен план за вработување за 2017 година, имплементирани се две нови мерки “Финансиска и советодавна поддршка за раст на социјални претпријатија“ (неповратен грант во висна од 10К € за кофинансирање на нови деловни инвестиции, со обврска за вработување) и мерката за „Поддршка за создавање на нови работни места во граѓански организации“ (грантови во висина од 1.5К € денари за вработување на едно лице, со максимален број од 5 вработувања).

* * * *

Покрај тоа, во текот на 2016/2017 година се имплементираа и повеќе помали грант-проекти во рамки на грантовите шеми финансирани од ИПА Компонентата 4, со кои се реализираа различни мерки и конкретни активности, насочени токму кон поттикнување на социјалната вклученост и поддршка на вработувањето на различни ранливи категории на лица во локалните заедници, со креирање и поттикнување на локални партнерства, вклученост на различни субјекти на локално ниво, земање во предвид на локалните специфични состојби и потреби итн.

Во рамки на две грантови шеми „*Поттикнување на социјалната инклузија*“ и „*Промовирање на социјалната инклузија на локално ниво*“ се финансираа 38 грант-проекти, кои беа спроведувани од 90 различни субјекти, претежно граѓански организации, јавни установи, единици на локалната самоуправа и други, кои имплементираа модели (пр. социјално претприемништво), мерки и услуги, што треба да овозможат и придонесат кон активација на лицата кои од разни причини се оддалечени од пазарот на трудот и нивна социјална инклузија.

Поважни реализирани резултати:

- вкупно 2,299 лица учествуваа во обуки за меки вештини, 715 беа припадници на етнички малцинства, главно Роми и тоа претежно жени; 350 лица со попреченост; 290 млади луѓе во социјален ризик, со ниски квалификации; понатаму, долгорочно невработени лица; жртви на семејно насилство; самохрани родители - претежно мајки; лица на издржување казна затвор; рурално население; итн.
- повеќе од 2,225 лица беа обучени за различни стручни вештини, стекнувајќи знаење, искуство и квалификации кои ќе го олеснат нивниот влез на пазарот на трудот. 683 беа жени Ромки и припадници од други етнички заедници, 647 беа лица со попреченост и 464 - млади невработени кои се изложени на ризик од сиромаштија и исклученост.
- покрај стекнување на меки и стручни вештини, на 687 лица им се овозможи менторство, практиканство и обука на работното место. Од нив 185 беа жени-Ромки и припадници на

други етнички малцинства, 153 лица со попреченост и 157 млади невработени лица изложени на ризик од сиромаштија и исклученост.
- развиени се 480 бизнис планови за започнување сопствен бизнис.
- вработени се 128 лица, но се очекува бројката да биде поголема, имајќи предвид дека дел од проектите завршија со имплементација во декември 2017.
- беа организирани 200 курсеви/обуки и беа разработени 45 модули за обука кои обезбедуваат добра основа за оспособување и преквалификација на ранливите групи кои се соочуваат со многубројни пречки што ги отежнуваат нивните напори за влез на пазарот на трудот.

Во рамки на овие грант-проекти на пример, како дел од активностите за поттикнување социјална инклузија на лицата во неповолна положба на пазарот на трудот, 98 млади корисници на социјална помош и 28 млади лица грижени во установи за социјална заштита се обучија за рано кариерно насочување и советување. Ова се реализираше преку разработена Методологија за кариерно советување и рано кариерно насочување, изработка на 60 социјални карти за млади лица без родителска грижа и со образовни и социјални проблеми, како и изработка на студија за анализа на потребите.
Во рамките на друг проект се придонесе за создавање поволна средина за реинтеграција на престапници во општеството и тоа преку обуки за стекнување на општи вештини и вештини за дефицитарни занимања на пазарот на труд, кои се реализираа врз основа на три специјализирани образовни програми приспособени на потребите на 120 лица кои издржуваат затворска казна (програма за стекнување основна писменост, програма за англиски јазик, програма за основни компјутерски вештини, специјализирана програма за стручна обука за пекар/готвач и програма за фризер/бербер).
Исто така се разви и тестираше модел за сеопфатна поддршка на 77 самохрани мајки преку долгорочна програма за обука за основни професионални и претприемачки вештини, се основаа групи за самопомош за самохрани мајки, а се обезбедија и алатки и ресурси на Центрите за социјална работа и локалните организации од граѓанското општество за натамошна поддршка и олеснување на интегрирањето на самохраните мајки (вклучувајќи и жртви на семејни насилство) на пазарат на труд.

| | Рок: | Буџет: |
|---|---|---|
| **3.3.1.1. Цел: Поттикнување на креирањето и спроведувањето мерки за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на локално ниво**<br>**Мерка: д/ Јакнење на капацитетите на претставници на различни субјекти на локално ниво за развој, креирање, спроведување на услуги од областа на социјална заштита** | **2020** | **440,000 €** |

**Опис:** Ќе продолжи организирањето и спроведувањето на различни обуки, семинари, работилници за претставници на локалната самоуправа, институциите на локално ниво, невладини организации, социјални партнери итн. за активно учество во развој и имплементација на политики, проекти, програми, мерки, услуги кои ќе бидат прилагодени на потребите на ранливите категории на граѓани на локално ниво. За унапредување на состојбите и капацитетите во овој дел се планираат и активности за анализа и унапредување на расположливоста на податоци, информации, бази на податоци, за специфични ранливи групи на граѓани, како постепено би се надминувале состојбите со хроничен недостаток на квалитетни релевантни податоци за определени ранливи и социјално загрозени категории на граѓани. Неопходно е да се унапреди прибирањето и расположливоста на податоци расчленети (дисагрегирани) по однос на пол, етничка припадност, инвалидност.
Неопходни се подобрувања во овој дел, меѓу другото и преку поврзување на веќе постојните податоци, како и преку теренски проверки, за оние кои сеуште не се влезени во некои од системите на социјална и здравствена заштита, не се евидентирани во базите на агенциите за вработување и сл.

**Реализација**:
Со експертска поддршка обезбедена во рамките на Проектот за „*Техничка помош во управување и мониторирање на проекти од грантовата програма - Поттикнување на социјална инклузија*“ (ИПА Компонента 4), кој се спроведуваше во текот на цела 2016 и 2017 година се обезбеди значителна помош за јакнење на капацитетите, пред сѐ на граѓанскиот сектор за ефикасно и ефективно дизајнирање и спроведување на проекти на полето на социјална инклузија. Оваа техничка помош се реализираше паралелно со имплементацијата на 26-те грант-проекти што се реализираа во рамки на грант-програмата финансирана од страна на ЕУ (ИПА Компонента 4) за „Поттикнување на социјалната инклузија“.
Експертите од овој Проект обезбедија јакнење на капацитетите и вештините и зголемување на знаењето на 66 различни организации (граѓански организации, единици на локална самоуправа, центри за социјална работа, средни училишта) кои спроведуваа проекти на локално ниво од областа на социјалната инклузија.
Се организираа семинари за менаџерите на проектите и обуки за управување на грант-проекти на кои учествуваа 142 лица; ставена е во функција web-страница ( http://taeugrants.net/ ) на која се достапни сите материјали од обуките; се спроведоа 53 теренски посети на 26 грант-проекти за време на кои се обезбеди практична обука за корисниците на грантовите за поуспешно спроведување на проектите.

* * * *

Покрај тоа, со цел да се обезбеди успешна имплементација на реформата на системот на социјална заштита, се направи истражување на капацитетите на Центрите за социјална работа за спроведување на планираните реформи и се утврдија потребите за зајакнување на нивниот капацитет.
Реформата во текот на 2018 година ќе опфати и промена и надградба на постоечкото софтверско решение за администрирање на паричните права, ќе се ангажираат бизнис аналитичари, со поддршка обезбедена во рамки на проект на Светска Банка, кои ќе започнат со работа и со подготовка на нова тендерска документација, односно на опис на функционалностите кои би требало новиот систем да ги поддржува (согласно новите законски решенија) и во кој покрај правата, ќе бидат опфатени и социјалните услуги.

| 3.3.1.1. Цел: Поттикнување на креирањето и спроведувањето мерки за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на локално ниво<br>**Мерка: ѓ/ Утврдување и генерирање на прокси-индикатори и податоци кои ќе овозможат подобар увид во бројот и процентот на лица со одредена попреченост во локалните заедници (општини)** | Рок:<br>**2017** | Буџет:<br>**УНДП** |
|---|---|---|

**Опис:** активностите ќе се реализираат во тесна соработка со асоцијациите што работат со лица со попреченост, ќе се користат базите на податоци со кои тие располагаат. Дополнително, ќе се работи и на детектирање на бариерите со кои лицата со попреченост се соочуваат, приоритизирање на нивните потреби, како и на можностите за нивно надминување, вклучувајќи ги тука и бариерите за вклучување на пазарот на труд, што понатаму ќе биде и основа за креирање на релевантни политики и мерки за овие целни групи. Поддршка на активностите ќе се обезбеди и од страна на УНДП.

**Реализација**:
Во 2017 година Министерството за труд и социјална политичка, со поддршка од канцеларијата на УНДП, спроведе проект кој се однесува на генерирање на податоци за лицата со попреченост, кои треба да помогнат во проценките за бројот и локациите каде што живеат овие лица и да помогнат во утврдување на бариерите за нивното социо-економско вклучување во заедницата.
Спроведени се две терески истражувања во три региони во државата – пелагониски , скопски и југоисточен. Подготвени се два сета на потребни информации кои треба да се добијат, и во истражувањето вклучени беа 600 лица со различен тип на попреченост како и 83 згрижувачки семејства. Прашалниците се однесуваат на достапноста на услугите од областа на социјалната и здравствената заштита, како и на услугите за вработување, додека вториот прашалник беше наменет за состојбата во згрижувачките семејства кои згрижуваат деца/лица со попреченост. Во истражувањето како анкетари беа вклучени и самите лица со попреченост. За резултатите од истражувањето објавени се две публикации.
Исто така, добиени се базите на податоци од членовите на Националните инвалидски организации, со што е утврдена бројката на лица со попреченост по одделни општини.

### 3.3.2. Поддршка и унапредување на деинституционализацијата, со фокус на лицата со попреченост

| 3.3.2.1. Цел: Зајакнување на процесот на деинституционализација и унапредување на вон-институционалните форми на заштита на лицата со попреченост<br>**Мерка: а/ Ревидирање и ажурирање на Националната Стратегија за деинституционализација во Република Македонија 2008-2018** | Рок:<br>2018 | Буџет:<br>200,000 € |
|---|---|---|

**Опис:** За унапредување на процесот на деинституционализација во текот на 2017 година се планира да отпочнат повеќе активности. Ќе се подготви детална и сеопфатна анализа и оценка на моменталните состојби, постигнати резултати и предизвици во имплементацијата на постоечката Стратегија за деинституционализација. Согласно анализата, ќе се отпочне процес на ревидирање и ажурирање на Стратегијата, со продолжување на временскиот опфат (по 2018 година), подготовка на конкретен акциски план со временски план, буџетска рамка, индикатори и цели што ќе треба да се постигнат. Ќе се воспостави ефикасен механизам за координација и следење и оценка на спроведувањето на Стратегијата. Посебно ќе се обрне внимание на анализа и оценка на состојбите во Специјалниот Завод „Демир Капија" и воспоставените станбени единици за самостојно живеење со поддршка; идентификување на клучните предизвици во овој дел и потребните реформи и активности, во согласност со добрите практики и стандардите на ЕУ. Во рамки на овој процес ќе бидат организирани и реализирани дискусии и јавни дебати, размена на мислења и ставови, презентирање и пренесување на релевантни европски искуства, со вклученост на сите релевантни субјекти.

**Реализација**:
Во текот на 2017 година се реализираа интензивни подготвителни и други активности за поддршка на процесот на ревидирање на постоечката Стратегија за деинституционализација. Министерството за труд и социјална политика во соработка со Делегацијата на Европската Унија, во април 2017 година го започна проектот *„Техничка помош за поддршка на процесот на деинституционализација во социјалниот сектор"*. Со широко учество на засегнатите чинители беше изработена Ситуациона анализа, која вклучува анализа на контекстот, проценка на потребите, оценка на дотогашните политики и достапните услуги, како и институционална оценка.
Врз основа на наодите и заклучоците од анализата беше подготвен првиот нацрт на Националната стратегија за деинституционализација 2018-2027, која предвидува и детален акциски план за првите три години од спроведувањето, индикативна буџетска рамка, показатели за успешност и предлага соодветен механизам за координација, следење и оценка на спроведувањето на Стратегијата.

Националната стратегија за деинституционализација 2018-2027 ќе биде финално усвоена во првата половина на 2018 година, откако ќе биде спроведен широк процес на јавна дебата и консултации со сите релевантни субјекти во областа.

| 3.3.2.1. Цел: Зајакнување на процесот на деинституционализација и унапредување на вон-институционалните форми на заштита на лицата со попреченост<br>**Мерка: б/ Продолжување на процесот на деинституционализација на лицата со попреченост во менталниот развој од ЈУ Специјален завод „Демир Капија"** | Рок:<br>2020 | Буџет:<br>3,500,000 € |
|---|---|---|

**Опис:** Се планира да се спроведе анализа на моменталната состојба во Заводот за подетално утврдување на состојбата на корисниците и видовите на дијагноза, изработка на индивидуални планови за психо-социјална подготовка, утврдување на моменталната цена на чинење на грижата за еден корисник, утврдување на трошоците и динамиката на продолжувањето на процесот на постепена деинституционализација на корисниците сместени во Специјалниот завод. Ќе продолжи отворањето на нови служби (станбени единици) за организирано самостојно живеење со поддршка за лицата со интелектуална попреченост, како би се зголемиле капацитетите и бројот на лица згрижени во овие вон-институционални форми. Ваквите форми ќе имаат и значајна улога и во поддршка на превенцијата од институционализација на лицата со попреченост

**Реализација**:
Во текот на 2017 година, фокусот беше ставен на партиципативниот и темелен процес на подготовка на новата Стратегија за деинституционализација за следниот десетгодишен период, во насока да достапноста на различни видови вонинституционални социјални услуги се проширува континуирано и системски, согласно утврдените долгорочни определби и приоритети.

Во однос на процесот на трансформација на Специјалниот завод „Демир Капија", изработена е анализа на состојбата во Заводот, вклучувајќи преглед на структурата на корисниците (според возраст, пол, тип и степен на попреченост, место на потекло и сл.), како и на структурата на вработените (профил, образование, работно искуство и сл.).

Беше спроведена обука за вработените во Заводот за изработка на индивидуални планови за корисниците.
Кон крајот на 2017 година започнаа подготовките за утврдување на цената на чинење на социјалните услуги (методологија), вклучувајќи го организираното живеење со поддршка во заедницата. Подготовката на методологијата се очекува да заврши во првата половина на 2018 година.

Како дел од напорите за подобрување на условите и начинот на работа во Специјалниот завод „Демир Капија“, беа одржани и серија работилници за воведување на методологијата на лично планирање, во кои учествуваа професионалци од повеќе институции за социјална заштита, центри за социјална работа, граѓански организации и студенти. Во Заводот во октомври 2017 г. се одржа студентски камп со учество на студенти од универзитетите во Скопје и Љубљана, вработените во установата и претставници на граѓански организации, на кој беа разгледувани потребните чекори за преселба (трансферирање) на корисниците од Заводот во служби за организирано живеење со поддршка во заедницата.
За да се потпомогне ваквата транзиција, во Специјалниот завод напоредно УНИЦЕФ го спроведуваше Проектот „Обезбедување на специјализирана поддршка за деца со попреченост“, во рамките на кој беше ангажиран експерт за интензивна интерактивна терапија за да помогне на тим од стручни лица да ги подготват децата до 26-годишна возраст за живот што го заслужуваат, надвор од установата - во средина слична на семејната, а во меѓувреме достоинствено да го поминат краткото време под грижа на државата.

| **3.3.2.1. Цел: Зајакнување на процесот на деинституционализација и унапредување на вон-институционалните форми на заштита на лицата со попреченост**<br>**Мерка: в/ Започнување и постепена реализација на процесот на деинституционализација на установата за сместување на деца и младинци со пречки во телесниот развој - ЈУ Завод за рехабилитација „Бања Банско“, Струмица** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**110,000 €** |
|---|---|---|

**Опис:** Во установата моментално се згрижени 62 корисници (деца и младинци) од кои најголемиот број – околу 80%, се на возраст над 26 години. Ќе се започне со реализација на активности за проценка на способностите и преостанататата функционалност на лицата со телесна попреченост, ќе се подготви соодветна индивидуализирана програма за нивна рехабилитација и работно оспособување, ќе се обезбедува поддршка и вклучување во програмите за професионална рехабилитација и (само)вработување на лицата со попреченост. Се планира обука за стручни лица за работно ориентирана рехабилитација, која понатаму ќе се пилотира во установата на најмалку 20 лица со телесна попреченост, кои имаат преостаната функционалност за да можат да бидат вклучени на пазарот на трудот, а со тоа и постепено да ја напуштат институцијата и да продолжат самостојно да живеат. Се планира и отворање на станбени единици за самостојно и организирано живеење со поддршка на овие лица, како би се обезбедило соодветно домување со поддршка, во индивидуални станбени објекти, до моментот додека станат способни самите да продолжат самостојно да живеат. Дополнително треба да се спроведат и мерки за активација на лицата со попреченост на пазарот на труд и мерки за прифаќање на лицата од страна на вработените во приватниот сектор, што како мерка се планира да се пилотира со лицата од Заводот „Бања Банско“ кои успешно би се вклучиле на пазарот на труд преку некоја од активните мерки за вработување.

**Реализација**:
Министерството за труд и социјална политика, заедно со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), Општината Струмица и други национални партнери, спроведе проект за професионална рехабилитација, директно насочен кон лицата со попреченост сместени во Јавната установа Завод за заштита и рехабилитација „Бања Банско“ во Струмица. Целиот проект беше имплементиран со поддршка од реномираната австриска компанија за рехабилитација ББРЗ, при што целта на проектот беше да се поттикне работното оспособување и вклучување на пазарот на трудот на лицата сместени во Заводот.
Во рамките на проектот спроведени беа три обуки за 16 професионалци за теоретските аспекти на работно-ориентирана рехабилитација, а по завршувањето на обуките спроведени беа 25 дена на пилотирање, односно директна работа со корисниците сместени во Заводот „Бања Банско“. Во рамките на пилотирањето, за 23 корисници од установата подготвени се социјални анамнези, проценки, РЕХА планирање, индивидуални планови кои имаа за цел да ги трасираат нивните лични афинитети, желби, способности, но и да ги зголемат нивните работни капацитети преку практични вежби, посета на локални бизниси и запознавање со работните места. Понатаму за овие лица извршени се и медицински проценки од стручни лица од областа на медицина на трудот.

Во текот на 2018 година, активностите за работно оспособување и вклучување на лицата сместени во Заводот „Бања Банско“ во услугите за самостојно живеење со поддршка, ќе продолжат во рамките на активностите на Министерството за труд и социјална политика во делот на деинституционализација на установите од социјалната заштита.
Фокусот во текот на 2017 година беше ставен на партиципативниот и темелен процес на подготовка на новата Стратегија за деинституционализација за следниот десетгодишен период, а начинот и динамиката на напуштање на установата од страна на корисниците на Заводот „Бања Банско“ ќе биде утврден во рамките на Стратегијата, со учество и на самите корисници од установата.

| | | |
|---|---|---|
| **3.3.2.1. Цел: Зајакнување на процесот на деинституционализација и унапредување на вон-институционалните форми на заштита на лицата со попреченост**<br>**Мерка: г/ Оформување на Центар за рехабилитација и работно оспособување и служба за организирано живеење со поддршка во рамките на Заводот за рехабилитација на деца и младинци – Скопје** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**50,000 €** |

**Опис:** Во Заводот за рехабилитација кој го посетуваат деца и младинци со умерена и тешка попреченост во интелектуалниот развој (над 100 корисници) се планира да се преземат активности за оспособување за употреба на работилниците во рамките на заводот и набавка на соодветна опрема за работа и работно оспособување, прилагодена на можностите на корисниците и отворање на работен центар во рамки на установата. Воведување на стручно образование согласно можностите на корисниците, обезбедување на услугата живеење со поддршка за корисници и секако, обезбедување на соодветни тренинзи и обуки за вработените во установата кои ќе работат на програмите за рехабилитација и работно оспособување на лицата со интелектуална попреченост

**Реализација**:

Во текот на 2017 година заврши имплементацијата на ЕУ (ИПА) проектот за „Унапредување на услугите за социјално вклучување", во рамките на кој се изготвија предлог стандарди за професионална рехабилитација и предлози за нејзино воведување.

Како основа за развојот на професионална рехабилитација се користат искуствата и научените лекции и предлози од спроведените пилот програми за професионална рехабилитација и работно оспособување на лица со попреченост, пилотирани од страна на 9 сервис провајдери (граѓански организации, дневни центри за лица со посебни потреби, приватни компании, институции за социјална заштита, специјализирани училишта). Изготвен е предлог-Правилник и девет стандарди за професионална рехабилитација, развиени се пет програми за професионална рехабилитација фокусирани на лицата со инвалидност кои се во работен однос и на оние кои се во процес на барање работа. Исто така подготвена е и нацрт-Програма за обука од теорија до пракса со 21 модул и тренинг материјали за обука за работа со 5 категории на лица со инвалидност/попреченост (лица со оштетен слух, лица со интелектуална попреченост, лица со метални растројства, лица со оштетен вид и слепи лица и лица со физички хендикеп).

Спроведено е теренско истражување, а развиен е и посебен ИТ модул за професионална рехабилитација како дел од софтверот за евидентирање на корисниците на социјални услуги (ЛИРИКУС).

Врз основа на овие документи започнати се разговори за отворање на центар за рехабилитација во Заводот за рехабилитација на деца и младинци - Скопје, кој согласно плановите, би требало да започне да се реализира во втората половина на 2018 година. Во оваа насока подготвен е и предлог-проект за набавка на опрема за рехабилитација за наведената институција и истиот е доставен на одобрување од страна на донатор.

| | | |
|---|---|---|
| **3.3.2.1. Цел: Зајакнување на процесот на деинституционализација и унапредување на вон-институционалните форми на заштита на лицата со попреченост**<br>**Мерка: д/ Развивање на социјални услуги во локалната заедница за лица со нарушено ментално здравје** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**ИПА** |

**Опис:** Во психијатриската болница - Скопје и душевната болница - Демир Хисар има голем број на корисници кои долг временски период престојуваат во установите, меѓу другото и поради недостаток на програми за нивна рехабилитација и центри во локалните заедници кои понатаму ќе им обезбедуваат поддршка во извршувањето на секојдневните активности. Во моментот на територија на Република Македонија постојат седум Центри за ментално здравје (три во Скопје и по еден во Тетово, Струмица, Гевгелија и Прилеп). Се планира да се започне со проценка на нивните програми, капацитети и можности за обезбедување на поддршка на лицата со нарушено ментално здравје во средините каде што престојуваат, врз основа на што би се подготвувале соодветни програми за поддршка, со користење на европските искуства. Би се обезбедиле и тренинг програми за јакнење на капацитетите на немедицинскиот кадар во овие центри (социјални работници и психолози) за обезбедување на услуги од психолошко советување, поддршка во извршување на секојдневните активности, поддршка во јакнење на капацитетите за полесен пристап до пазарот на трудот итн. Исто така, се планира да се започне и со развој на програми за работно-ориентирана рехабилитација на лицата кои подолго време престојуваат во овие институции.

**Реализација**:

Развивањето и унапредување на социјални услуги за лица со нарушено ментално здравје е процес што бара исклучително високо ниво на интер-ресорска (со Министерството за здравство и други здравствени установи) и интердисциплинарна соработка (помеѓу медицински кадар и стручни лица во системот на социјална заштита).

Клучните цели и начини на соработка се очекува да бидат одредени во рамките на Националната стратегија за деинституционализација 2018-2027. Оттука, конкретни активности поврзани со наведената мерка ќе започнат да се реализираат во периодот по усвојување на Стратегијата, со обезбедување на системски, координиран и ефективен пристап.

| 3.3.2.1. Цел: Зајакнување на процесот на деинституционализација и унапредување на вон-институционалните форми на заштита на лицата со попреченост<br>**Мерка: ѓ/ Анализа и унапредување на постоечките минимум стандарди за обезбедување на услугите за поддржано живеење во заедницата** | Рок: **2020** | Буџет: **XXX** |
|---|---|---|
| **Опис:** за обезбедување на воедначен и подобрен квалитет на услугите и еднаков третман на целата територија на државата, се планира да се преземат активности за анализа и евентуално унапредување минимум стандардите за обезбедување услугите за поддржано живеење во заедницата, како поддршка и поттикнување на процесот на деинституционализација, како и на превенцијата од институционализација на лицата со попреченост | | |
| **Реализација**:<br>Подготвителни активности за реализирање на предвидената мерка се отпочнати во текот на 2018 година (во делот на подготовка на подзаконски акт за самостојно живеење со поддршка и изработка на методологија за утврдување на цена на чинење на социјалните услуги)...Соодветни измени и унапредувања во делот на стандардите, регулативата итн. ќе следуваат и по планираното донесување на новиот Закон за социјална заштита (во рамки на реформите на системот на социјална заштита). | | |

### 3.3.3. Понатамошен развој на социјалните услуги и плурализација

| 3.3.1. Цел: Развој и унапредување на социјалните услуги и можностите за вклучување на различни субјекти во квалитетното и ефикасно обезбедување на социјални услуги во заедниците<br>**Мерка: а/ Спроведување на мерки за подобрување на условите за обезбедување на социјални услуги од други даватели** | Рок: 2020 | Буџет: 75,000 € |
|---|---|---|

**Опис:** Поради недостатокот на утврдени стандарди за социјалните услуги, а согласно на тоа и цена на чинење, се планира да се преземат активности за развивање на стандарди за испорака на социјални услуги и нивно соодветно законско регулирање, со што ќе се поттикне и приватната иницијатива и граѓанскиот сектор за активно вклучување во испораката на социјални услуги. Исто така, иако во Законот за социјална заштита веќе постојат можности за склучување на договори за обезбедување на социјални услуги од други субјекти, сепак ќе се преземат активности за утврдување на посеопфатен модел на социјални договори кои ќе опфатат поширок спектар на социјални услуги, со што ќе се поттикне плурализација на дејноста и ќе се отвори можноста за делегирање на социјалните услуги на надворешни обезбедувачи (невладини организации, приватни компании, физички лица итн.)

**Реализација**:

Планираната реформата на системот на социјалната заштита се насочува и кон активности за редизајнирање на системот на услуги во социјалната заштита, како и кон развивање на посеопфатен модел на лиценцирање и обезбедување на социјални услуги преку социјални договори со надворешни обезбедувачи (граѓански организации, приватни компании, физички лица итн.). Ова ќе овозможи зголемување на пристапот и опфатот на корисници со сервисите за социјална заштита.

Согласно овој стратешки документ, а како резултат на спроведувањето на планираните мерки и активности, се очекува до 2020 година опфатот на корисници на услугите за социјална заштита да се зголеми за 30%.

( види и 3.3.1.1. - Мерка а/ )

Во 2018 година започнати се и активности за подготовка на методологија на чинење на услуга, која треба да овозможи утврдување на цените на социјалните услуги, како и развој на системот на социјално договарање и обезбедување на услуги од надворешни спроведувачи – граѓански организации и приватен сектор.

| 3.3.3.1. Цел: Развој и унапредување на социјалните услуги и можностите за вклучување на различни субјекти во квалитетното и ефикасно обезбедување на социјални услуги во заедниците<br>**Мерка: б/ Промоција и развој на социјалното претприемништво** | Рок: 2020 | Буџет: 2,500,000 € |
|---|---|---|

**Опис:** Во Македонија концептот на социјално претприемништво сеуште не е соодветно уреден во правниот систем, иако важноста на концептот и придобивките се веќе препознаени и признати. Веќе се отпочнати активности за креирање на услови и средина за поттикнување и поддршка на развојот на социјални претпријатија и социјалното претприемништво, како значајна алатка во справувањето со социјалната исклученост, отворањето на нови работни места и испорачување на услуги наменети за најранливите категории на население. Се планира поддршка на развојот на социјални претпријатија, поттикнување на социјално одговорни претпријатија, поддршка на вклучувањето на граѓанските организации во оваа сфера, воспоставување и развој на центри/услуги за социјална и професионална (ре)интеграција, поддршка на директното креирање на работни места за лицата во неповолна ситуација. Во наредниот период ќе се работи на воспоставување на неопходната регулаторна рамка за социјалното претприемништво, вклучувајќи подготовка на посебен закон, како и доуредување на постоечки законски решенија доколку се утврди потреба (како на пример измени во законските одредби кои се однесуваат на работата на здруженијата на граѓани, на регулативата поврзана со вработувањето на лица со инвалидност итн.). Во тек е изработка на **Закон за социјално претприемништво**. Ќе се спроведуваат и активности за подигнување на свеста за социјалното претприемништво, утврдување на најсоодветни начини и инструменти (финансиски и други) за поддршка на социјалните претпријатија.

Развивање на сет на мерки за промоција и поддршка на социјалните бизниси кои ќе бидат поврзани со постоечките финансиски инструменти - микрокредити за самовработување, можност за поддршка преку активните мерки за вработување, олеснет пристап до јавните набавки од мал обем, мерки за пристап до информации, тренинзи и експертски совети за почеток и водење на социјални бизниси. Се планира и воспоставување на центри за поддршка на социјалното претприемништво и социјалните претпријатија, кои ќе нудат едукација, обуки и други видови на поддршка и услуги неопходни за воспоставување и функционирање на социјалните претпријатија. Реализирање на мерки за директна поддршка на социјални претпријатија преку обезбедување на соодветна експертиза и анализа на нивната работа, совети за отпочнување на бизнис, развивање на бизнис стратегија, неповратна финансиска помош, обезбедување на простор и опрема кои ќе можат да ги користат социјалните претприемачи итн.

Ќе се реализираат и обуки за стручните лица во релевантните институции (МТСП, МЕ, АВРМ, МФ и др.) за имплементирање на политиките за социјално претприемништво, земајќи го во предвид и искуството во оваа област од поширокиот регион и ЕУ земјите.

Значајна поддршка на планираните активности за развој и промовирање на социјалното претприемништво во Македонија ќе се обезбеди и преку ИПА II.

**Реализација**:

Во периодот од мај 2016 до ноември 2017 година се спроведуваше Проектот за „Поттикнување на социјалното претприемништво“ финансиран од страна на ЕУ (ИПА Компонента 4), кој имаше за цел да изгради еко-систем за развој на социјално претприемништво во државата, како и да обезбеди поддршка на веќе постојните социјални претпријатија за нивен раст. Во рамките на проектот зајакната е соработката помеѓу институциите и соработката помеѓу граѓанските организации преку формирање на мешовита работна група со цел разгледување и предлагање на политики за развој на овој сектор.

Зајакнати се капацитетите на финансиските институции за спецификите на социјалните претпријатија, како и за финансиските механизми кои постојат за нивна поддршка, а како резултат на тоа, август 2017 година овие мерки беа вклучени и во ревидираниот Оперативен план за активни програми и мерки за вработување 2017, и тоа како две специфични мерки: Мерка за поддршка на социјални претпријатија и Мерка за поттикнување на вработување во граѓански организации. Направена е мрежа на организации кои работат на полето на социјалното претприемништво и зајакнати се оперативните капацитети на 12 граѓански организации за управување на социјални претпријатија и истите добија грантови за поддршка на нивните бизниси. Со проектот подигната е свесноста за социјалното претприемништво кај државните органи, приватните компании, универзитети, граѓански организации и целата јавност. Зајакнати се капацитетите на младите студенти за социјално претприемништво преку организирање на недела на социјалните претприемачи на три универзитети во државата и преку имплементација на менторство на работно место за млади.

**Промени/корекции/евентуални одложувања/измена на приоритети:**

Првично беше планирано до крајот на 2017 година да се усвои и посебен Закон за социјално претприемништво, чија што подготовка беше и отпочната, но подоцна со широки консултации со сите заинтересирани страни (вклучително и стручната јавност и граѓанскиот сектор), се донесе одлука усвојувањето на законот да се пролонгира (одложи). Во меѓувреме интензивно се работи на воспоставување на поволни услови и еко-систем за развој на социјалното претприемништво и на изнаоѓање и имплементирање на најсоодветни форми и механизми за поддршка (финансиска и друга) на социјалните претпријатија. Искуствата од имплементацијата на овие мерки и механизми и од функционирањето на постоечките и новоформираните организации од оваа област, ќе бидат основа за идните политики и мерки за понатамошна промоција и развој на социјалното претприемништво во Република Македонија. Се планира да се подготви и стратешки документ за оваа област, во кој ќе се утврди и динамиката на носењето на соодветното законско решение за регулирање на оваа област.

| 3.3.3.1. Цел: Развој и унапредување на социјалните услуги и можностите за вклучување на различни субјекти во квалитетното и ефикасно обезбедување на социјални услуги во заедниците<br>**Мерка: в/ Развој на услугата за обезбедување на персонална асистенција за лицата со попреченост** | Рок: **2020** | Буџет: **300,000 €** |
|---|---|---|

**Опис:** Услугата за персонална асистенција за лицата со попреченост сеуште не е застапена и доволно развиена, поради што во наредниот период ќе се преземат активности за развој на одржлив модел на сервисот за персонална асистенција; ќе се направат потребните измени и дополнувања во Законот за социјална заштита кои ќе обезбедат соодветно финансирање на сервисот и обезбедување на квалитет на услугата. Се очекува со развојот на оваа нова услуга на персонална асистенција, да им се обезбеди значителна поддршка на лицата со попреченост и да се олесни нивното независно живеење и живеењето во заедницата. На почетокот услугата за персонална асистенција ќе се пилотира во 10 општини во државата, со опфат на околу 70 корисници, на кои ќе им се обезбедува помош и поддршка во извршување на активности од секојдневното живеење и активности поврзани со работата.

На среден рок ќе се работи на проширување на опсегот и опфатот на корисници на персонална асистенција во секојдневните активности и на работното место.

**Реализација**:

Бројни активности во овој дел се реализирани во рамки на имплементацијата на Проектот за “Унапредување на услугите за социјално вклучување”, финансиран од страна на Европската унија (ИПА Компонента 4), кој се спроведуваше до јули 2017 година.

Со проектот се поставени основите за воведување на услугите за професионална рехабилитација и персонална асистенција за лицата со попреченост во Република Македонија. Реализирани се подготвителните активности за воспоставување одржлив модел на персонална асистенција, се реализираше теренско истражување на потребата од оваа услуга, се работеше и на дефинирање на корисниците на личните асистенти и типовите на лична асистенција. Подготвена е програма за обука на персоналните асистенти, подготвен е план и промотивен материјал за подигнување на свеста, направена е оценка на финансиските и буџетските импликации за спроведување персоналните асистенти во Република Македонија.

Изготвени се предлози за неопходни измени во законската рамка за имплементација на услугата, развиени се стандарди, а извршено е и пилотирање на предложениот модел на

персонална асистенција. Извршена е и надградба на постоечката софтверска апликација за социјални услуги - ЛИРИКУС, со вклучување на соодветни модули за професионална рехабилитација и персонална асистенција.

Во рамки на Проектот вклучени во обуки за персонална асистенција беа околу 230 лица - професионалци од центрите за социјална работа, центри за вработување, дневните центри, од Министерството за труд и социјална политика, претставници од граѓанскиот сектор (релевантни невладини организации), како и лица кои беа вклучени во пилотирањето на предложениот модел на услугата на лична асистенција. Пилотирање на персоналната асистенција, од средина на мај до крај на јуни 2017 година, се спроведе од страна на два селектирани сервис провајдери (НВО) при што беа опфатени 67 лица со среден или висок степен на физички хендикеп во 8 општини: Струмица, Охрид, Битола, Велес, Куманово, Тетово, Кочани и Скопје.

* * *

Со цел да се придонесе кон независно и самостојно живеење, активно и рамноправно учество во заедницата и во општеството во целина, односно да им се помогне на лицата со попреченост во извршувањето на секојдневните лични и домашни работи, за учество во образованието и на пазарот на трудот, во 2017 година Министерството за труд и социјална политика работеше на подготовка на <u>Програма за персонална асистенција на лица со попреченост за 2018 година</u>, како нова услуга од социјална заштита - персонална асистенција која ќе ја користат лица со потешка и најтешка телесна попреченост и потполно слепи лица.
Во текот на годината (2018) Програмата ќе се пилотира во 7 општини во државата (Скопје, Куманово, Битола, Струмица, Струга, Гостивар и Неготино), а за нејзина операционализација Заводот за социјални дејности работеше на изготвување на стандарди за услугата персонална асистенција.

Програмата за персонална асистенција ќе започне со практична имплементација во јуни 2018 година, а во тек се обуки на лица кои сакаат да бидат асистенти, како и процес на лиценцирање на даватели на услугата од страна на граѓански организации.

| | Рок: | Буџет: |
|---|---|---|
| **3.3.3.1. Цел: Развој и унапредување на социјалните услуги и можностите за вклучување на различни субјекти во квалитетното и ефикасно обезбедување на социјални услуги во заедниците**<br>**Мерка: г/ Развој на услугата за професионална рехабилитација (вклучувајќи и психо-социјална рехабилитација/зајакнување)** | **2020** | **2,700,000 €** |

**Опис:** Во моментот во Македонија не е развиена услугата за професионална рехабилитација на лицата со попреченост. Во овој дел, се планира да се преземат активности за дизајнирање на стандарди за професионалната рехабилитација, да се развијат програми за професионално и работно оспособување на лицата со попреченост и истите (за почеток) да бидат тестирани во 10 селектирани дневни центри или организации кои ќе сакаат да ја испорачуваат услугата. Ќе се направат и измени и дополнувања во законската регулатива за да се овозможи финансирање и одржливост на услугата, со што би се стимулирала и приватната иницијатива и граѓанскиот сектор во испораката на овој вид на услуги. Планирано е да се развијат и програми за обука и сертифицирање за професионалните работници кои ќе ги обезбедуваат овие услуги.
Во наредниот период се планира и дополнително проширување на опфатот и разновидноста на услугите за рехабилитација за лица со различни типови на попреченост; ќе се работи на понатамошен развој и имплементирање на услуги на био-психолошка, социјална и професионална рехабилитација.

**Реализација**:
<u>( види и 3.3.2.1. - Мерка г/ и 3.3.2.1. - Мерка в/ )</u>
Во текот на 2017 година заврши имплементацијата на ЕУ (ИПА) проектот за „Унапредување на услугите за социјално вклучување“, во рамките на кој се изготвија предлог стандарди за професионална рехабилитација и предлози за нејзино воведување.
Како основа за развојот на професионална рехабилитација се користат искуствата и научените лекции и предлози од спроведените пилот програми за професионална рехабилитација и работно оспособување на лица со попреченост, пилотирани од страна на 9 сервис провајдери (граѓански организации, дневни центри за лица со посебни потреби, приватни компании, институции за социјална заштита, специјализирани училишта). Изготвен е предлог-Правилник и девет стандарди за професионална рехабилитација, развиени се пет програми за професионална рехабилитација фокусирани на лицата со инвалидност кои се во работен однос и на оние кои се во процес на барање работа. Исто така подготвена е и нацрт-Програма за обука од теорија до пракса со 21 модул и тренинг материјали за обука за работа со 5 категории на лица со инвалидност/попреченост (лица со оштетен слух, лица со интелектуална попреченост, лица со метални растројства, лица со оштетен вид и слепи лица и лица со физички хендикеп).

Спроведено е теренско истражување, а развиен е и посебен ИТ модул за професионална рехабилитација како дел од софтверот за евидентирање на корисниците на социјални услуги (ЛИРИКУС).

Министерството за труд и социјална политика, во соработка со УНДП, Општина Струмица и другите национални партнери, работеше на пилот проект за професионално ориентирана рехабилитација, кој беше директно насочен кон лицата со попреченост сместени во Јавната установа Завод за заштита и рехабилитација „Бања Банско" – Струмица, за нивно работно оспособување и вклучување на пазарот на трудот.

Во овој проект вкупно беа вклучени 23 лица за кои реномираната австриска компанија за рехабилитација ББРЗ, изготви индивидуални планови со кои беа трасирани личните афинитети, желби, способности на овие лица, но кои првенствено имаа за цел да ги зголеми нивните работни капацитети. Во активностите беа вклучени и 16 професионалци (од установата, од невладин сектор и др.) кои ја поминаа обуката за „*case management*" (менаџирање со случаи).

| | | |
|---|---|---|
| **3.3.3.1. Цел: Развој и унапредување на социјалните услуги и можностите за вклучување на различни субјекти во квалитетното и ефикасно обезбедување на социјални услуги во заедниците**<br>**Мерка: д/ Понатамошен развој и проширување на мрежата на постоечки услуги и алтернативни форми на грижа и заштита на специфични ранливи категории на граѓани** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**11,000,000 €** |

**Опис:** Иако во континуитет се работи на развивање на различните вонинституционалните форми на заштита на ранливите групи на граѓани (стари лица, деца/лица со попреченост, деца без родители и родителска грижа, деца на улица, деца во ризик, бездомници, жртви на насилство итн. и понатаму ќе се продолжи во овој правец. И во наредниот период се планира да продолжи промовирањето на згрижување во згрижувачки семејства, отворањето на повеќе дневни центри, мали групни домови, засолништа (шелтер центри) и слични алтернативни форми на грижа во повеќе општини во Република Македонија. Се планира отворање на дневни центри (ДЦ) за деца со попреченост, ДЦ за деца со аутизам, ДЦ за деца со даунов синдром, ДЦ за деца со оштетен вид, Дневни центри за рана интервенција (возраст 0-3), воспоставување на форми на услуги за поддршка на деца и млади во ризик со асоцијално однесување и олеснување на нивната социјална интеграција, ДЦ за возрасни лица со тешка и најтешка телесна попреченост, ДЦ за стари лица, ДЦ за бездомници, интервентни центри за бездомници во неколку општини, шелтер центри за жртви на семејно насилство и др.

**Реализација**:

- Во рамки на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на Град Скопје воспоставено е советувалиште за психо-социјална помош и поддршка за одделни групи на корисници:
  - *советувалишна работа со жртви на семејно насилство;*
  - *психо-социјален третман на сторители на семејно насилство;*
  - *советувалишна работа за деца и младинци со воспитно социјални проблеми;*
  - *советувалишна работа за нарушени партнерски, семејни и односи родители/деца;*
  - *советувалишна работа со идни родители;*
  - *советувалишна работа со лица со попреченост и нивните родители.* Услугите на Советувалиштето во текот на месецот ги користат просечно околу 105 корисници.

- Со цел обезбедување на соодветна заштита на бездомните лица, а во рамки на активностите за зголемување на опфатот на вонинституционалните форми на заштита, во ноември 2017 година, во соработка со Црвен Крст на Република Македонија, покрај воспоставениот пункт за интервентно сместување на бездомни лица во Скопје чиј капацитет беше проширен и сега изнесува 32 легла, отворени се уште три нови Регионални интервентни прифатилишта за бездомни лица и тоа во: Битола, Струмица и Струга со по 10 легла. Услугите во интервентните центри редовно ги користат околу 70 корисници.

- Со согласност од страна на Министерството за труд и социјална политика, во 2017 година воспоставен е шелтер-центар за згрижување на жртви на семејно насилство од ЛГБТ популацијата, кој е менаџиран од страна на невладина организација и чии услуги во текот на 2017 ги искористиле 7 лица.

- Во насока на проширување на мрежата на постоечки услуги и алтернативни форми на грижа и заштита на специфични ранливи категории на граѓани, успешно се реализираа

проекти од областа на социјалната заштита, финансиски поддржани од страна на Министерството за труд и социјална политика, а реализирани од страна на 7 избрани граѓански здруженија, и тоа во областа на:

- *давање специјализирани услуги за заштита на жртвите од семејно насилство (обезбедување пристап до безбедно сместување и привремен престој од 24 до 48 часа за жени-жртви на насилство и нивните деца, обезбедување пристап до безбедно сместување до 1 година во специјализирани женски засолништа за жени-жртви на насилство и нивните деца, како и обезбедување пристап до национална бесплатна СОС линија што овозможува поддршка и т.н. кризно советување, како и упатување до други директни услуги – советувалишта, полициска интервенција, согласно утврдените стандарди за специјализирани услуги за жртви на семејно насилство).*
- *реинтеграција на бездомни лица;*
- *зајакнување на животните вештини на децата во социјален ризик, со посебен акцент на деца кои употребуваат психоактивни супстанци и децата на родителите кои злоупотребуваат психоактивни супстанци;*
- *поддршка на Дневниот центар за децата со аутизам во Штип и*
- *поддршка на Дневни центри на деца на улица во Скопје.*

| | | |
|---|---|---|
| **3.3.3.1. Цел: Развој и унапредување на социјалните услуги и можностите за вклучување на различни субјекти во квалитетното и ефикасно обезбедување на социјални услуги во заедниците**<br>**Мерка: ѓ/ Развој на сервиси за помош и поддршка во домашни услови на стари лица и лица со попреченост** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**ИПА** |

**Опис:** Во наредниот период се планира да се посвети внимание на развој на сервиси за помош и поддршка на стари и инвалидни лица во домашни услови и тоа пред сѐ на локално ниво, со ангажирање на невладиниот сектор и приватни провајдери во давањето на вакви услуги за лица од ранливи категории, со претходно исполнување на одредени услови. Поддршка во развивањето на овие услуги се очекува да се обезбеди и преку инструментот ИПА, а дел од потребните средства да бидат покриени од страна на националните и/или локалните власти, со одредено финансиско учество и на самите корисници на услугите. Во ова област постои можност за обучување и работно ангажирање на корисници на СПП и останати тешко вработливи категории на граѓани, како би се воведе и развиле повеќе форми на заштита и услуги за старите и инвалидните лица, согласно нивните потреби, како нега во домашни услови, адаптација на домот, одржување на домот, воспоставување на алармни системи 24/7, привремена замена за семејна грижа и др.

**Реализација**:

Со финансиска поддршка преку ИПА (грантова шема) воспоставени се дополнителен сервиси за помош во домашни услови, кои функционираат во рамки на граѓански организации во форма на социјални претпријатија, во кои се работно ангажирани обучени лица од ранливите категории (пр. ангажирање на долгорочно невработени жени на возраст над 40 години во обезбедувањето на услуги за домашна нега на стари и изнемоштени лица; или ангажирање на невработени жени-Ромки за обезбедување на услуги на професионална палијативна грижа).

Исто така, со согласност од страна на Министерството за труд и социјална политика проширен е и капацитетот на воспоставените сервиси за помош во домашни услови и тоа за целата територија на Град Скопје.

Во насока на спроведување на наведените мерки се и активностите кои се однесуваат на воспоставувањето и развојот на услугите за персонална асистенција....
( види и 3.3.3.1. - Мерка в/ )

| | | |
|---|---|---|
| **3.3.3.1. Цел: Развој и унапредување на социјалните услуги и можностите за вклучување на различни субјекти во квалитетното и ефикасно обезбедување на социјални услуги во заедниците**<br>**Мерка: е/ Мерки за зголемување на капацитетите на установите за социјална заштита на стари лица, особено преку поттикнување на приватната иницијатива** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**ХХХ** |

**Опис:** Имајќи во предвид дека Република Македонија има значително понизок процент на капацитети за сместување на стари лица, во споредба со земјите членки на ЕУ, во изминатиот период воведени се поголем број (пакет) на поттикнувачки мерки за развој на оваа дејност, особено во однос на поттикнување на приватната иницијатива (продажба на неизградено државно земјиште со

почетна цена од 1евро за м$^2$, намалени комунални такси за градба за 95%, понуда на слободни локации и објекти од страна на ЕЛС наменети за изградба на домови за стари лица, поврзување со поволностите кои се нудат преку АВРМ при вработување на невработени лица итн.) Како резултат на овие мерки до крајот на 2015 година отворени се 17 приватни установи за стари лица, при што спроведувањето на овие мерки и нивно проширување ќе продолжи и во наредниот период. Како резултат на овие мерки во наредниот период се очекува да се отворат дополнителен број на домови за стари лица во повеќе општини низ државата, со што значително ќе се зголемат и капацитетите за сместување на овие лица

**Реализација**:

Како резултат на мерките за поттикнување на приватната иницијатива за сместување на стари лица, до крајот на 2017 година вкупниот број на отворени приватни установи за стари лица е 25, со вкупен капацитет за сместување од 847 легла.

### 3.3.4. Унапредување на социјалната инклузија на Ромите

| **3.3.4.1. Цел: Понатамошно унапредување на условите и квалитетот на живот, пристапот до услуги и социјалната инклузија на Ромите во РМ**<br>**Мерка: а/ Спроведување на мерки за подобрување на можностите за вработување и намалување на невработеноста на ромската заедница и зголемување на вклученоста на Ромите во различните активни програми и мерки за вработување** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**1,670,000 €** |
|---|---|---|

**Опис:** Мерки за зајакнато вклучување на Ромите во различните програми, мерки и услуги за вработување кои се имплементираат преку АВРМ со средства од Буџетот на РМ, од европските фондови (ИПА), поддршка од други меѓународни институции и донатори и сл. Обезбедување на бесплатно информирање на припадниците на Ромската заедница за расположливите услуги и мерки и за можностите за вработување, развивање на програми за професионално советување и програми за менторство за Ромите, спроведување на програми за професионално обучување на Роми за квалификации и занимања побарувани на пазарот на труд, други видови на обуки, развивање на програми за практикантство на Роми, вклучување на Роми во програми за самовработување, мерки за поддршка за вработување на Роми во централната државна и локалната јавна администрација. Се планираат мерки во делот на организирање на информативни средби на локално ниво со невработените Роми, споделување на информации на социјалните мрежи и web-портали за промоција на можностите за вработување, организирање на информативни средби со потенцијални работодавачи за нивно поттикнување да вработуваат Роми со користење на субвенционирано вработување и други мерки, спроведување на кампањи, информативни средби, споделување на информации и сл. за надминување на предизвиците, стереотипите и дискриминацијата со која се соочуваат Ромите во пристапот на пазарот на труд итн. Особено ќе се обрне внимание и во креирање и спроведување на специфични програми и мерки насочени кон жените-Ромки, како специфична категорија на лица кои се наоѓаат во особено неповолна положба и се соочуваат со бројни предизвици. Ќе се спроведуваат различни програми за обуки, стручно оспособување, описменување и/или дооформување на образование, подигнување на свеста, грантови шеми, различни други активни програми и мерки за вработување и вклучување на ромските жени на пазарот на труд, поддршка на еднаквите можности и недискриминацијата, поддршка на вклучувањето на пазарот на труд преку развој на претприемнички вештини, самовработување, социјално претприемништво итн.

**Реализација**:

Ромите, како особено значајна ранлива целна група, беа вклучени во имплементацијата на различните активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд, во согласност со Оперативниот план за 2017 година.

Согласно извештаите за реализираните активности за 2017 година, Ромите во активните програми и мерки за вработување најголем интерес имаа за Програмата за самовработување, во која аплицирале за учество 78 лица, а 16 лица основале сопствен бизнис. Во Програмата за Поддршка на растот на микро, мали и средни претпријатија за создавање на нови работни места за млади лица до 29 години – 10 млади лица Роми биле вработени. Голем интерес за учество невработените Роми пројавиле и во Програмите за работно ангажирање, како што е организирањето на Јавни работи, каде биле вклучени 76 лица од ромска националност или Програмата за општинско-корисна работа, каде 8 лица биле работно ангажирани. Во однос на обуките, 11 лица Роми биле вклучени во обуки за странски јазици, 14 лица биле вклучени во обуки за побарувани занимања, 8 биле вклучени во програмите за практиканство и 8 во Обука и советување за претприемништво за млади до 29 години.

Во делот на услугите кои ги обезбедува Агенцијата за вработување невработените Роми имаа можност да се вклучат во повеќе услуги. Најмногу лица беа вклучени во услугата Помош при барање работа (6,861 лице) во рамките на која невработените лица во центрите за вработување добиваа информирање и советување за слободните работни места, можностите за вработување, помош при пребарување на огласи, а беа учесници и во Инфо-средби за млади лица. Врз основа на профилирањето на нивната вработливост им беа изработувани Индивидуални планови за вработување (ИПВ) во кои добиваа помош при планирањето на активностите во процесот на активно барање работа.

Беа вклучени и во разни видови обуки за зајакнување на вештините за барање работа и успешно претставување на пазарот на трудот (вкупно 11 лица) а 105 Роми беа вклучени во мотивациски обуки, кои имаа за цел да ја зајакнат информираноста и мотивацијата на лицата активно да бараат работа, преку користење на активните програми и мерки за вработување и услугите кои ги обезбедува АВРМ.

57 лица беа вклучени во услугата Професионална ориентација и кариерно советување во која преку групно и индивидуално советување добиваа помош при планирањето на активностите за барање работа, вработување и планирање на кариерниот развој, а дел од невработените добиваа и едукација за користење на *on-line* услугите на АВРМ (41 лице). Невработените лица беа вклучени и во посредување при вработување, според доставените барања од работодавачите за обезбедување на соодветна работна сила.

419 невработени лица-Роми беа вклучени во Услугите за активирање на поединци изложени на ризик и 36 лица во Услугите за активирање на млади невработени лица. Во овие две услуги невработените лица беа информирани од страна на ментори и врз основа на проценката на нивните капацитети, беа насочувани да се вклучат во соодветни активни програми и мерки за вработување.

* * *

Значаен број на Роми исто така, беа вклучени и во реализацијата на поголем број на помали грант-проекти финансирани од страна на Европската унија и кои во изминатиот период (2016/2017 година) се спроведуваа во двете грантови шеми „*Поттикнување на социјалната инклузија*“ и „*Промовирање на социјалната инклузија на локално ниво*“ (вкупно 38 проекти) во рамките на ИПА Компонентата 4. Како пример, ќе ги наведеме Проектот за „Учество на жените-Роми на пазарот на труд“, каде што како целна група се појавуваат невработените Ромки и Ромки-претприемачки, проектот за „Подобрување на вработувањето на Ромите преку образование и обука“, „Платформата за претприемништво за економско и социјално вклучување на жените од малцинските групи“, проектот за „Еднакви можности за Ромките за учество на пазарот на трудот“, проектот за „Олеснување на интеграцијата на етничките заедници на пазарот на трудот“ (промотивни настани, кариерно советување, обуки и курсеви на млади лиза за вработливост, за претприемништво, креативни работилници итн.), потоа проектот „Обучи се, добиј поддршка, вработи се !“, проектот „Способни за иднината“ – насочен кон млади Роми кои не се вработени, ниту се во образование/обука (NEET), проектот за „Пристап на Ромите до (само)вработување“, проектот за „Развој на одржлив модел за можностите за вработување на Ромите“ и многу други

Со различните мерки, активности, услуги и интервенции во рамки на 38те грант-проекти беа опфатени вкупно околу 2,200 лица од Ромската заедница. Од нив 1,700 Роми беа вклучени во спроведувањето на 12 одделни грант-проекти кои беа специфично дизајнирани да обезбедат поддршка на интеграцијата на Ромите како специфична ранлива целна група (жени-Ромки, млади, невработени Роми итн.).
Во конкретни активни програми и мерки за вработување во рамки на овие проекти беа вклучени околу 560 Роми (во стручни обуки - 238, во програми за практикантство - 218, во мерки за поддршка на претприемништвото и самовработувањето - 105)

| | | |
|---|---|---|
| **3.3.4.1. Цел: Понатамошно унапредување на условите и квалитетот на живот, пристапот до услуги и социјалната инклузија на Ромите во РМ**<br>**Мерка: б/ Спроведување на мерки за подигнување на степенот на образование на Ромите и нивната вклученост во сите нивоа на образование** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**9,900,000 €** |

**Опис:** Спроведување на бројни мерки со кои ќе се овозможи подобрен пристап, поголема вклученост и успешно комплетирање во сите нивоа на образование – предучилишно, основно, средно, високо, како и образованието за возрасни на Ромите, особено на Ромските девојчиња и жени. Понатамошно спроведување на успешните програми за бесплатно вклучување на деца Роми од 3 до 5 години во предучилишно образование, зголемување на капацитетите за вклучување на деца Роми во предучилишно образование/градинка во Шуто Оризари (општина со доминантно ромско население), активности за обуки и јакнење на капацитетите на персоналот во градинките за спроведување на програмите за интеркултурно учење и за подигање на свеста на родителите Роми за важноста од предучилишното и останатите нивоа на образование за нивните деца преку организирање на средби со родители и нивно вклучување во управувачките тела на градинките/училиштата. Се планира воведување на образовни медијатори во училиштата (основни и средни) за учениците Роми и на туторска настава за учениците Роми кои покажуваат послаби резултати по одредени предмети, мерки (законски подзаконски акти и др. програми) за вклучување на децата Роми од улица во воспитно образовниот систем, спроведување на програми за условени парични трансфери, како стимул за редовно посетување на за ученици Роми во основно и во средно образование. Ќе се продолжи и со програмите за стипендирање на ученици Роми и останатите форми на дополнителна поддршка преку менторство и туторство; проширување на постоечките квоти за запишување на студенти Роми на државните факултети, обезбедување на стипендии и други форми на академска и дополнителна поддршка за студенти Роми. Активности за заштита од сегрегацијата и дискриминацијата на учениците Роми во образованието, а се планираат и активности за подобрување на квалитетот на податоците и информациите за возрасни Роми кои не комплетирале основно и средно образование и развивање на соодветни програми според клучните компетенции за докомплетирање на основно образование и сл.

**Реализација**:
Во однос на активностите за подобрување на опфатот на деца-Роми во предучилишно образование, Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Ромскиот едукативен фонд (РЕФ), веќе единаесет години по ред го имплементира проектот за „Инклузија на деца Роми во Јавните општински установи - детски градинки“. Вкупниот број на запишани деца во сите детски градинки во Република Македонија во учебната 2017/2018 година е 34,521 а од нив 718 или 2.07% се деца-Роми. Надвор од проектот, т.е. родители кои сами го покриваат престојот на своите деца градинка на ниво на Република Македонија, запишани се вкупно 204 деца.
Во текот на учебната 2017/2018 година, во рамките на Проектот опфатени се вкупно 510 деца во 19те градинки/општини. Од нив 260 се девојчиња. Во просек, редовноста на децата во градинка е околу 65%, а според проектната статистика, осипот на децата од градинка изнесува просечно 3.45%, при што може да се забележи поголемо осипување кај машките деца од 3.32%, додека кај девојчињата осипувањето е на ниво од 2.69%. Сите деца кои што посетуваат градинка редовно ги примиле вакцините.
Во рамки на овој проект, освен обврските кои ги превзема Министерството за труд и социјална политика административно и финансиски, исто така и сите вклучени детски градинки и

19-те општини поддржуваат престој за одреден број на деца-Роми во градинките, за што потпишуваат договор со МТСП. На тој начин, покрај Владата на Република Македонија и Локалната самоуправа ја покажува својата волја и подготвеност за придонес кон развојот на ромската заедница во Република Македонија.

За подобрување на условите за предучилишно згрижување и воспитување на деца-Роми во Шуто Оризари (општината со доминантно ромско население), со поддршка од страна на Владата на Норвешка и УНДП, отпочната е изградба на нова зграда за градинка, која ќе ја замени претходната уништена во пожар, и во која ќе им се обезбеди пристап до претшколско згрижување и образование на околу 200 деца од оваа општина. Изградбата се планира да биде реализирана до крајот на 2018 година.

Министерството за образование и наука преку Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците го објави конкурсот за привремено ангажирање на 20 Ромски Образовни Медијатори во 16 општини во Република Македонија. Оваа мерка е насочена кон подобрувањето на основното образование кај Ромите преку следење и евидентирање на нередовните ученици, слабите ученици, поддршка при реинтеграција во образовниот систем на децата-Роми на повратниците, подобрување на соработката помеѓу семејствата и училиштата итн.

За учебната 2017/18 година се доделени 736 стипендии за средношколци Роми кои учат во јавните и приватните средни училишта во Македонија. За поддршка на образованието на средношколците Роми ангажирани се вкупно 116 ментори/тутори.

| | | |
|---|---|---|
| **3.3.4.1. Цел: Понатамошно унапредување на условите и квалитетот на живот, пристапот до услуги и социјалната инклузија на Ромите во РМ**<br>**Мерка: в/ Спроведување на мерки за подобрување на квалитетот на домување на ромската заедница и подобрување на инфраструктурата во местата каде живее доминантно ромско население** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**8,000,000 €** |

**Опис:** Се планира спроведување на мерки за обезбедување на подобрени услови за живеење на ромските семејства преку инвестирање во инфраструктурни комунални проекти во општините и местата населени со претежно ромско население - изградба на канализација, изградба и реконструкција на улици/делови од улици во повеќе општини (Битола, Велес, Виница, Делчево, Кочани, Прилеп Штип, Скопје) и социјална инфраструктура. Активности за јакнење на капацитетите на претставниците на ЕЛС од соодветните општини за прашања поврзани со домување и урбан развој и изработка на проектно-техничка документација од областа на комуналната инфраструктура. Ќе се поддржи и легализација на ромските населби и домови, како и подготовка и имплементација на планови за заштита во случај на присилна евикција.
Обезбедување на социјално домување за Ромските семејства од социјално ранливите категории преку изградба на станбени згради и станбени единици во кои ќе се сместат и Ромски семејства (досега 2015 год, изградени се 14 станбени згради низ државата во повеќе градови, со вкупно 678 станбени единици, од кои 102 (15%) се наменети за Роми, а до 2020 се планира да се изградат уште 19 станбени згради со 1,063 станови); реновирање и реконструкција на домови во кои живеат Роми (во соработка со Хабитат Македонија и Хоризонти); активности за организирано и систематско регистрирање во Катастар на имотот во сопственост на Ромите, легализација на бесправно изградени објекти и обезбедување на имотни листови итн.)

**Реализација**:
Во 2016 година реализирани се 6 проекти од комуналната инфраструктура во населби со претежно Ромско население во 6 општини: Кочани, Прилеп, Велес, Виница, Делчево и Пехчево, со буџетски средства во износ од 6,198,022 денари од Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2016 година, како капитални дотации до единиците на локална самоуправа за поддршка на имплементација на проекти од комуналната инфраструктура.

Во 2017 година извршена е распределба на буџетски средства во износ од 8,000,000 денари од Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2017 година, за поддршка на имплементација на проекти од комуналната инфраструктура:

- на општина Кочани 3,000,000 ден. за асфалтирање на улицата Стамен Манов и изградба на два потпорни ѕидови на истата;
- на општина Битола 2,500,000 ден. за проекти од комуналната инфраструктура во населбите Баир 4 и Бадембалари 3 и
- на општина Прилеп 2,500,000 ден. за проекти од комуналната инфраструктура во населбата Три Багреми.

Во новоизградените до 2015 година 14 станбени згради со вкупно 678 социјални станови, во 2016 година извршена е распределба на уште 16 социјални станови наменети за Роми, или

вкупно 118 социјални станови (17.4%) се наменети за Роми.

Во 2017 завршени со изградба се уште 2 станбени згради со вкупно 53 социјални станови. Оглас за распределба на овие социјални станови се очекува да се објави во 2018 година.

| 3.3.4.1. Цел: Понатамошно унапредување на условите и квалитетот на живот, пристапот до услуги и социјалната инклузија на Ромите во РМ<br>**Мерка: г/ Спроведување на мерки за континуирано подобрување на здравствениот статус и пристапот до здравствена заштита за Ромите** | Рок:<br>2020 | Буџет:<br>750,000 € |
|---|---|---|

**Опис:** Во наредниот период се планира имплементација на повеќе програми и мерки за обезбедување на подобрен пристап на ромското население до интегрирани и квалитетни здравствени услуги и зголемување на видот и обемот на здравствените услуги во ромските заедници. Се планира спроведување на активности за подобрување на информираноста на ромското население за остварување на правото на здравствено осигурување и здравствена заштита, мерки за доближување на ромската заедница до примарната здравствена заштита. Доделување на финансиски стимулации на доктори на медицина од областа на гинекологијата и акушерството за вршење на примарна здравствена заштита во ромски средини и особено на подрачјето на општина Шуто Оризари, спроведување на теренски активности за превентивни прегледи во ромски населби, развивање на мерки за подобрување на пристапот до здравствена заштита на лица-Роми без регулиран статус и документи за лична идентификација. Продолжување со имплементација на проектот за "Ромски здравствени медијатори", проширување на мрежата на ромските здравствени медијатори, како и понатамошно јакнење на нивните капацитети. Поради идентификуваните слабости, ќе се преземат и мерки за понатамошно унапредување на системот на прибирање на релевантни статистички податоци и информации од работата на Ромските здравствени медијатори. Се планираат и активности за подигнување на свеста за потребата од имунизација на деца Роми, спроведување на едукативни работилници за родители Роми за вакцинација, преносливи и непреносливи болести кај децата, спроведување на теренски акции за идентификација на нередовно вакцинирани и невакцинирани деца Роми и нивно вакцинирање. Спроведување на мерки за подобрување на пристапот до информации за жени и мажи Роми за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје, информативни и едукативни активности за семејно планирање во ромските заедници итн. Информативни и друг вид на активности за намалување на појавата на дискриминација поврзана со користењето и пристапот на Ромите до здравствените услуги итн.

**Реализација**:
Во 2017 година во рамките на проектот за „Ромски здравствени медијатори" беа ангажирани десет ромски здравствени медијатори во девет општини: Шуто Оризари, Ѓорче Петров, Карпош, Гази Баба, Тетово, Гостивар, Штип, Кочани и Делчево. Во текот на годината медијаторите асистирале во остварувањето на правото на здравствено осигурување на 1,445 лица, како и на правото на избор на матичен лекар/гинеколог/стоматолог на 1,676 лица, извршиле едукативни советувања за здрави животни стилови на 3,527 лица.
Воедно, со теренските активности ромските здравствени медијатори откриле 1,447 невакцинирани или нередовно вакцинирани деца и ги упатиле во соодветните служби.

Во насока на јакнење на капацитетите на медијаторите, во 2017 година одржана е и обука за препознавање и постапување во случај на дискриминација.

Со цел обезбедување на континуирана гинеколошка здравствена заштита за жените од Општина Шуто Оризари, општина со мнозинско ромско население, во 2017 година е отворена гинеколошка ординација од примарна здравствена заштита. На овој начин се обезбеди трајно решение на долгогодишниот проблем со недостатокот од гинеколог во оваа општина.

### 3.3.5. Справување со клучните предизвици во делот на одржливоста на пензискиот систем

| | | |
|---|---|---|
| **3.3.5.1. Цел: Зајакнување на финансиската одржливост на пензискиот систем и унапредување на ефикасноста во остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување**<br>**Мерка: а/ Спроведување на анализа на системот на тековно финансирано пензиско и инвалидско осигурување и капитално финансирано пензиско осигурување (I и II столб) и детална анализа на структурата на членови во капиталното финансирано пензиско осигурување, од аспект на поволноста од членувањето во вториот пензиски столб според возраст и навршен пензиски стаж** | Рок:<br>**2018** | Буџет:<br>**XXX** |

**Опис:** Од 1 јануари 2006 година започна да се имплементира капиталното финансирано пензиско осигурување и дел од придонесот за пензиско и инвалидско осигурување да се издвојува во приватните пензиски фондови, при што задолжителни членови во вториот пензиски столб се осигурениците кои се прв пат вработени по 1.1.2003 година. По 10 години од имплементација на капитално финансираното пензиско осигурување, се појавува потребата од спроведување и изготвување на подетални анализи на постојното функционирање на пензискиот систем и за оправданоста за членство во вториот пензиски столб за повозрасните осигуреници, кои ќе понудат увид во состојбите и соодветни предлог решенија за подобрување и унапредување на системот, за натамошна промена на законската регулатива и правична распределба на осигурениците.

**Реализација**:
Анализата е подготвена во март 2018 година од страна на консултант ангажиран со техничка помош на Светска банка.
Анализата дава препораки и опции за надминување на проблемите со разликите на пензиите од прв столб, споредбено со пензиите од двостолбниот задолжителен пензиски систем. Истовремено, анализата нуди решенија и за други прашања со кои се подобрува финансиската стабилност на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Врз основа на оваа анализа, Министерството за труд и социјална политика ќе подготви законски решенија кои согласно Програмата за работа на Владата на РМ за 2018 година, треба да се достават до Владата на РМ до крајот на јуни 2018 година.

| | | |
|---|---|---|
| **3.3.5.1. Цел: Зајакнување на финансиската одржливост на пензискиот систем и унапредување на ефикасноста во остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување**<br>**Мерка: б/ Понатамошно унапредување на ефикасноста на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија** | Рок:<br>**2018** | Буџет:<br>**XXX** |

**Опис:** Збогатувајќи ги електронските услуги од 2015 година ФПИОМ започна со примена на функцијата за електронски пристап за увид во стажот на осигурување и платите за секој осигуреник по претходно добиена шифра и лозинка, а за понатамошно унапредување на пристапот, ќе се обезбеди и можност за електронско аплицирање за остварување на права од пензиското и инвалидското осигурување со користење на дигитален сертификат. Исто така ќе се продолжи и со активности за зајакнување на јавната свест за системот на пензиското и инвалидското осигурување, со посебен фокус на приватното пензиско штедење, преку пошироко едуцирање на јавноста за правата од пензиско и инвалидско осигурување, на ниво на целни групи со вклучување на сите засегнати институции, синдикати, работодавачи и невладиниот сектор.

**Реализација**:
Мерката на воведување на можноста за електронско аплицирање за увид во стажот на осигурување и платите за секој осигуреник и за остварување на права од пензиското и инвалидското осигурување со користење на дигитален сертификат е во постапка на анализа на техничката подготвеност на ФПИОМ за имплементација на истата.

**Промени/корекции/евентуални одложувања/измена на приоритети:**
Оваа конкретна мерка (за воведување на можноста за електронско аплицирање за увид во стажот на осигурување и платите за секој осигуреник и за остварување на права од пензиското и инвалидското осигурување со користење на дигитален сертификат) предвидена да се реализира до крајот на 2018 година, ќе се пролонгира за 2019 година, поради состојбите поврзани со техничката подготвеност на ФПИОМ.
Пошироката едукација на јавноста ќе се имплементира по донесување на законските измени за финансиската стабилност на ФПИОМ и двостолбниот пензиски систем.

**3.3.5.2. Цел: Воведување на нови можности за инвестирање на средствата од вториот и третиот пензиски столб, во согласност со пазарот на капитал и возрасната структура на членовите**

**Мерка: а/ Изготвување на Анализа на постојниот систем на инвестирање на средствата од вториот и третиот пензиски столб и Анализа на постојниот Закон за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капиталното финансирано пензиско осигурување**

Рок: **2019**

Буџет: **XXX**

**Опис:** Со анализите се очекува да се добијат информации за евентуалното воведување на нови можности за инвестирање на средствата од вториот и третиот пензиски столб со предлог решенија за воспоставување на инвестициски портфолија усогласени според ризикот на инвестирање, како и да се овозможи преглед на постојниот систем на исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано осигурување, со предлог решенија за промена на постојната законска регулатива и операционализација на центарот за котација и ануитетот како вид на исплата

**Реализација**:

Изготвувањето на анализа за воведување на инвестициски портфолија усогласени според ризикот на инвестирање на средствата од придонесот за капитално финансирано пензиско осигурување, е предвидено за 2019 година.

**3.3.5.3. Цел: Одржување на адекватноста на пензијата и заштита на стандардот на корисниците на пензија**

**Мерка: а/ Анализа на постојниот систем на правото на најнизок износ на пензија и спроведување на мерки за обезбедување на социјалната сигурност на пензионерите преку алтернативни мерки на заштита и подобрување на социјалниот стандард на оваа категорија на граѓани**

Рок: **2018/2020**

Буџет: **3,000,000 €**

**Опис:** Планираната анализа ќе ја изготви МТСП со експертска поддршка. Покрај тоа ќе се продолжи со спроведување на веќе утврдените, а ќе се работи и на изнаоѓање на нови алтернативни мерки и проекти за подобрување на социјалниот стандард, квалитетот на живот и подобреното социјално вклучување на корисниците на пензија (пр. проекти за бесплатен автобуски и железнички превоз, бесплатна бањско-климатска рекреација, бесплатен туристички викенд и сл.)

**Реализација**:

Во 2017 година бесплатна бањско-климатска рекреација користеле вкупно 5,147 пензионери, за што реализиран е буџет од 30,564,270 денари (околу 495,000€).

Во 2018 година продолжува проектот за бесплатна бањско-климатска рекреација. Критериум за користење на бесплатната бањско-климатска рекреација за оваа година е сите пензионери кои воопшто во претходните години не биле и/или немале право да ја користат оваа услуга/поволност, а предност имаат пензионерите со ниски пензии. Оваа година со овој проект се планира да се опфатат 5,500 пензионери и предвиден е буџет од 35,000,000 денари(околу 567,000€).

**3.3.5.3. Цел: Одржување на адекватноста на пензијата и заштита на стандардот на корисниците на пензија**

**Мерка: б/ Анализа на постојниот систем на пресметување на висината на пензијата**

Рок: **2018**

Буџет: **XXX**

**Опис:** Два фактора влијаат на определување на висината на пензијата и тоа навршениот стаж на осигурување и остварените плати, при што платите од поранешни години се валоризираат со коефициенти, според порастот на платите во годината пред остварување право на пензија. Должината на стажот на осигурување се изразува во процент којшто треба да е релевантен на стапката на која се плаќа придонесот за пензиско и инвалидско осигурување. Наведените параметри треба да се бидат предмет на анализа за определување на адекватен износ на пензија, која треба да ја направи МТСП во соработка со експертска помош во текот на 2018 година

**Реализација**:

Анализата е подготвена во март 2018 година и со неа се предлагаат и можни опции за усогласување на пензијата и за поврзување на износот/заменските стапки за определување на пензијата со платениот придонес за пензиско и инвалидско осигурување.

### 3.3.6. Справување со клучните предизвици во областа на здравствениот систем и здравствената заштита на населението

| 3.3.6.1. Цел: Унапредување на пристапот до здравствена заштита за сите граѓани, условите во здравството и квалитетот на здравствените услуги<br>**Мерка: а/ Продолжување со мерките за изградба, доградба и реконструкција на јавно здравствени објекти** | Рок: 2020 | Буџет: 176,000,000 € |
|---|---|---|

**Опис:** Ќе продолжат проектите за изградба и реконструкција на објекти на јавни здравствени установи, во функција на подобрување на условите во здравствениот сектор, заради обезбедување на подобра здравствена заштита на населението. Се разбира, во согласност со постоечката регулатива, при реализирањето на градежните активности ќе се води сметка за специфичните потребите за пристап во овие објекти кои ги имаат лицата со инвалидност. Во рамките на овие активности предвидена е изградба на нов клинички блок во Клиничкиот Центар „Мајка Тереза“ во Скопје, како и нова Клиничка болница во Штип која ќе обезбеди современи и квалитетни здравствени услуги за околу 200,000 граѓани од источниот и југоисточниот регион на државата. Предвидена е и реконструкција на Специјалната болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо“ во Охрид , Градската општа болница „8 Септември“ во Скопје, Општата болница - Струмица, Универзитетската клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски“ – Скопје. Сето ова ќе придонесе кон подобрување на опфатот и унапредување на условите за обезбедување на здравствена заштита во овие здравствени установи.

**Реализација**:

Во текот на годината продолжија активностите во делот на реконструкција и доградба на објектите на јавните здравствени установи (ЈЗУ) во Република Македонија, како дел од отпочнатите реформи во здравството, како и активностите насочени кон зголемување на ефикасноста на постоечката инфраструктура, опрема и квалитетот на услугите во здравствените објекти.

Постигнати резултати во 2017 година:

- во напредна фаза е реконструкцијата на Специјалната болница за ортопедија и трауматологија „Св.Еразмо" во Охрид. Реализираните средства во 2017 година се во вкупен износ од 76,706,901 денари (околу 1,245,000€);
- во напредна фаза е реконструкција на ЈЗУ Општа болница-Струмица, со реализирани средства во 2017 година во вкупен износ од 39.214.812 денари (636,000€);
- во тек е реконструкција на ЈЗУ Општа Градска Болница „Св. Наум Охридски" – Скопје. Реализирани средства во 2017 година во вкупен износ од 16.245.733 денари (263,000€);
- во напредна фаза е изведба на Бункер за линеарен акцелератор во Градската Општа болница „8 Септември“ во Скопје, реализирани средства во 2017 година во вкупен износ од 21,337,255 денари (346,000€);
- изведба на нов Клинички центар во Штип, со реализирани средства во 2017 година во износ од 219.069.132 денари (3,550,000€).

**Промени/корекции/евентуални одложувања/измена на приоритети:**

За понатамошниот тек на реализацијата на проектот „Изградба на нов Клиничкиот Центар во Скопје“, Владата на Република Македонија ќе донесе нова одлука.

| 3.3.6.1. Цел: Унапредување на пристапот до здравствена заштита за сите граѓани, условите во здравството и квалитетот на здравствените услуги<br>**Мерка: б/ Отворање и развивање на Центри за третман на специфични болести или состојби** | Рок: 2020 | Буџет: 3,000,000 € |
|---|---|---|

**Опис:** Оваа мерка е комплементарна со претходната и е во насока унапредување на здравствената заштита на пациентите со специфична болест или состојба и на лицата со посебни потреби. Се планира отворање на Регионални нефролошки пунктови за да се обезбеди поголема достапност на услугите, рано детектирање на болеста, подобрено здравје и елиминирање на потребата на пациентите да патуваат до Скопје; отворање на Регионални центри за мозочен удар во клиничките болници во Битола, Тетово и во Штип за да се постигне поголема достапност на населението до овој тип на здравствени услуги; отворање на Центар за рани во Геронтолошкиот Завод „13 Ноември“ како би се намалила оптовареноста на хируршките и интернистичките оддели и би се подобрил третманот на овие пациенти; развој на центар за трансплантација, лабораторија за трансплантација, активности за формирање на мрежа на донор координатори, едукација на кадар, креирање на електронски листи на чекање за трансплантација и електронски систем за алоцирање на органи, спроведување на кампања за органодарителство.
Се планира и отворање на Центар за аутизам во кој ќе се врши рана дијагностика и третман за лица од оваа ранлива категорија од страна на специјално обучени психолози и социјални работници, а за лицата со аутизам ќе се обезбеди третман преку мултидисциплинарен пристап, со претходна соодветна обука на мултидисциплинарните тимови

**Реализација**:
Министерството за здравство започна со активности за доделување на лиценци на здравствени установи за пресадување на крвотворни матични клетки, срце, панкреас, очни ткива, црн дроб и бели дробови.
Формирана е Стручна комисија од областа на трансплантација, како советодавно тело на министерот за здравство, во чија работа учествуваат претставници на специјалностите во чија област ќе се развива трансплантацијата.
Двајца специјалисти по анестезија кои работат во одделите за интензивно лекување, заврщија обука за трансплантација која се однесува на утврдување на мозочна смрт, со што се зајакнуваат стручните капацитети за развој на кадаверичната трансплантација, поточно за зголемување на бројот на дарители на органи и ткива.
Подготвен е и наскоро ќе биде ставен во функција посебен софтвер за следење на процесот на трансплантација, кој ќе ја содржи и Националната листа на чекање, со што дополнително ќе биде осигурен интегритетот на листата.
Потпишан е Протокол за соработка во областа на трансплантационата медицина помеѓу Министерството за здравство на Република Хрватска и Министерството за здравство на Република Македонија.

| **3.3.6.1. Цел: Унапредување на пристапот до здравствена заштита за сите граѓани, условите во здравството и квалитетот на здравствените услуги**<br>**Мерка: в/ Спроведување на мерки за подобрување на достапноста до здравствена заштита за одредени специфични ранливи групи – бремени жени и доенчиња, возрасни лица на возраст над 62 години, Роми[3] и други** | Рок:<br>**2020** | Буџет:<br>**1,600,000 €** |
|---|---|---|

**Опис:** Заради намалување на перинаталната и доенечката смртност ќе се продолжи со имплементација на Акцискиот план за зајакнување на неонаталните услуги кои ќе се организираат како регионален модел со најмалку три нивоа на нега, ќе се продолжи со активности за унапредување на здравјето на бремените жени преку обезбедување на бесплатни прегледи и породување за сите бремени жени, независно од статусот на здравствено осигурување, континуирано ќе се работи на воведување на методи и начини за рано дијагностицирање на одредени вродени аномалии. За унапредување на достапноста на здравствените услуги за лицата над 62/64 години се планира отворање на Центар за лица заболени од алцхајмер во Штип, во кој на пациентите со ова заболување ќе им биде овозможена медицинска грижа и рехабилитациона поддршка; потоа развој и отворање на нови регионални центри за палијативна грижа итн. Се планира и продолжување на активности за подобрување на здравјето и пристапот до здравствена заштита за Ромите, како специфична ранлива категорија на население.

**Реализација**:
Во 2017 година се продолжи со активностите за унапредување на здравјето на бремените жени преку обезбедување на бесплатни прегледи и породување за неосигурани бремени жени, преку Програма за активна здравствена заштита на мајки и деца на Министерство за здравство, односно преку Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Македонија за 2017 година за осигурени бремени жени и деца до едно-годишна возраст.
За овие активности во рамките на двете програми беа издвоени вкупно 45.380.000 денари (околу 735,500€)

( види и 3.3.4.1. - Мерка г/ )

[3] Подетални информации за планираните политики и мерки кои треба да допринесат да се зголеми пристапот до здравствена заштита и да се подобри здравствениот статус на припадниците на Ромската заедница, се прикажани погоре во делот *„Унапредување на социјалната инклузија на Ромите“*

| **3.3.6.1. Цел: Унапредување на пристапот до здравствена заштита за сите граѓани, условите во здравството и квалитетот на здравствените услуги**<br>**Мерка: г/ Унапредување и надградба на воспоставениот интегриран здравствен информатички систем „Мој Термин“** | Рок: 2020 | Буџет: 1,500,000 € |
|---|---|---|

**Опис:** Се планираат мерки за понатамошно подобрување, оптимизација и надградба со нови модули и функционалности, како на пример, со модул за скрининг на рак на грло на матка, како продолжување на успешно спроведениот модул за скрининг на рак на дојка, за водење на електронски здравствен картон и електронска мајчина книшка, модул за електронско пријавување на индивидуални евиденции во здравството и формирање на регистри во електронска форма, водење на електронски картон за имунизација, систем за следење и менаџирање на возилата на итна медицинска помош, систем за материјално и финансиско работење, систем за регистрација и евиденција на работно време во јавните здравствени установи и др.

**Реализација**:
Во 2017 година изработени се следните нови модули на интегрираниот здравствен информатички систем „Мој термин“:
- модул за електронско здравствено досие;
- електронска мајчина книшка;
- модул за електронско пријавување на индивидуални евиденции во здравството, во рамки на кој се изработени 18 индивидуални пријави и формирани се 4 регистри (дијабетес, хронична бубрежна болест, здравствени работници и здравствени установи);
- модул за електронско следење на имунизација. Во 2018 година се планира негова имплементација на терен;
- системот за регистрација и евиденција на работно време во јавните здравствени установи е изработен како посебно софтверско решение и во тек е негова имплементација на терен.

| **3.3.6.1. Цел: Унапредување на пристапот до здравствена заштита за сите граѓани, условите во здравството и квалитетот на здравствените услуги**<br>**Мерка: д/ Унапредување на системот за превенција и контрола на заразни болести.** | Рок: 2020 | Буџет: 2,500,000 € |
|---|---|---|

**Опис:** Со унапредување на системот за превенција и контрола на заразни болести ќе се обезбеди подобрување на капацитетите на здравствените установи за спроведување на мерките и активностите за превенција и контрола на заразни болести преку унапредување на системот за пријавување, прибирање на податоци и анализа на податоци, подобрување на биобезбедноста во јавните здравствени микробиолошки лаборатории и унапредување на националниот референтен систем на микробиолошки лаборатории, одржување на висока опфатеност на популацијата со задолжителна вакцинација, подигање на знаењата и вештините на вработените во ЈЗУ за интрахоспиталните инфекции и Анти-микробна резистенција (АМР)

**Реализација**:
Во октомври 2016 година од страна на експертски тим од Европскиот центар за контрола на болести и Европската комисија беше спроведена проценка на системот за заразни болести во Република Македонија.
По спроведената проценка доставен е Технички извештај од проценката, кој содржи препораки за секоја од областите во кој е вршена проценката. Во Министерство за здравство е формирана работна група која подготвува Акциски план по препораките од Техничкиот извештај.

| **3.3.6.2. Цел: Подобрување на стручноста и компетентноста на здравствените работници**<br>**Мерка: а/ Спроведување на различни форми на едукација на здравствени работници од Македонија во истакнати/познати здравствени установи во странство и воведување на нови методи/интервенции** | Рок: 2020 | Буџет: 1,300,000 € |
|---|---|---|

**Опис:** Преку програмата за едукација на здравствени работници ќе се обезбедуваат средства за обуки и усовршување на здравствени специјалисти вработени во јавните здравствените установи од секундарно и терциерно ниво, за примена на нови методи на дијагностика и третман на болести, за стекнување на најнови знаења и стручно оспособување и усовршување за примена на посложени интервенции од областа на кардиохирургија, торакална хирургија, дигестивна хирургија, васкуларна хирургија, неврохирургија, анестезиологија, гинекологија и акушерство, гастроентерохепатологија, офталмологија, оториноларингологија, ортопедија, трауматологија, неврологија, радиологија, урологија, дигестивна хирургија, педијатрија, неонаталогија. Обуките на медицинскиот кадар понатаму ќе

овозможат воведување на нови медицински дијагностички и терапевтски методи и интервенции кои досега воопшто не биле достапни во јавните здравствени установи, или нивно воведување во одредени здравствени установи каде досега не биле достапни. Со тоа ќе се зголеми опсегот и достапноста на здравствени услуги, нивно подобрување, како и целосно и ефикасно искористување на набавената опрема и обезбедување на дополнителни и поквалитетни услуги.

**Реализација**:

Преку програмата за едукација на здравствени работници во 2017 година, 133 здравствени работници од јавните здравствените установи од секундарно и терциерно ниво, биле пратени на едукација во истакнати медицински центри во странство.

**Промени/корекции/евентуални одложувања/измена на приоритети:**

Со Законот за изменување на Законот за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина („Службен весник на РМ“ 132/2017) престанува да важи обврската на Министерството за здравство за обезбедување на средства за едукација на 1,000 здравствени работници на годишно ниво. Обврската за едукација на здравствените работници во здравствени установи во странство е на самите здравствени установи, во согласност со нивните можности и буџет. Од тие причини оваа мерка нема да се спроведува согласно првичните планови, а и соодветно ќе се оцени можноста и потребата од следење и известување по однос на соодветниот индикатор за нејзино спроведување.